# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
од Седмото продолжение на Седумдесет и втората Седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 6 август 2004 година

Седница се одржа во сала 1 во Собранието на Република Македонија, со почеток во 10,00 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше г-динот Љупчо Јордановски, претседател на Собранието.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Дозволете ми во мое и ваше име да му го честитам роденденот на пратеникот Назми Беќири, поради што денеска е оправдано отсутен.

Продолжуваме со работа по Седумдесет и втората седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Петар Апостолов, Ангелка Пеева-Лауреничиќ, Зоран Крстевски, Мендиух Тачи, Али Ахмети, Љубе Бошковски, Љубчо Ѓеоргиевски, Петар Наумовски, Никола Груевски, Абдуладии Вејсели, Иван Стоиљковиќ, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Благодарение на новата технологија се најави и господинот Љубисав Иванов Ѕинго дека е отсутен.

Продолжуваме со расправата.

Има збор госпоѓата Ганка Самоиловска-Цветанова, а потоа нека се подготви пратеникот Сашко Кедев.

ГАНКА САМОИЛОВСКА-ЦВЕТАНОВА:

Почитувани пратеници, почитувани претставници на Владата,

Најнапред би сакала да ја изразам мојата благодарност до министерот за локална самоуправа кој ни ги испрати пропагандните материјали со слоганот “Децентрализација да одлучуваме за себе”. Навистина сметам дека тука некои ќе одлучуваат но исклучиво и само за себе и тоа нема да бидат граѓаните на Република Македонија, бидејќи со

нетранспаретниот начин на водење на преговорите и договорите апсолутно не беше земено во предвид ниту мислењето, ниту волјата на граѓаните, ниту пак мислењето на експертите и целокупната македонска јавност. Затоа сметма дека овој слоган навистина ги отсликува дословно состојбите во моментот и дека навистина некои ќе одлучуваат само за себе, а од друга страна сметам дека навистина слоганот е дури и ироничен.

Но, да се вратам на амандманите и да кажам зошто сметам дека општините Велешта, Деловожди, Лабуниште и Луково треба да продолжат да опстојуваат како самостојни општини, односно зошто сметам дека тие не треба да се припојуваат кон Струга, или уште поконкретно кажано зошто сметам дека Струга не само што треба туку мора да продолжи да опстојува во сегашните постоечки граници.

Да започнам со критериумите кои наводно ги дефинираше Владата и споре дкои наводно се прават прекројувањата на новите општински граници. Тоа беше економскиот критериум, демографскиот критериум за да подоцна слушнеме од Црвенковски дека тоа било наивно што се спомнува само економскиот и демографскиот критериум, потоа тој ни кажа дека има уште еден критериум, тој бил етничкиот критериум за да на крајот од долгите дискусии во собраниската расправа слушнеме и од министерот и од пратениците на парламентарното мнозинство дека всушност територијалната поделба на Република Македонија е всушност работа на политички договор и дека тука нема апсолутно ништо чудно што сето тоа е сведено на еден политички договор.

Укинувањето на општините Велешта, Делогожди, Лабуништа и Луково е резултат единствено на исполнување на етничкиот критериум. Значи апсолутно се занемарени и економскиот и демографскиот критериум и е резултат на спроведувањето и реализирањето на дел од политичкиот договор помеѓу коалициските партнери во Владата односно како резултат на договорот помеѓу СДСМ, ЛДП и ДУИ.

Позадината на овој, не би го нарекла политички договор, бидејќи политичкиот договор е навистина една посовршена и пософистицирана форма, мислам дека станува збор за нешто многу поприземно и затоа ќе си дозволам да кажам дека позадината на ова политичко пазарење е единствено со цел владеачката коалиција да остане на власт, што уште еднаш го потврдува фактот дека Владата нема однапред јасно утврдена

платформа според која ќе ги зацрта и ќе ги реализира своите програмски цели и уште еднаш се потврдува дека единствената платформа која таа ја има дефинирано, ја умее и ја спроведува е како по секоја цена да се одржи на власт, па макар цената овој пат била и поделба на Република Македонија.

Во оваа прилика би сакала да потсетам на едно политичко ветување дадено на стружани од страна на Црвенковски во текот на претседателската кампања кога тој на стружани им вети дека Струга ќе остане во постојните граници. Но, за ветувањата на Црвенковски толку бидејќи знаеме колку тој лесно ги дава и колку исполнува од нив и колку ги реализира. Ова ветување за Струга нема да биде ни прво ни последно, но веројатно неисполнувањето на ова ветување ќе биде со, долгорочно гледано, најштетни последици за Струга и за стружани. Сега откако политичкиот договор е направен, сега се реализира, гледаме денес господинот Црвенковски, целиот грин тим релаксирано ќе учествува на меч натпревар...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓо Самоиловска без спомнување на имиња, бидејќи вие направивте таков коментар пред два-три дена.

ГАНКА САМОИЛОВСКА-ЦВЕТАНОВА:

Се извинувам господине претседателе, не е тоа дел од амандманската расправа, но е жива вистина и не можев да не го кажев. Се извинувам, ќе се вратам веднаш на амандманите.

Зошто сметам дека општините Велешта, Лабуништа, Делогожда и Луково треба да останат во постојните општински граници, значи да продолжат да егзистираат како самостојни општини и зошто Струга треба да продолжи да опстојува во постојните граници.

Затоа што пред се не е испочитувана всушност целосно е игнорирана волјата и мислењето на граѓаните изразено и преку една демократска форма, а тоа е референдумот, затоа што е игнорирано мислењето на експертите. Струга треба да остане во постојните граници затоа што ќе ни се случи класично етничко чистење и

наместо да ја негуваме мултиетничката димензија која е суштината на Рамковниот договор ние со ваквиот начин на територијалната поделба на Република Македонија ќе доведеме до формирање на етнички чисти територии и општини.

Ваквото арогантно наметнување на решенија од страна на Владата наспроти мислењето и волјата на граѓаните и на експертите ќе резултира со ескалација на тензиите и ќе резултира со влошување на меѓуетничките односи, што всушност и го видовме деновиве во Струга и она што пред некој ден нам ни се случи во Чаир на Јаја Паша ќе биде дел од секојдневието кое што ќе го гледаме во иднина во Струга и во Кичево.

На крајот би сакала да завршам со еден цитат кој утрово го прочитав и се потсетив на истиот тој цитат кој своевремено јас го користев во колумната на Џејсон Нико во денешно Време во кој тој го цитира Али Ахмети со изјава дадена на 22 март 2001 година во Њу Свик, во која тој вели: “Нашата единствена цел е да ги отстраниме словенските сили од територијата што историски е албанска”.

Почитувани дами и господа, со големо жалење ќе констатирам дека се она што не беше реализирано со вооружениот конфликт во 2001 година денес на многу елегантен начин се реализира преку таканаречениот политички договор на владеачките партии, односно СДСМ, ЛДП и ДУИ.

Од тие причини ќе гласам за овој амандман односно ќе гласам за опстојувањето во постоечките граници на Велешта, Делогожди, Луково и Лабуниште со што ќе гласам за опстојувањето на Струга во постојните општински граници.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам госпоѓо Самоиловска.

За реплика се јави господинот Острени.

ГЗИМ ОСТРЕНИ:

Благодарам господине претседател,

Би реплицирал, бидејќи останаа неколку работи нејасни од дискусијата на госпоѓата. Таа вели дека не е почитувано мислењето на граѓаните и експертите. Тогаш кој го направил овој материјал ако не е тоа така.

Потоа, мисли дека овде има политички договор, а не критериуми кои што се предвидени и завршува дека целта на коалицијата е да остане на власт.

Јас мислам дека ова мислење навистина не држи затоа што ние територијалната организација не ја правиме врз основа на партиска припадност, туку врз основа на научни принципи. Ние не ги делиме според партиите за да останат на власт. Значи сувереноста е на народот и народот ќе види и ќе каже на кого ќе го даде својот глас на локалните избори или пак на парламентарните избори.

Не слушнавме ниту еден збор зошто да останат како општини Велешта, Лабуниште, иако таа рече дека треба да останат. Јас мислам дека нашите одлуки не треба да бидат ауторитативни или емотивни туку треба да бидат објаснети добро и да се засноваат врз аргументи.

За проблемот на референдумот не е добро секој дискутант да го каже тоа што го кажува. Референдумите беа еднонационални, но сакам да додадам нешто. На референдумот пасивно учествуваа и други граѓани и доколку го видиме тој број на територијата на општина Струга која се обидува така да остане тогаш референдумот сигурно ќе беше против старата општина. Не треба да се вреднуваат такви работи дека албанците се пасивни, дека се мирни, а другите, се извинувам, се извинувам до сите македонци доколку не се припадници на таа група, се обидуваат затворајќи ги границите, извикувајќи пароли и надвор од институциите на системот да ја постигнат таа територијална организација тие што ја бараат и што ја сакаат.

Ескалацијата на состојбата не е добра и не треба тука да се спомнува, затоа што навистина ги води или ги наведува сите граѓани да ги ескалираат работите што не им се допаѓаат.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ

Повелете госпоѓо Самоилвоска.

ГАНКА САМОИЛОВСКА-ЦВЕТАНОВА:

Почитуван колега мене ме прашувате кој го направи ова. Па, се знае кој го направи, иако целокупната јавност се прашува кој го направи и дали тоа слушнав заканувачки пораки во вашата реплика.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Бејта ако имате реплика повелете, имате три минути.

НЕВЗЕТ БЕЈТА:

Благодарам господине претседателе.

Ќе направам една реплика и тоа образложена на госпоѓа Ганка бидејќи таа има голем заборав во нејзиниот ум и вели дека овие измени не се случајни. Овие измени требаше да ги реализира минатата Влада на ВМРО-ДПМНЕ и ДПА, туку не знаеја како да го направат ова, бидејќи сеуште во нивните глави се оптоварени со национални предрасуди.

Овие измени се прават како обврска на Охридскиот договор, а ова е и уставна обврска.

Таа рече дека во Струга се врши класично чистење на Струга од страна на албанското население што не држи и не е вистина.

Сакам да и укажам дека Струга како град, мултинационален град не е познат само во нашата држава, туку е познат град и надвор од државата како меѓународен град со еден хетероген состав и има своја убавина како од материјален аспект така и од аспект на составот на населението.

Формирањето на етничките општини и укажувам на госпоѓа Ганка нека ми каже една урбана општина која е населена 100% со албанско население, да појдам од Струга, Кичево, Гостивар, Тетово и други места. Сите овие општини се со мешан етнички состав. Имаме општини каде што се мнозинство македонците, имаме општини каде што се мнозинство албанците. И во демократските избори врз основа на составот ќе се изберат и раководители на овие општини, затоа што граѓаните во почетокот на овој век бараат во нивните општини да се изберат заслужни граѓани за да работат во нивни интерес.

Госпоѓа Ганка вие во вашата душа имате една омраза врз албанците и овде говорите невистински работи за да сеете национална омраза помеѓу албанците и македонците. Едно такво нешто нема да остварите. Вие сакате да сеете и омраза овде, внатре, а такво нешто нема да се толерира бидејќи се занимаваме со политика. Вие ја

знаете вашата професија и продолжете во вашата професија и добро е што повеќе да свирите на вашата виолина за да бидете посмирени.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете една минута госпоѓо Самоиловска.

ГАНКА САМОИЛОВСКА-ЦВЕТАНОВА:

Една ваква дискусија односно реплика вон сите однесувања и критериуми не заслужува контра реплика, но јас би се осврнала само на апсурдноста на повикувањето на Рамковниот договор бидејќи Рамковниот договор најмногу се повикува партијата која го нема потпишано до сега Рамковниот договор и јас се прашувам зошто го немате потпишано Рамковниот договор ако толку се повикувате. Дали не го почитувате, или дали во догледно време кога ова ќе го реализирате ќе барате и нови отстапки.

И ако толку се повикувате на Рамковниот договор, суштината на Рамковниот договор е, јас пред малку кажав, негување на мултиетничката димензија во нашата држава. Ова што сега се прави е спротивно на рамковниот договор. Со оваа територијална, нераспределба, не централизација, поделба на Република Македонија ќе создадема етнички чисти територии.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Кедев, имате збор.

САШКО КЕДЕВ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Мојата дискусија во однос на поддршка на амандманот е тоа што ќе гласам за поддршка за опстанок на постојните единици на локална самоуправа Велешта, Делогожди, Лабуниште и Луково ќе се обидам да ја образложам со три точки.

Најпрво ќе се обидам да ја поврзам новата предлог територијална организација со приклучување на овие спомнати локални единици кон општината Струга и поврзаноста на ова поврзување со процесот на децентрализација.

Потоа ќе се обидам да го поврзам овој најсуров и еклатантен пример на кршење на принципите на децентрализација со основните принципи на Рамковниот договор и

Ќе се обидам да поврзам какви етнички импликации на соживотот во Струга и струшко и пошироко ќе има припојувањето на општините Велешта, Делогожди, Лабуниште и Луково.

Почитувани пратеници,

Припојувањето на наведените четири поединечни единици на локална самоуправа во Струга и овој Предлог-закон за територијална организација на локалната самоуправа, или поконкретно територијална поделба на Република Македонија нема ништо заедничко со процесот на децентрализација. Ова го слушавме повеќе пати деновиве и мислам дека е го слушаме уште многу пати. Овој Предлог-закон нема ништо заедничко со процесот на децентрализација.

Главната поддршка, меѓународна поддршка која што ја добива овој Предлпг-закон се однесува на процесот на децентрализација кој што воопшто не е спорен од никој во Република Македонија, ниту од страна на опозицијата, ниту од страна на домашната јавност, ниту од страна на меѓународната јавност. Значи треба јасно и гласно пред сите, пред македонската јавност да признаеме дека овој закон за територијална поделба нема ништо заедничко со процесот на децентрализација.

Кога ги цитираме меѓународните поддршки што доаѓаат од повеќе страни треба да кажеме дека таа меѓународна поддршка се однесува токму на процесот на децентрализација, а не на процесот на територијалната поделба на Република Македонија.

Во однос на овој Предлог на закон и неговата поврзаност со Рамковниот договор би потенцирал уште еднаш, тоа е повеќе пати кажано меѓутоа ќе биде повторено уште многу пати...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Кедев не е доволно на почеток да кажете дека во три точки ќе го поврзете амандманот. Вие почнавте општа расправа околу законот. Овде имате конкретен амандман и затоа зборувајте за конкретниот амандман.

САШКО КЕДЕВ:

Припојувањето на општините  Велешта, Делогожди, Лабуниште и Луково нема ништо заедничко со Рамковниот договор, со обврските од Рамковниот договор. Тоа е господине претседателе и тоа треба сите да го прифатиме за да биде јасно. Напротив, не само што нема ништо заедничко со Рамковниот договор, туку е против Рамковниот договор и против Уставот на Република Македонија.

Моето прашање е до кога парламентарното мнозинство преку проектите на Владата ќе го крши Уставот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Објаснете зошто нема врска со Рамковниот договор, а не да поставувате прашања зошо има врска со Рамковниот договор овој амандман.

САШКО КЕДЕВ:

Почитувам претседателе, мислам дека крајно време е да ги мобилизирате вашите повисоки сфери, интелектуални сфери кои што сум сигурен дека ги поседувате и да ги поврзете овие работи. Рамковниот договор со Велешта, Делогожда, Лабуништа и Луково и припојувањето кон Струга нема ништо заедничко бидејќи не само што нема заедничко, туку е против Уставот на Република Македонија. Кога велам дека парламентарното мнозинство го крши Уставот ќе кажам го крши Уставот, бидејќи во уставните амандмани произлезени од Рамковниот договор стои децидно дека нема територијално решавање на етнички прашања. Досега, ниеднаш од релеватните владини претставници од парламентарното мнозинство не слушнавме образложение на кој начин и како го поврзуваат Уставот на Република Македонија и уставните амандмани произлезени од Рамковниот договор, го поврзуваат со спојувањето на Велешта, Делогожди, Лабуништа и Луково кон Струга. И, не само дека го поврзуваат, туку и отворено кажуваат дека ова припојување е направено врз основа на етнички критериум Значи, имаме едно конкретно прашање до парламентарното мнозинство до претставниците на Владата и до сите подджувачи на овој срамен предлог Закон за територијална поделба на Република Македонија да одговорат на прашањето, тука се прозвани сите претставници на

парламентарното мнозинство, ќе имаат можност во репликата да одговорат на кој начин го образложуваат кршењето на Уставот на Република Македонија..

Едно потсетување, господине претседателе, последниот закон кој што исто така ова мнозинство се повикуваше на Рамковниот договор, кој што беше донесен во фаза на годишни одмори и помина многу тивко во нашата домашна јавност, тоа беше Законот за реформите за високо образование, кој што се директно поврзани со овој предлог амандман, беа против уставни. Тие се сеуште на Уставен суд. Дали треба да чекаме да носиме нови закони кои што ќе го кршат Уставот на Република Македонија, а нема да чекаме одговор на судските органи. Значи, од ова место инсистирам да добијам одговор и македонската јавност да добие одговор зошто парламентарното мнозинство продолжува да го крши Уставот на Република Македонија и зошто бара територијални решенија за етнички прашања. Ова е суштинско прашање од кое што очекувам многу реплики од наредните дискутанти, кои треба не овде, туку на македонската јавност да одговорат.

Понатаму, едно од исто така важните прашања, на кое што треба да одговорат претставниците на Владата и на парламентарното мнозинство, на кој начин сметаат дека ќе го подобрат соживотот во Струга со спојувањето на Велешта, Делогожди, Лабуниште и Луково. Дали и досега соживотот во Струга и во овие наведени четири единици на локална самоуправа не беше на задоволително ниво. Дали сметате дека соживотот во Кичево и кичевските околни рурални средини кои што се планираат да бидат припоени со Кичево немаа добар соживот или тоа беа единствените територии во Западниот дел на Република Македонија, кои заслужуваат респект од сите нас. Зашто, на тие простори од Република Македонија имавме типичен пример на квалитетен, коректен и достоинсветн соживот помеѓу сите граѓани кои живеат таму. Нели треба Владата на Република Македонија и парламентарното мнозинство да се запраша зошто доаѓа до влошување и создавање на искричења и потенцијални опасни ситуации во овој регион на етничка основа. Треба да знаат дека одговорноста е нивна. Не треба да ја бараат одговорноста ниту во некој кризен штаб на одредени градоначалници или одредени партии, кои немаат моќ да организираат такви протести, немаа моќ да го подигнат народот кој живее таму и немаат моќ да го мобилизираат граѓанството во Република Македонија. Ова е суштинско

прашање кое што треба да си го поставаат сите претставниците на Владата и на парламентарното мнозинство.

Да се вратам на конкретниот амандман. Почитувани пратеници, мислам дека не е дискутабилно дека Струга е бисер на Македонија. Бисер во културен, историски и од секаков аспект и дали со припојувњето на четирите рурални единци на локалната самоуправа, кои што во последните осум години бележат највисок напредок, дали со нивното припојување кон не би рекол само кон урбаната средина, туку кон тој бисер на Република Македонија, ќе придонесат за поинтензивно сјаење на тој бисер во Македонија и ќе го засенат тој македонски бисер, кој што им припаѓа на сите граѓани на Република Македонија поддеднакво. Нели сметаат дека со затемнувањето на тој бисер на Македонија, ќе го затемнат и охридскиот бисер. Бидејќи, Охридското Езеро и градот Охрид никогаш не може да се гледа одвоено од Струга. Охрид и Струга отсекогаш се поврзани еден со друг. Кога дискутираме за Струга и за околните четири рурални средини, кои што Владата сака да ги припои кон Струга, треба да мислиме и на Охрид, бидејќи иднината на Охрид, па би кажал и иднината на Македонија во многу зависи од начинот на кој што ќе се пристапи кон решавањето на територијалната граница на општината Струга.

Почитувани пратеници, уште еднаш би апелирал до сите кои што учествуват во процесот на одлучување, бидејќи Парламентот е вистинското место каде што претставниците на народот треба да гласаат во интерес на народот, во интерес на сите граѓани на Република Македонија. И, секој да си го постави прашањето дали припојувањето на четирите рурални единици на локалната самоуправа, кој што бележат исклучително квалитетен прогрес во квалитетот на практицирањето на животот во таа локална самоуправа, ќе го подобри нивниот квалитет на локално партиципирање на локалната самоуправа во тие четири рурални општини или ако може да се изразам рурализацијата на македонскиот бисер Струга ќе го затемни тој бисер на Македонија. Ви благодрам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Процедурално госпоѓа Петвора.

ЕЛЕОНОРА ПЕТРОВА-МИТЕВСКА:

Господине претседателе, ве молам да овозможите водење на амандманска расправа, а не предизборна кампања.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Добро, кога ќе зборува и позицијата, ќе го применам тоа правило исто така.

За реплика се јави господинот Јани Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Почитуван претседателе, прво се придружувам кон процедуралната забелешка од мојата колешка Елеонора. Доколку некој зборува со повисок тон, не значи дека треба да му дозволите да не зборува за амандманот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Затоа имате право на реплики и кажете го тоа што го мислите.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Би сакал да реплицирам во три точки.

Прво, апсолутно е неточно дека постои некаде во Уставот каде што пишува дека нема територијални решенија за етнички прашања. Не постои таков член и мислев дека само Деловникот не го имате прочитано, сега гледам дека ни Уставот не сте го прочитале а сте биле претендент да бидете претседател на оваа држава.

Второ, апсолутно тоа што го повторувате по сто пати и јас ќе го повторам по сто пати, апсолутно е погрешна тезата дека Охридскиот рамковен договор во него не е предвидена нова територијална организација и дека оваа територијална организација нема врска со Охридскиот рамковен договор. Апсолутно и по Охридскиот рамковен договор и со уставните измени е предвидено да се донесе нов закон за територијална организација да се земат резултатите од пописот, а да се потсетиме дека Охридскиот рамковен договор беше донесен за менаџирање на меѓуетничките односи во Македонија. И, неможете вие да ги избегнете етничките теми, доколку сакате да зборувате за имплементацијата на Охридскиот рамковен договор. Поддршката што сакате да ја пренасочите од Меѓународната заедница на 28 точки од дневниот ред, а не на првата, апсолутно исто е погрешна, се обидувате да направите некоја либи ситуација кога

гледате дека целата меѓународна заедница, сите институции релевантни, Европската комисија, Унијата, НАТО даваат поддршка на целиот пакет на закони за децентрализација.

И она што на крај сакам да го кажам, не можеме да се надеваме, значи, зборуваме за сите граѓани во Република Македонија, нема стабина и просперитетна Македонија која сака да биде во интерес на граѓаните и во интерес на сите нас членка на Европската Унија и НАТО, доколку политичарите, без разлика да се на власт или во опозија не веруваат во граѓаните. Колку е одговорноста на власта, толку е одговорноста на опозицијата, посебно на оние што претендираат да дојдат на власт, да се однесуваат одговорно и контрапродуктивно е да испраќаат негативни пораки или некои застрашувачки пораки на граѓаните на Струга и на другите граѓани во Македонија. Не чини кога политичари кои сакаат да дојдат на власт, не им веруваат на своите граѓани. И не е добро кога сеуште ги третирате како Македонче граѓаните, па со такви маици шетате по куќите на пратениците во Скопје.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Кедев имате една минута реплика.

САШКО КЕДЕВ:

Ви благодарам за репликата.

Најпрво би сакал уште еднаш да потенцирам, во вашата реплика вие добро кажавте дека не се придржувате кон основните начела на Рамковниот договор и тоа начела кои што не стојат формално не се напишани во Уставот.

Господине Макрадули, ако вие претендирате за одредени кандирања внатре во вашата партија, многу би било важно да се повлечете од вакви констатации, бидејќи ако не се придржувате до Рамковниот договор тоа значи дека имате друга агенда со вашиот коалиционен партер. Значи, нема територијални решенија за етнички прашања. Вие во вашата реплика одбивте основен принцип на Рамковниот договор. Тогаш во вашите наредни настапи би требало да потенцирате дека не се придржувата до основните начела на Рамковниот договор. Бгагодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Следниот за реплика е господинот Остерни. Повелете 3 минути. И да не се заблагодаруваме за репликиве.

ГЗИМ ОСТРЕНИ:

Ви благодарам господине претседател, Немам многу да кажам, само да нагласам нешто, затоа што господин Кедев не рече ништо. На почеток рече дека од оваа територијална организација ќе има етнички компликации од припојувањето на Велешта, Лабуништа со Струга, но не кажа какви компликации ќе има освен дека ќе се изгуби светлината на бисерот, мисли сигурно на езерото. Јас сакам да кажам дека со децентрализацвијата нема што да се децентрализират во Велешта, Делогожди, Лабуништа и Луково, освен приватни куќи кои што се веќе изградени и веќе се децентрализирани.

За кршењето на Уставот, би го замолил да се упати до Уставниот суд и сакам да кажам дека многу се зборува за кризни штабови. Јас би го прашал господинот врз основа на кои закони се формиран тие кризни штабови, кога нема земјотрес, поплави, нема пожари. Нема ниту еден елемент кој што дава можност да се формираат овие кризни штабови. Струга е бисер и ние не го негираме, туку сите се гордееме со Струга, но жалам што господинот мисли дека губењето на сјајот на овој бисер ќе се направи доколку се припојат, ако сака да го користат тој закон што го дал господ, а не господин Кедев и албанците кои што живеат во регионот на Струга. Тие се свесни сите за ова, не само албанците, туку и македонците, но и другите, останатите, бидејќи не би дозволиле, не би сакале да го користат сето она што го прави, туку она што колекторот околу Струга и Охрид, околу Охридското Езеро па се до Дебар ние знаеме дека тоа е бисер и сите ќе го зачуваме него. Би благодарам господине претседтел.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Кедев, имате една минута.

САШКО КЕДЕВ:

Господине Остроени, најпрво, би сакал да кажам дека припојувањето на овие четири рурални локални единици на самоуправа нема ништо заедничко со децентрализација. Тоа значи вистинска централизација на локалната власт.

Во однос на уставните кршења, би се навратил уште еднаш и би ве прашал вас, до каде е решението на кршењето на Уставот со промените на Законот за високо образование, бидејќи тој закон е даден во процедура на Уставен суд и сеуште немаме одговор. Значи, ова парламентарно мнозинство на неколку пати го кршеше Уставот и продолжува да ги крши принципите на Рамковниот договор, на кој што толку милозвучно се повикува.

Во однос на туристичкиот бисер на Струга, би поставил едно прашање. Кој туристички центар во светот  со децентрализација се припојуваат рурални општини. Јас не познавам ниту еден.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Кедев.

Повелете госпоѓо Топузова, имате три минути.

РОЗА ТОПУЗОВА КАРЕВСКА:

Почитуван господине Кедев, очекував од вас, бидејќи се декларирате како сериозен политичар, а и бевте кандидат за претседател на Република Македонија да излезете со поиздржана дискусија во одбрана на амандманот. Ме повикавте да ги употребиме интелектуалните потенцијали во нашите партии, но можевте истото и вие да го сторите, бидејќи вчера слушнавме, сепак од луѓе од вашата партија, како поитуваниот господин Ѓорчев, поиздржани дискусии, па можевте нешто да научите од нив. Но, сепак, јас би сакала да се задржам на она што се повикавте на Меѓународната заедница, би ве замолила да ги читате добро и да ги презентирате добро изјавите што стасуваат и сигналите што ги праќа Меѓународната заедница.

Во интерес на времето ќе прочитам само една реченица. Спроведувањето на пакетот на закони за децентрализација и новата територијална организација, повторувам господине Кедев, буквално е процес што ќе покаже дали Македонија ќе опстои, или ќе се

растури. Мислам дека ова не го разбирате и ве молам да не се повикувате на Уставниот суд и одлуките кој што тој треба да ги донесе, затоа што од оваа говорница, тоа е многу неумесно.

А што се однесува околу бисерот, точно е дека и Охрид и Струга се бисери на Република Македонија, но кога вие говорите за тоа и за нивниот сјај,мене ми се наметнува една латниска поговорка која нема да ја изговорам поради пристојност. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Кедев.

САШКО КЕДЕВ

Благодарам господине претседателе, почитуваната пратеничка би ја упатил на фактот, кога таа треба да ги застапува интересите на луѓето кој што ја избрале во овој парламентарен дом и дека јас за жал нема да ја натерам, почитуваната пратеничка да ја сака својата држава. Тоа е нешто, повисоко, тоа неможе да се научи.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Фазли Велиу. Имате три минути.

ФАЗЛИ ВЕЛИУ

Благодарам претседателе, немав намера да му реплецирам на Кедев, но начинот на неговиот говор ме потикна да земам збор. Тој говореше како пред Собранието надвор од највисоката државна институција, покрена неколку пати и ни намавна со прст дека пред јавноста се јавува со апели, додека не говореше за самиот себеси и говореше за бисерот на Струга.

Затоа јас сакам да му поставам некоку прашања. Дали сте го прочитале Рамковниот Охридски договор, дали знаете, како резултат на што е овој Охридски договор, дали знаете дека вие не сте изготвувач на овој договор, туку со големите историски настани во оваа земја се случи овој договор. Потоа кога и се обраќате на Владата, дали знаете дека оваа Влада е на Македонска држава, или на некоја друга држава и Вие сакате да дојдете на власт. Вие сте подготвени да го направите ова, бидејќи Вие не ги знаете јазиците на другите кој живеат овде и истовремено, вие

настојувавте да говорите за историја, за географија, после направивте еден осврт и го докажавте спротивното, велејќи дека чистотата е во Струга и на Охридското Езеро кои се само на македонците, а другите го валкаат ова, знаејќи дека сите сме го изградиле овој бисер, знаејќи дека овој бисер се држи само со мултиетичност и со сите оние кои доаѓаат од Балканот и од Европа и од светот за да го имаме убав овој поетски центар, па потоа да се вратат во нивните земји и да ја качат уште повисоко.

На крајот со Вашите апели со кој се обраќате до граѓаните, дали знаете дека ги потикнувате граѓаните за нови конфликти и дали знаете од друга страна дека граѓаните нема да ве слушаат веќе, бидејќи Вие работите против себеси и против тие кој раководат со оваа држава и против одбраната на оваа држава. Сакате да ги внесете во конфликт граѓаните да се убиваат, а вие да живеете во слобода. Вака се случувало со сите власти на оваа држава, тие кои се власт да живеат, додека другите, граѓаните да се убиваат меѓу себе.

Ние ова нема да го дозволиме и ќе ја браниме и Струга и оваа држава и граѓаните на оваа држава. Толку имам да кажам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Кедев, покрај вие што знаете да поставувате прашања, еве и некој друг ви поставува прашање.

САШКО КЕДЕВ

Ви благодарам, господине Велиу за Вашата реплика и уште еднаш ќе нагласам дека се уште не добив одговор на суштинското прашање.

Во Рамковниот договор стои дека нема територијални решавања за етничките прашања. Вие мислам дека на некој начин бевте инволвирани индиректно пред потпишувањето на Рамковниот договор и Вие би било подобро да одговорите на ова прашање. Значи очигледно, вие со самиот факт што не сте потписник на Рамковниот договор, мислите дека имате право да ги кршите тие принципи и начела. Во однос на етничката тензија, мислам дека одговорноста е Ваша и на Владата, бидејќи Вие го доведувате во прашање етничкиот соживот на териториите на Република Македонија каде што етничкиот соживот е на највисоко ниво. И дури сега гледаме дека се уште

постои максимален степен на кооперативност, толеранција и соживот меѓу сите граѓани на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Кондарко имате три минути

БОРИС КОНДАРКО

Господине Кедев Ве повикувам вас и вашата партија, пред се мислам на вашата политика, на вашиот концепт кој што го промовирате во бранењето на вашиот амандман за Струга, да се вратите во реалноста.

За ваша жал, реалноста не е онаква, каква што вие ја замислувате на вашите митинзи.

Во Струга господине Кедев живеат албанци, заедно со македонците и од кого вие сакате да ја штитите и да ја браните Струга. Демек се затскривате зад патриотизмот и бранењето на Струга, а всушност, вие не сакате да живеете со албанците. Тоа е пораката која ние денеска ја слушнавме од вас за амандманот за Струга. Тоа да го кажете на митинзите господине Кедев. Зошто не сакате да живеете со албанците. Околу Струга живеат албанци. Дали некој референдум по етничка основа значи решавање на проблемите. Зарем од Струга сакате да направите Косовска Митровица. Или зарем 2 или 3%, ако биле повеќе македонците или албанците, некој ќе се чуствува погордо и достоинтвено, или поубаво ќе живеат, тоа не е критериумот за подобар живот на граѓаните што живеат таму. Критериумот е почитувањето и довербата. Со ваква политика Вие не градите доверба, вие сеете национализам. Тие граѓани што живеат во Струга господине Кедев албанците господине Кедев се исто така наши граѓани. Не гледам од што се плашите вие. Од албанскиот јазик.? Затоа ви велам на почетокот и на крајот вратете се во реалноста. Во Република Македонија живеат граѓани албанци и тоа е реалноста. Ние треба да живееме со нив и да ја градиме оваа држава заеднички и да ги почитуваме нејзините закони и да ја сакаме подеднакво сите. Тоа е нашата политика господине Кедев. И за Струга и за Кичево и за Скопје.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Кедев, имате една минута.

САШКО КЕДЕВ

Благодарам претседателе, ваква реплика очекував од ДУИ, меѓутоа, вакво жолчно бранење на нивните партиски интереси, навистина ме изненадува. Господине Кондарко вас би ве прашал дали интересите на граѓаните на Република Македонија, или некои партиски интереси на вашите кооалициони партнери ги застапувате. Ако ги застапувате сите интереси на македонските граѓани и на албанци, и на турци и на роми и на власи и на срби, не би упатиле ваква реплика. За жал, кај вас би можел да констатирам дека љубовта према сопствениот народ, према сите граѓани од сите етнички заедници не се учи господине Кондарко. Или ја сакате државата, или не ја сакате. За жал, неможе некој да ве натера да ја сакате.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Почитувани пратеници ова е парламент политичка борба се води, немојте да губите нерви ве молам. Има реплика, се одговара на контра реплика, народот следи.

Повелете госпогице Грковска, имате три минути.

СЛАВИЦА ГРКОВСКА

Благодарам претседателе, господине Кедев во вашата дискусија најмалку по амандманот што е предложен некако го поврзавте амандманот со закнот за реформите во високото образовние и тврдите дека тој закон е неуставен, затоа што се уште се наоѓа во Уставен суд. Бидејќи ова прв пат ни го кажувате континуирана е вашата теза, многу ми е жал што се доведов во ситуација да ви објаснам на вас како колега пратеник и воедно на човек кој што бил кандидат за претседател на Република Македонија дека ако некој закон се наоѓа пред Уставен суд не значи дека е неуставен, се додека Уставниот суд не се произнесе за тоа, и дека никој, освен Уставниот суд нема право да се произнесе по такви права. Меѓутоа, не сме изненадени од вашата дискусија, вашата дискусија е очекувана, затоа што сметам дека основен услов да се има издржана и конструктивна дискусија да се има елементарни познавања за темата за која се зборува. За жал, тоа не беше случај.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повлете господине Кедев.

САШКО КЕДЕВ

Мислам дека парламентарното мнозинство треба секогаш да се потсетува дека го прекршува Уставот на Република Македонија, со тој закон за високото образование. Година дена, тој закон е на Уставен суд. Иако се залагаме за правна држава и ако ова Собрание работи во континуитет без годишен одмор на пратениците, треба да знаеме каква закони носиме. Се повикувате постојано на Рамковниот договор, го кршите Рамковниот договор. Се повикувате на уставот го кршите уставот. Велите нема етнички критериуми, нема да дозволиме етнички критериуми за територијална поделба а вашиот прв човек вели сигурно дека имаше етнички критериуми. Има сериозна ноегзистеност во парламентарното мнозинство и во Владата на Република Македонија на кој начин ќе ја води државата и каде ја води.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јавува господинот Хусеин  Хусеинџеват

ХУСЕИН ХУСЕИНЏЕВАТ

Јас мислам господине Кедев, дека нешто што било не природно, сега правиме да биде природно. Јас мислам дека роалните и урбаните краишта се една целина, како што би рекле дека се ена целина морето и реките, бидејќи реките не можат да се оделат од морето. Селата произлегуваат или одат кон градот и не може да се направи бидејќи сливот на реката ќе се исуши. Ова што го правиме ние е многу природно. Јас целосно разбирам дека вие поради политички реитинг може да предложите и безбедносна зона од околу 40 км,околу бисерот без албанци. Јас го разбирам сето ова. Вам ви треба вакво нешто.

Што се однесува до вашиот висок тон, и заканувачки кон нас и кон целото население во Македонија, ќе ви кажам само нешто, за да не правам од преводот превод, ќе ви кажам на македонски. За време на одржување на Струшките вечери на поезијата 1983-1984 година еден белградски новинар го праша славниот македонски писател Славко Јаневски, што мисли за ситуацијата во Косово, а бидејќи не добил очекуван

одговор, тој вака со висок тон му возврати: “вичите мало гласније” а Славко Јаневски рече: “кад вичем не мислим”. А незнам како вам ви успева да викате и да мислите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Следниот за збор се јави господинот Коце Трајановски а нека се подготви пратеникот Слободан Чашуле.

Повелете господине Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ

Благодарам претседателе, премногу е тажна за да биде смешно, би рекол на почетокот на мојата дискусија. Значи согласно на моето сценарио и редоследот на разгледувањето на амандманите во Собранието, мислам дека е добро што ги групиравме овие амандмани за Струга, бидејќи сега разгледуваме 7 амандмани и сметам дека во една дискусија, потсетив дека е потребно да се искажат ставовите на пратениците. Сега што предвидуваат овие амандмани. Значи овие амандмани предвидуваат општините Велешта, Делогожди, Лабуништа и Луково да останат како самостојни општини во рамките на единиците на локалната самоуправа во Република Македонија. Овие амандмани се поднесени од пратеници и од позицијата и од опозицијата.

Значи акоземеме да анализираме ќе видиме дека и пратениците од опозицијата кои што потикнуваат од овие населени места, значи од општината Струга, кои што го имаат добиено својот мандат од тие граѓани и останатите кој што сметаат дека проблемот е малку поширок од што се очекува од Република Македонија, значи ги имаат поднесено овие амандмани. Ние не сме се договарале, а тоа е случајно спонтано и тоа многу јасно зборува за издржаноста и за реалната потреба од поднесување на ваков тип на амандмани, со ваква содржина, со кои што овие општини ќе останат во постојните граници, или ќе останат, како што сега се предвидува тие да се укинат, тес. да останат како посебни единици на локална самоуправа.

Ако земеме да ги анализираме, значи во овие општини согласно бројот на жители, ќе видиме дека скоро сите со исклучок на Луково, го надминуваат цензусот од 5.000 жители. Инаку често спомнуваме општини кои што се испод 5.000 жители, па сепак се општини со новиот предлог на Владата. Значи не е тој доминантен предлог.

Исто така, ако јаземеме етничката структура на општините, две општини се со доминантно македонско население повеќе од 90%, тоа  се Лабуништа и Луково, две со доминантно население од албанската етничка заедница тоа се Велешта и Делогожде. Тие се повеќе од 99% . Значи концентрација на населението по општини е многу очигледно и видливо.

Што е проблемот? Проблемот е во тоа што овие општини сега се приклучуваат кон општина Струга и општина Струга која сега има скоро 37 илјади жители, значи може да се каже што е во градовите што може да се каже за градовите што се поголеми од општина Струга, со спојувањето на овие општини таа станува 65 илјади, скоро 66 илјади.

Се прашуваме, дали правиме централизација или децентрализација. Гледајќи и по бројот на жителите, огромен број на жители концентрираме во една единствена локална самоуправа, значи  централизираме, намалуваме број на општини и тоа е централизација и територијално ако гледаме една општина од површина многу помала колку што има сега Струга, веќе со дополнителните 4 општини ќе се зголеми и територијалната површина.

Јас ги избројав сите населени места кои би ги имале општината Струга кога ќе биде новоформирана со овие 4 општини произлегува дека ќе има околу 50-тина населени места или села кои сега ќе подпаднат под единствената единица на локална самоуправа, тоа е општина Струга, без иопштините. Се прашувам каква е таа децентрализација. Значи, ако имаме 52 недели во годината, ако ги исклучиме годишниот одмор кој има 4 недели помалку од 50 недели имаме во годината, а имаме повеќе од 50 населени места. Колку таа локална самоуправа до сите овие населени места на Струга ќе може да стигне, да биде блиску до нив, да ги види нивните проблеми, да ги решава нивните проблеми, очигледно настанува обратен процес. Секаде декларираме дека овој процес на децентрализација, меѓутоа, во Законот за територијална поделба, ние не го викаме организација, туку поделба, бидејќи е очигледно, настанува централизација.

За другите закони кои следуваат за финансирањето на единиците на локалната самоупрва, комуналните такси, административните такси, и сл., за делегирање на

надлежности во тој случај е во ред, тие навистина се спуштаат од државно ниво на локално ниво, меѓутоа, гледајќи ја постојната состојба, одредени општини ги губат постојните надлежности.

Ако појдеме од општините спрема државата, помалите општини се укинуваат, се оставаат надлежностите на поголемите, значи настанува централизација. Ако одиме од државата спрема помалите општини, застануваме некаде на средина и општините стануваат поголеми и практично тоа е некоја делумна централизација која сметаме дека само како изговор за да можат да се решат одредени политички и етнички проблеми.

Не би ги набројувал националностите кои живеат во сите овие општини, само грубо ги кажав, меѓутоа, за Струга, со оглед на тоа што сметам дека е проблематично што овие општини се припојуваат кон Струга, би сакал да напоменам дека моментално во Струга има 47,94% македонци, 41,54% албанци, 1,75% власи, 0,30% роми, 5,44% турци, и останати, мислам дека е могу мал процентот.

Ако зборуваме од етнички аспект Струга е веќе мултиетничка, со огромен процент на другото население кое не е македонско, кое е на заедницата која не е мнозинство во Република Македонија и одредени тези дека еве албанската етничка заедница живее во села, а македонците живеат во градовите, испаѓа дека не е точно. Скоро 42% од албанската етничка заедница живее во Струга и барем досега немало никакви проблеми во јавноста околу односите помеѓу етничките заедници во Струга.

Би напоменал дека од 1996 до 2004 година кога овие општини односно општината Струга се дели на 5 општини тука ќе го спомнам и Вевчани како петта општиа, која од 1996 година стана посебна општина, овие општини имаат напредок во својот развој во инфраструктура и што е многу значајно во привлекување на ивнестиции, подобрување на услови на живеење, поблиска локална самоуправа до граѓаните, до нивното место на живеење, често велиме дека во градот е бирократијата, сметам дека од 1996 година со правењето на повеќе општини во помали населени места, како што се Луково, Лабуниште, Делогожда, Велешта, Вевчани иако не е предмет на овој амандман, но ќе го спомнам во контест на Струга.

Значи, граѓаните од руралните делови почувствуваа дека можат сами да управуваат со себе, дека и тие од своите средини имаат градоначалници, имаат советници, имаат јавно комунално претпријатие, значи не се маргинализирани од градовите.

Јас често го спомнувам моето населено место, мојата општина Илинден, сметам дека својот процват навистина го доживеа од 1996 година наваму, не ги знам многу општините, морам да кажам, меѓутоа, морам да одам по критериуми и по аналогија, сметам дека нешто слично поради менталитетот на луѓето кои живеат во малите населени места, нешто слично е и таму.

Значи еден напредок, една развојна линија сега се прекинува. Повторно ќе спомнам дека се прекинува само од еден единствен критериум, а тоа е политичко етнички. Тоа значи решавање на етничките прашања со територијални поделби. Мислам дека ниту е време, ниту е начин за да се напрви ова, бидејќи сметам дека ќе го забави развојот во Република Македонија мислам на севкупниот развој и како критериум сметам дека е навистина поразителен.

Она што реков рурални со урбана средина веќе во ова што го презентирав сметам дека го искажав.

Она што зачудува ако тоа беше во првиот предлог, во првата фаза на законот уште повеќе зачудува втората фаза. Ние добивме еден сув закон.Тоа значи вака. Список на општини со список на населени места, без никакви податоци освен број на жители и структура по националност. Ако некој странец го земе ова и ако види кои податоци се внесени ќе се задржи на единствениот податок табелите со етничката структура на општините. Веднаш ќе му стане јасно дека практично ние решаваме етнички проблеми. Никаде не видовме друго. Ако сакаме некоја општина да укинеме и ја припоиме кон друга треба да кажеме во овој период додека и се даде мандат од 8 години не е направено тоа и тоа, се очекувало да се направи тоа и тоа и поради тоа оваа општина се укинува или се направени тие и тие работи пред 1996 година степенот на развој, на организираност, на условите на живот биле вакви, сега во овие населени места, на пример, се подобрени и поради тоа оваа општина останува и од економски и од било кој аспект. Ништо нема од

тоа. Се чудат и странците и сите меѓународни организации на ваквиот начин на предлагање на закон и сметам дека е навреда за пратениците, навреда за македонската јавност, бидејќи овој закон го разгледуваат и невладини организации и стручњаци и експерти од различни области.Евидентно беше меѓу првиот и вториот круг сите тие нивни негодувања, укажувања дека Владата треба да го корегира овој закон или да поднесе добри аргументи за неговата издржаност. Меѓутоа, Владата очигледно остана, да не речам глува, можеби е незгоден зборот, но воопшто не ги сослуша, не прати луѓе претставници од министерствата на овие здруженија кои имаат трибини, кои имаа расправи по ова и тоа беше многу јасно дека Владата се затвори во себе, а затворањето е единствен аспект немањето на критериум.

Зошто се применува селективен приод во Струга и Кичево околу окрупнувањето и на Струга и на Кичево. Во овие две општини сите приградски населби се припојуваат кон општините Струга или Кичево, додека во другите делови не е така. Остануваат општини кои и понатаму егзистираат, а се до големите градови. Значи, таму немало притисок, таму политичките или етничките парти не се заинтересирани за тоа, значи очигледно овој договор е направен кабинетски, направен е со договарањето на СДСМ ЛДП и ДУИ и очигледно на штета на македонскиот народ или воопшто на македонската заедница бидејќи со овој предлог особено Кичево и Струга се вознемири целокупната македонска јавост.

Сметам дека Владата треба да говлече овој предлог општина Струга да остане во постојните рамки заедно со приградските општини и со тоа да останат меѓуетничките односи на ниво на кое се, бидедејќи со овој предлог очигледно дека само ќе се влошат тие односи, како што се предвидува може да настане миграција на населението на македонците од Струга, што воопшто не би било добро, ниту за Македонија ниту за меѓународната заедница која се труди Република Македонија да ја извади од кризата и што побрзо влеземе во ЕУ. Меѓутоа, на ваков начин, сметам дека ќе ни се пролонгира или којзнае дали ќе влеземе во ЕУ, со оглед на тоа што последните месеци одеа најавите дека државите од Западниот Балкан, ќе треба уште долго, долго да чекаат.

Она што исто така е многу значајно што не се слушна гласот на народот, гласот на граѓаните, на оние на кои им се менуваат општинските граници. Оние што не бираа како пратеници, кога одевме на митинзи, па молевме за нивните гласови, кога ќе дојдеа изборите, еве сега кога сметаат дека се прави нешто неправедно, нешто за што не е даден мандатот, ниедна политичка партија кога испадна на последните избори не кажа дека ова ќе го прави, па да го добие мандатот, може би не знаеле дека тоа треба да се прави, но изгледа дека знаеле со оглед на тоа што велат дека е обврска од Рамковниот договор. Во тој случај требаше да се слушне гласот на народот искажан преку референдуми, значи, законски искажан и многу демократски искажан глас. За Струга е многу јасен пример од сите политички партии, независно на која политичка папртија припаѓаат дали е политичка партија на власт или не, би ги спомнал политичките партии од неалбанскиот блок. Значи, сите заедо се обединија за да Струга ја зачуваат во сопствените граници. Тоа е многу индикативно. Мислам дека некој треба навистина сериозно да се замисли што прави игнорирајќи го ваквиот глас на граѓаните од Струга. На овој референдум има излезено повеќе од 50% од населението, а сето она што велиме кои не се припадници на албанската заедница и со повеќе од 99% биле Струга да остане во рамките во кои е, т.е. да не се спојува со општините како што предлага Владата на Република Македонија. Дури се формира Здружението на отпорот, па имаше голем инцидент во Струга. Сето тоа јасно зборува за силината и желбата на граѓаните во Струга за да Струга остане во рамките во кои се наоѓа. Тоа е сосема природно. Природно е она што се има да се задржи, бидејќи се задоволни од својот начин на живеење, од етничките односи, од развојот, од уредувањето на Градот, од локалната самоуправа, независно од која политичка партија се.

На овој начин сметам дека правиме насилие врз народот, буквално ова е насилие, еве пак ќе има избори, јас незнам како ќе се појде пред тие луѓе, не би сакал да го злоупотребувам понатаму тоа, меѓутоа, мора, не треба, туку мора Владата да разговара со тие луѓе и сметам дека овој процес на децентрализација што како наводно се вели, требаше да трае малку подолго. Ако нас ЕУ, 10 години не испитува или 15-20 дали да влеземе во ЕУ, какви стабилности, какви односи имаме, ние навистина треба да имаме

временска компонента, од повеќе години во кои на еден голем град му додаваме 4 рурални општини од сите аспекти, од етнички, развоен, комунален, културен, етнолошки и било каков аспект. Тоа треба да се остави да преспие, тоа преспивање да не биде една ноќ, туку година, две, три, за да се создадат услови тоа да биде многу помирно, многупопридоно. Кај нас, она што Европа го решава за 10-тина години мислам на временски период на прилагодување, ние го правиме буквално за 10 дена.

Исто така би сакал да го искажам својот револт на начин на кој Владата ни ја предложи втората фаза сепак имавме од првата до втората фаза еден несреќен случај со загинувањето на претседателот на Република Македонија г-динот Борис Трајковски, меѓутоа, од почетокот па до средината на јули имаше едно интензивно преговарање, притисоци, уценување, претпоставувам меѓусебни, меѓу политичките партии од македонскиот и немакедонскиот блок се со цел (реагира претседателот) да се добие решение кое нам ни е презентирано и кажано дека за 10 дена треба да се изјасниме.

За сето ова не ни се даваат податоци. Да сме знаеле порано дека Велешта, Луково, Лабуништа, Делогожди, ќе бидат во рамките на Струга најверојатно сите би се подготвиле (реакција од страна на претседателот и пратениците) ќе зборувам за амандманот, не морам во секоја реченица да ги спомнувам, јасно е бидејќи се 7 амандмани, мислам дека нема да бидам многу долг.

Значи, не им се остави можност, на граѓаните на тие општини за да можат да направат контакти со Владата, и да се убедуваат меѓусебно.

На крајот би сакал да кажам пред Парламентот, а и надвор доколку опозицијата и народот се обиде да ги задржи постојните граници во тој случај веднаш се прогласуваме за националисти, веднаш се прогласуваме за луѓе што ги мразат албанците и се против нив, како да не живееме во реалноста, и како да сакаме да ги избркаме албанците. Тие живеат во Струга, како што кажав сега, се 40  и нешто проценти, немаат проблеми, туку ние се плашиме оваа промена какви последици ќе предизвика и со каква мотивација. Сметам дека е главна довербата која јтреба да се направи помеѓу жителите на овие општини и на градот Струга, мислам општо помеѓу овие две етнички заедници. Сведоци

сме дека и во блиско минато, еве го Арачиново има пратеници од изборната единица 2, тоа е етнички чисто.

Се извинувам, може би правам дигресија, но ќе ме предупредите, меѓутоа, ќе го спомнам тоа во врска со Рамковниот договор. Се вели дека се што се прави мора да го направиме, бидејќи е така предвидено и тоа ни е обврска од Рамковниот договор. Тоа воопшто не е обврска. Никаде не пишува дека Струга и Кичево треба да бидат уредени вака по Рамковниот договор. Таму пишува ревизија на општинските граници. Под таа ревизија не можеме да направиме тотално нова односно нов модел на територијална поделба, ова е тотално ново и сигурно ако тука беа луѓе кои преговарале, кои биле во преговорите околу Рамковниот договор ќе кажеа дека ова нема врска, тоа никој не го демантира од учесниците, барем од учесниците кои беа во тоа така што воопшто не треба да се задскриваме под Рамковнот договор, а ако сметаме дека со тоа ќе го купиме мирот во Република Македонија и тоа не е добро, тоа е веќе уцена, тоа е веќе закана поради која не треба да се отстапи.

Бидејќи, ако го земеме  Рамковниот договор таму многу јасно зборува, тоа многу често го кажувам и ќе го кажувам ннон стоп додека не биде, раселените сеуште не ги враќаме. И тоа не се враќаат Македонците , каде што се етнички во поголем број албанското население..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Трајановски сега ќе ве прекинам, вратете се на амандманот.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе.

Значи, има 7 амандмани претседателе, така што јас зборувам за довербата..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Вратете се на амандманот, прв пат.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Видете, можам ..

(реакции со дофирлање)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Вие, г-ѓо Елеонора Петрова ако не можете да издржите, излезете надвор и таму потрошете го времето ве молам. Од место не сакам дофрлување. Сите кои немаат нерви ова да го слушаат или не сакаат да го слушаат, нека излезат надвор, ќе ве повикам кога ќе се гласа.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе, бидејќи е навистина загрижувачко да доаѓаат такви муабети од првиот ред во тек на говор.

Значи, ние мораме вака да разговараме, затоа што еве го законот. Верувајте, ништо нема. Треба да ги прочитам само селата. Треба да ги прочитам општините и населените места и тоа е се.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ќе имаме расправа по текстот на законот и тогаш ќе можете да го спомнете сето ова што го кажавте а не е во врска со амандманот.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Зборувам за текстот, зошто во текстот на законот ништо неможам да најдам, освен..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Зборувајте за амандманот, ве молам.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Да, да, за амандманот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Е, па, да. Арачиново моментално не е во амандманот.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Амандманот е на текстот на законот претседателе. И, тоа сакав да го кажам.

Значи, на крајот, сепак би потенцирал дека ваквото решени ќе биде многу негативно и со многу последици за Република Македонија . Пред се ќе настане стагнација во развојот на сите овие приградски општини, ќе настане поголема концентралција во Градот Струга, може да настане и миграција на неалбанското население и затоа сметам

дека Владата треба да го повлече овој предлог и територијалната организација на Струга со петте општини, вклучително и Вевчанио што сега, за среќа, остана посебна општина, да останат посебни општини и другите општини што до сега егзистираат и со тоа сметам дек аво Република Македонија ќе има поголеми перспективи за развој.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Г-дине Јашари имате реплика?

Повелете.

АДНАН ЈАШАРИ:

Благодарам г-дине претседателе.

Во континуитет на претходниот говорник но и на дел на македонската опзиција, сакаат преку овој закон да манипулираат со јавноста. Не дека станува збор за централизација и за други работи, ќе се заложам да дадам образложение на г-динот Трајановски дека централизација и децентрализација се две форми на државно уредување. Знам дека не сте правник, сакам да ве информирам.

Централизацијата, како поим, подразбира централната власт, органи што се од државно ниво. Децентрализацијата подразбира нешто друго, значи на локално ниво. Дали е Струга единствена или ваква каква што има, локални органи, со самиот факт дека нема централни органи, станува збор за децентрализација.

На тоа ќе ви кажам и нешто друго. Децентрализацијата, како процес, не се остварува преку овој закон. Самиот факт дека станува збор за закон за територијална организација а не за децентрализација, децентрализацијата е остварена преку Законот за локална самоуправа. Преку овој закон се врши само територијална организација.

Второ, говорите за еден принцип, ја повторувате реченицата предвидена во точката 1.2. од основните принципи на Охридскиот договор. Нема етничко решение, територијално решени за етнички прашања.

Коце Трајановски, сакам да ве известам дека овој принцип е вклучен во таа точка и не случајно во основните принципи бидејќи преку овој принцип се обезбедува унитарниот

карактер на Македонската држава. Македонија не се федерализира со овој закон, туку се организира на териториjалне аспект. Струга не е држава. Нема државни органи. Ќе има локални органи.

Токму поради ова, ќе повторам уште еднаш, поради ова е предвидена оваа реченица во основните принципи. Нема територијалнорешение за етнички прашања. Значи, преку овој принцип се обезбедува унитарниот карактер. До колку размислувате дека преку ова се федерализира Република Македонија, кажете ми што е федерализација итн.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дина Трајановски, имате една минута, повелете.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе,

Сметам дека човек не треба да биде правник па да разбере што е централизација, што е децентрализација. Јас многу убаво го објаснив во мојот говор. Не би сакал повторно да го објаснувам.

Би кажал дека ова не е територијална организација, туку е територијална поделба. Дека, навистина, ова е решавање на етнички прашања со територијална организација.

Инаку, да не испадне случај, ние наместо  од Скопје до Охрид да одиме преку Кичево, да одиме преку Битола исто како што сега на пример од Скопје за Куманово не можеме да поминеме преку Арачиново или не оди народот преку Арачиново. Нека направат услов, можности, доверба за тоа да се оствари на едно помикро ниво и сосема е јасно дека никој ќе нема да мисли дека ова е решавање на етнички прашања. Во спротивно, сето она што се случи во пракса и на терен, како што кажа г-динот Кондарко “реалноста” одкако ние што ја гледаме, многу јасно зборува дека ова е решавање на ..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете г-дине Остреми, имате три минути.

ГЗИМ ОСТРЕНИ:

Благодарам г-дине претседател,

Во неколку кратки точки сакам да направам реплика на г-динот Трајановски.

Прво рече дека Лабуништа е со мнозинство македонци. Сакам да кажам дека има само 12.85 македонци муслимани, 55.23 албанци и останати. Потоа се спомнува зошто руралние општини треба да се припојат кон Струга, рече дека овие општини се села. Зошто селото Вишње е припоено, од највисоката планина, зошто едно друго село е припоено, значи треба да се исправат грешките за да не се поставуваат прашања зошто на друго место не е направеон нешто слично. Не е направено затоа што на други места е направено поинаку. Овде се собрани сите села со македонци во градот, а другите се отстранети. Во Кичево, во Струга, сега ние ја подобруваме, ја исправаме оваа грешка и мислам дека е една добра работа што се прави.

Сакам да спомнам дека г-динот Трајановски, но и останатите секогаш> поставуваат прашања доколку граѓанинот сака да ги задржи своите граници, што треба да направиме? Јас мислам дека, јас не сум претставник на целиот народ тука. Јас сум претставник на изборната единица број 6 и не на целиот народ кој живее во тој регион. Затоа би ги замолил пратениците да не го употребуваат зборот народ. Туку, да употребуваме избирачко тело, гласачко. Сите нити имаме исти гласови, ние овде што сме во Парламентот. Го прашувам г-динот Трајановски што ќе се случи доколку ние сите, како пратеници, политички партии ќе го повикаме народот на улица да решава за територијалната организација. Мислам дека само по себе се импонира заклучокот дека тогаш ќе имаме еден хаос, но не само во Македонија.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете, имате една минуте г-дине Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе.

На колегата Остреми би сакал да му реплицирам и да му кажам дека ако немаат аргументи, тогаш нека не ги напаѓаат нивните политички опоненти, да речам опозицијата.

Многу јасно г-динот Деребан кажа на почетокот, кога беше предложен законот, кога го прашаа дали ќе организирате, бидејќи тој е од ВМРО-ДПМНЕ, дали ќе организирате протести, тој рече не. На последните претседателски избори победи г-динот Црвенковски, народот го сака, гласаше за него и јас ќе се приклучам и мала група, до колку сакаат. И, во тие протести во Струга се обединија сите политички партии. Го подржаа народто што излезе на улица да го каже своето не ваквата територијална поделба на Струга со нејзиното окрупнување.

Според тоа, воопшто, ако се нема аргументи, нека не се трга вака со напади и квалификации на другите политички партии. Инаку, она што се однесува до селата, еве ви село Бродец, од Маврово се припои кон Гостивар, се знае со која причина.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Трајановски истече времето.

Повелете г-дине Чашуле имате збор.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Господо и покрај тоа што со претседателот на другарска основа, а и пред тоа на анегдотата на ценетиот пратеник се насмејавме, јас сепак имам впечаток дека мачната атмосфера во овој дом и надвор од него го достигнува своето дно. И, не можам да побегнам од впечатокот дека и јас, заедно со сите, носам одговорност за таквата атмосфера, за излеаната негативна енергија.

Мислам дека атмосферата овде и исцрпувањето на арсеналот на можните аргументи, квазиаргументи, навреди и ненавреди, ќе биде најмалиот аспект од колатералнаа штета кон која забрзано се движиме. И таа колатерална штета мене ме загрижува. Мислам дека штетата ќе биде поголема од она што сакаме да го постигнеме со овој закон, како дел на пакетот за децентрализација.

Во тоа име сакам да ви предложам нешто. Но, пред тоа, за да помогнам атмосферата да не зајде во уште подлабоки и понесакани нивоа, јавно кажувам дека како пратеник се заколнав да го спроведувам, тоа значи да го почутувам Уставот на Република Македонија . Јавно кажувам дека сметам оти Рамковниот договор е можниот инструмент за градење доверба и хармонизација на нарушените меѓуетнички односи во периодот

после кој тој произлезе као договор. Кога се преговараше за него, и тука сакам да ја нагласам мојата одговорност, на широко ниво, на сите ..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Чашуле, воведот беше доволен, повелете сега на амандманот.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Амандманот за кој станува збор и врз основа на кој сакам да го дадам следниот предлог е во многу тесна корелација со ова што го зборувам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Имаме ние расправа по текстот и таа е ..

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Не, ова не се работи за текстот, се работи за расправа по конкретниот амандман и ќе завршам со предлогот и тука ќе заврши и мојата дискусија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете по амандманот за Велешта, Делогожде, Лабуниште и Луково.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

По амандманот.

Ја носам одговорноста за Рамковниот договор, бидејќи кога преговараа сите партии, јас како претставник на една, затапена во Парламентот, учествував. Така што, г-до, овие три вредности што сметам дека ќе бидат главна каракеристика на Република Македонија  и нејзина предност, а се загрозени со атмосферата што ја создаваме околу овој закон, а особено околу овие три издвоени пунктови, од кои Струга и општините за кои што се залагам да не бидат во неа, еве го амандманот г-дине претседателе, можат да бидат предизивикувачот на колатералната штета од која се плашам.

Затоа, г-да, имаме во овој куп и му благодарам на министерот и на иницијаторите на идејата сите овие амандмани за Струга и селата околу Струга да се соберат, затоа што ни овозможија еден сеопфатен преглед и во тој преглед видовме дека поистоветуваат три мандмани, односно еден амандман произлегува од три различни групи на предлагачи. И тука јас гледам надеж дека ќе можеме да направиме крупен исчекор на случајот на амандманот за Струга во законот за територијална организација

што го гледаме како прв од пакетот за децентрализација, да ја отстраниме колатералната штета и навистина да тргнеме во саканиот правец.

Амандманот, спомнатите села да не бидат во состав на Струга, го предлагаат членови на СДСМ, на ЛДП, на ВМРО-ДПМНЕ и на опозицијата. Значи, на едно ниво е особено меѓу два одговорни потписници на Рамковниот договор, затоа ви кажав тие вредности пред тоа за да бидеме многу чисти е постигната согласност, барем фрагментарно, барем со еден дел пратеници дека може на Струга да направиме нов политички договор.

Јас сега ве повикувам на тој партиски договор, што , за неговата легитимност можеме да зборуваме, но за неговата оправданост, за неговите морални аспекти, за неговата политичност е друга тема и таа ќе ја водиме кога ќе дојде време за законот. Но, мислам дека сега, на тој договор со намера да направиме исчекор и да излеземе од овој ќорсокак, можеме овде да направиме јавен договор, ако веќе постојат пратеници од едната, другата и третата група, подготвени со амандмани, со одговорност и со потписи да верификуваат темел на еден договор, ве повикувам г-до од партиите што не се прклучиле кон ова, дајте во името на тој Устав над кој сите се заколнавме, дајте го името на тој ист Рамковен договор што треба да изгради доверба, дајте во името на таа иста мултикултура што ја сметам за темелник на Европска Македонија да го прифатиме овој амандман. Тоа е политички договор. На амандманот за невклучување на четирите села кон Струга овој Парламент може да покаже дека соодвествува со граѓаните што гласале за него. Јас ова ви го зборувам како пратеник избран од 5-тата изборна единица во која е Струга. Пратеник ви го зборува ова кој е обврзан со еден референдум. Пратеник кој е обврзан, како личност од една анкета што беше објавена вчера, каде што повторно гледам еден позитивен аспект, многу позитивен аспект во чие што име во случајот на Струга бара, ви предлагам, пледирам, ве молам да постигнеме политички договор.

Стружани, по повод фестивалот на Албанската заедница покажаа космополитизам од врвен вид. Ги прекинаа своите граѓански протести за да може тоа да се одржи. Во Анкетата по повод законот, во рамкие на кој што е и овој амандман за Струга, анкетираните кои се репрезентативен уренк, рекоа дека не се согласуваат, но се исто

така во своето мнозинство за граѓански отпор без протести и манифестации,без негативна енергија, без насилство. Па, јас мислам дека овие пораки треба да ги читаме вака, како инспирација да бидеме одгворни и овде да седнеме и да се договориме.

Направивте еден договор со Кичево. Значи, можно е. Дајте сега за да го сочуваме Рамковнито договор кој на случајот на Струга, како издвоен проблем или проблематизиран аспект на законот може да биде загрозен. И, еве , на случајот на Струга и на овој амандман ќе ви кажам како.

Овој амандман неомже да помине и покрај тоа што имаме пратеници од три политички партии, го подржуваат, бидејќи за него, за овој амандман, за исклучување на 4-тирите села од општина Струга треба да гласаат половината од пратениците на заениците застапени во овој Парламент. Според тоа, на овој амандман за четирите села на Струга може да дојде до израз повторно нешто што беше кажано вчера. А, тоа е блокада на политичкиот систем ако не успееме да постигнеме политички договор. И, тука е за мене најголемата вредност на Рамковниот договор. Да спречиме овој инструмент на хармонизација и на усогласување на етничките интереси да биде блокада што ќе генерира проблем.

Значи,овој амандман господа пратеници од заедниците без 50% од вашите гласови, не може да помине.

Сега овде се спомнаа аргументи за мене извонредно издржани како лингвист. Незнам од овој аспект многу, но ми звучат логично. Се кажаа и контра аргументи кои гледано од политички аспект исто така имаат своја логика и се валидни бидјеки ова е демократија. Во демократијата секогаш ќе има различни мислења и потреба од политички договор како што се појави потребата на политички договор на случајот на Законот за територијална организација во аспект на амандманот кој се однесува на Струга и на четирите села што треба да бидат исклучени. Според тоа, дајте да заборавиме на навредите, дајте да ја одложиме малку историјата station наназад за да можеме да гледаме напред, бидјеки колатералната штета ќе се случи, а штетите што ги имавме се случија и треба да бидеме дораснати на решенијата и да ги спроведуваме. Дајте, да не гледаме на можноста етничките заедници овој пат во интерес на соживотот и хармоничното градење

на РМ на случајот за Струга и на трите амандмана за издвојување на селата да го дадат својот глас за и од овде да излеземе макар со еден сигнал до Европската унија дека ете, на таа Струга која е извориште на македонската култура каде што се родени извонредни имиња, дури и првиот претседател на Парламентот, поети, како што знам дека се родени и создадени извонредни имиња на културата на албанската заедница која рамноправно со македонскиот народ живее во оваа држава и во таа Струга и во тие села. Дајте во името на позитивната енергија што и покрај сета ситуација и атмосфера што ја создаваме овде, и ни ја враќаат назад граѓаните и да постигнеме на ова договор. Тука ќе докажеме дека во тој Рамковен договор има можност, а ние сме политичарите кои можат тоа да го употребат и да излеземе со политички договор. Варијаитете на тој политички договор можат да бидат слични како за случајот на Струга и четирите села слични како оние за Кичево. И дајте да ги апстрахираме навистина за мене сватливите аспирации на луѓето од селата кои ги застапуваат пратеници избрани од таму. Јас немам зошто да не им верувам дека сите тие луѓе ќе сакаат да бидат прикрепени, мислат дека ќе добијат со тоа добро, ако се прикрепени на градска средина. Исто така, ги прифаќам и аргументите на експертите кои велат дека не е добро во оваа фаза на развој на македонското општество да се спојуваат рурални и урбани средини. И тие се валидни аргументи, но оставете ги на страна. Тие во овој момент не се проблемот. Верувајте ми, не е проблемот ни двојазичноста.

Јас испуштив на почетокот, ме прекина претседателот, во воведот да кажам дека јас немам против употребата на јазиците на заедниците кој е осведочен во Струга како втор државен јазик и во селата. Немам против тоа, тоа е дел од нашиот Устав и би било навистина неодговорно од мене како граѓанин и претставник, а јас г-дине Острени мислам дека сум избран иако со гласови на една политичка групација обврзан да ги застапувам сите граѓани од мојата изборна единица. Според тоа, повеќето од својата политичка дикција сакам да ја обратам и кон оние граѓани од селата околу Струга и во Струга кои не гласале за мене, да ги убедам дека навистина платформата, проектите, идејата што ја имам вреди утре на наредните избори да ми ги дадат гласовите мене. Тоа е демократија и тука ми се чини дека се разбираме. И затоа и јас упорно настојувам и покрај тоа што

понекогаш не ме разбирате, особено не ме разбирате кога сакам да зборувам за хармонизација на етничките односи и еве на примерот на овој навистина добар пример што го имаме пред нас како што е Струга и селата кое мислам дека е од интерес на сите заедници во РМ, особено на македонската и на албанската во овој момент треба да исчекаат едно подобро време.

И сега да ви кажам зошто мислам дека тоа е добро. На овој случај ќе докажеме дека Рамковниот договор е продуктивен, дека Бадинтеровото мнозинство може да даде позитивен резултат ако постои политичка свест и договор. И не велам дека тие што нема да гласаат за ова, не се политички свесни, туку имаат друго убедување. Мое е да ги убедам да не мислат така.

На случајот на Струга и на четирите села ќе покажеме дека сме во состојба да погледнеме подалеку и да ја видиме во иднина македонската мултикултура како извор на вредност на европските карактеристики на нашата држава. Мислам дека на случајот на исклучувањето на четирите села од Струга можеме да докажеме дека сме пратеници кои другите 28 закони потоа ќе ги усвојат брзо, ќе го спакуваме тоа и потоа ќе видиме како сето тоа ќе функционира. А како што го зедовме Кичево во рамките на партискиот договор кој јас сега сакам на случајот на Струга да стане јавен договор на сите застапници на граѓаните овде и на јавноста која преку сигналите од анкетите, од манифестациите, од исказите на разни невладини организации докажува дека кореспондира и на тој начин на примерот на Кичево и на примерот на Струга ќе можеме да видиме како законите за децентрализација со сите можни амандмани што ќе се прифатат, или не, ќе функционираат на овие два модела. И дали навистина ќе бидат функционални, а тоа ќе ни даде простор да размислуваме за натамошен развој на едно динамично општество заради тоа што верувајте ми господа најголемиот проблем што ќе произлезе од нашите недоразбирања е да сватиме дека тоа што е договорено е вечно и не е подложно на развој, нагласувам, развој. Развојот значи на него да се надоградува до онаа мерка до која сите граѓани на оваа држава и ова општество ќе се сметаат особено како што сметаат граѓаните на Струга и на селата дека треба да се развива нашава држава. Според тоа, мислам дека имаме шанса последниот аспект од негативната

колатерална штета која може да произлезе околу проблематизирањето на односите сврзани со законот и делот на Струга кој сега го гледаме како амандман за четирите села е фактот што почнавме околу одредени договорени уставни одредби пренесени од Рамковниот договор да се поларизираме и тоа се гледа на случајот на Струга и на селата евидентно. Ние имаме еден инструмент еминентно демократски на кој на пример една Швајцарија го темели сето свое законодавство како што е референдумот кој може во една своја лоша интерпретација, негативистичка интерпретација во однос на Струга и четирите села што не треба да се вклучат во неа, да биде инструментализиран во негативна конотација. Не. Дајте да ја прифатиме издвоената желба на еден дел од популацијата и со одлагање на размислувањето околу тоа каква треба да биде Струга, како што направивме со Кичево, да овозможиме со усвојувањето на овие три амандмана за кои зборувам во случајот на Струга да градиме соживот кој ќе се темели на позитивно сватени сигнали, бидејки верувајте ми, сигналите на недоразбирањата, на протестите можат да се сватат и негативно и тука ќе дојдеме до најстрашаната колатерална штета, а од тоа се плашам, нагласувам уште еднаш,не го сакам, не сакам тоа да се случи Рамковниот договор да биде генератор на нови недоразбирања. Тоа ниту на еден граѓанин на Македонија, без оглед на неговата национална и верска припадност не му одговара. Уште еднаш господа, ако постои веќе кореспонденција во предлозите меѓу три пратенички групи, дајте господа од заедниците застанете и вие јавно зад овој јавен политички договор за иднината на Македонија да го направиме компромисот и да почнеме позабрзано да чекориме кон Брисел и кон НАТО.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави г-динот Рафис Алити.

РАФИС АЛИТИ:

Ви благодарам господине претседател, ние уште еднаш слушнавме празни фрази кои што за цело време ги слушаме од пратеникот Слободан Чашуле. Така што има една народна изрека дека од добрите зборови сме сити, треба да правиме добри работи. По се изгледа дека оваа работа г-динот Чашуле ја заборава, мисли дека ако зборува добро, народот, или населението ќе му верува. Тој и неговите симпатизери треба да работат и

добри работи за да им веруваат и македонските граѓани и албанските граѓани и другите граѓани. Ова треба да биде девиза за иднината на Македонија, а не, ќе потенцирам, празни фрази кои што ги слушаме долго време од него и од останатите. Тој го спомнува Охридскиот договор неколку пати овде и вели дека не би сакал Охридскиот договор да биде генератор на криза во иднината, ќе предизвика проблеми во Република Македонија. Пред неколку месеци истиот изјави во медиумите дека Охридскиот договор не е тоа што ја решава иднината, или ја избира иднината, или соживотот во Македонија помеѓу заедниците и истиот рече дека треба да се донесе, да се постигне еден нов договор како Охридскиот меѓу етничките заедници во Македонија. Така што јас ќе го потсетам г-динот Чашуле дека договори не се прават тогаш кога сака г-динот Чашуле, или пак портпаролот на Третиот пат, г-динот Витанов, или некои други кои што го повикуваат населението, еве треба да постигнеме нов договор. Договорите се случуваат во историски моменти кога се случуваат. Но, тоа што цело време г-динот Чашуле се обиде да не убеди дека не е добро за РМ, не е добро за Струга и т.н. доколку оваа варијанта на законот за децентрализација се усвои од страна на Собранието и јас го мислам спротивното. Сакам да го потсетам дека претседателот на Струга е од нивна средина, од нивни редови, од ВМРО-ДПМНЕ. Тој беше избран и од гласовите на албанците и доколку работел добро, јас мислам дека повторно албанците ќе гласаат за него. Јас не гледам ништо лошо во тоа. Доколку г-динот Деребан работел добро, уште еднаш ќе побара глас од истите албанци, ќе ги добие. Но,доколку не работел добро, тогаш нема да ги добие.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Господине Алити,јас зборував конкретно и барав конкретно решение. А вие ми одговарате со една реторика која мислам дека требаше одамна да ја оставите. Вие ме напаѓате мене. Зошто не кажете зошто не би можеле да прифатите да се договориме за Струга, па еве со преодно решение како за Кичево до 2008 година. Нема потреба да се навредуваме. И нема потреба во мојата позитивна заложба постојано да наоѓате негативни конотации. Јас велам дека Рамковниот договор не е вечен и на него треба да изградиме развој, а тој развој ќе не доведе до нов историски договор, бидејќи ние сеуште немаме речено што сите заедно како граѓани сакаме од РМ . И додека тоа не го речеме,

ќе правиме крпеници. И тоа е тоа што загрозува, а не јас.  Јас никогаш никого во животот не сум го загрозил, а вие замислете се.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави г-динот Агим Џелили.

АГИМ ЏЕЛИЛИ:

Почитуван колега Чашуле, врз основа на вашата дискусија инсистирате, или нудите за албанците и другите да останат во руралните општини, значи, го фалите селото, додека го браните градот. Така што овие рурални општини воопшто да немаат можност да ги користат елементите на градот како што е Струга со целата своја инфраструктура. Овде не станува збор за дезинтегрирачки процеси, туку за интегрирачки процеси и воопшто не се однесува со етничката измена на граѓаните во Струга, или државни граници како што претендирате да ни кажете. Реалноста е во тоа дека овде сите ќе добијат. Нема да има граѓани од прв, или од втор ред, или граѓани привилегирани, или санкционирани граѓани. Сите заедно ќе имаат обврски и одговорност за да го вкусат сето тоа што го нуди градот Струга.

Во однос на компромисот, мислам дека поголем компромис е вие да не оставите да ја сносиме одговорноста за нашите одлуки во овој Парламент како парламентарно мнозинство.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Навистина е жално г-дине,изгледа не се разбираме. Јас навистина ќе направам напор да научам албански за да можам еднаш да допрам со мојата порака до вас, тоа ќе го сторам и веќе нешто знам. Но, тоа е моја работа.

Јас не реков, дали ќе им биде подобро, или не, јас не го оспорив правото, ако тие граѓани мислат дека треба да дојдат во Струга, да дојдат. Мислам дека други проблеми кои произлегуваат од ова решение се поважни.Јас не спомнав дезинтеграција, јас не спомнав држава, јас реков дека од овде од предлогот од сите нас тргна негативна енергија која треба да ја вратиме и да ја направиме позитивна. А тоа може кога имате две спротивставени мислења единствено да се помири со компромис. А ако сакате компромиси, ако некој направил, тоа направиле граѓаните на оваа држава. И никому

ништо нема да му фали ако не седне сега и не им рече на луѓето: ајде да го сочуваме ова вака, а ќе ги развиваме селата, градот таму да го однесеме. Селанецот живее од земјата, а не од асфалтот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Чашуле. Ги молам службите кога ќе речам, благодарам, веднаш да се исклучи говорницата напред.

СЛОБОДАН ЧШУЛЕ:

Госпдинот го спомна Деребан, а вие не го прекинавте.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас зборувам за минутата, затоа што сум принципиелен спрема сите. И затоа ги молам службите кога ќе речам, благодарам г-дине, да се исклучи микрофонот.

Господинот Фазли Велиу има реплика, три минути.

ФАЗЛИ ВЕЛИУ:

Господине претседател, незнам како е во Статутот, но сакам на репликата да не се контра реплицира од говорницата. Значи, тогаш да останам на самото место. Јас цело време го следам г-динот Чашуле. Г-динот Чашуле излегува само како еден дискутант кој што го кажува тоа, она што го мисли и тоа на начин, како плиток начин на македонскиот народ, како еден вид едукатор за новите генерации, на еден патирот кога станува збор за македонската страна, но тој патриотизмот треба да го искаже на дело и интернационален човек кој вели: немам ништо против двојазичноста.

Со самото тоа што ќе рече дека нема ништо, значи кажува дека има, нема потреба да го спомнува тоа. Тој ја спомнува позитивната енергија која ја прават самите стружани и тој е за позитивна енергија, но сакам да му кажам дека за таа позитивна енергија ние им испративме на стружаните порака, како и на Албанците така и на другите дека не губат ништо, туку дека добиваат, а тој зборува многу добро, и оди таму и ги поттикнува тие да дојдат во спротивност меѓусебе.

Мислам дека времето за тоа е поминато и доколку тој би бил во можност, јас сум убеден дека тој би го поделил и езерото, ние сме за да ја заштитиме, за да ја

одбраните Струга и ја браниме од Грците, Србите итн, а не од Албанците и од Македонците.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута господине Чашуле.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Не сум бил во Струга, не сум повикувал никого господине Велиу. Немам против употребата на втор службен јазик, еве ќе ви кажам по иљадити пат и не го кажувам она со задна намера. Езерото никогаш не сум го делел. Како министер за надворешни работи со ценатата колешка Арта Даде се договоривме на Албанија со водата од тоа наше езеро да и помогнеме по водотеците на Дрим за да во Кукс има вода во централата. Така што овие инсинуации не ви држат, мислев дека сте повозрасен како мене и дека ќе имаме едно разбирање.

Господа, во сите реплики не одговоривте на понудата, сте ли во состојба овде јавно да постигнеме политички договор и Струга да ја одложиме како Кичево до 2008 година и на неа да градиме модел. Тоа е предизвикот и на тоа се докажува и мојот и вашиот патриотизам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повеленте господине Даневски имате збор.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Господин претседателе, дами и господа пратеници,

Имаме еден амандман од група пратеници, и не е битно од кои пратеници е, мислам дека идејата е битна, се предлага Струга да остане во постоечките граници како општина, со тоа што и оние општини за кои не слушнавме аргумент ни повеќе ни помалку, општина Велешта, општина Делогожди, општина Лабуништа и општина Луково, мислам дека спориме тука како ќе им биде, дали подобро или полошо и повеќе терминолошки се занимаваме да преведеме или да докажеме што е тоа децентрализација.

Мислам дека еден колега пратеник албанец добро кажа и добро објасни што е децентрализација, дека ова всушност ако станува окрупнување значи нова централизација и сите во овој Парламент се согласуваме дека проблеми во општина Струга нема. Еве јас сум тој што е против двојазично Скопје, а немам никакво право, еве се залагам Струга да биде двојазична, што ги исполнува условите по еден природен пат. Но, сум против механички сега да ја правиме Струга од 36 илјади на 63 илјади.

Ова го зборувам не за пратениците албанци бидејќи тие имаат стратегија, имаат единство. Нема никаква разлика помеѓу ниеден пратеник од било која политичка партија, Албанец. Сите имаат иста стратегија, сите имаат единство. По основ на ова прашање нема што тука да дискутираме. Јас можам јавно да кажам дека се за големи пофалби. Знаат, луѓето се борат. Ова се однесува на нас Македонците. Ние за Струга правиме злочин. Ние правиме класичен злочин. Не може нас никој да не оправда утре, зборувам за нас македонските пратеници. Носиме одлуки кои не се во интерес на граѓаните во Струга. Зошто ние вака ги гледаме работите. Зошто од една средина која што е македонска, која што постои правиме да биде албанска. Зошто? Зошто не правиме обратно? На ова нема одговор. Мислам дека не може да ни простат идните генерации. Ние носиме голема одговорност, голема одговорност затоа што вршиме едно големо велепредавство на Струга.

Од типот на обвинувањата, си префрламе ние тука едни на други Македонците дека некој ги организирал граѓаните дека прави вештачки отпор. Ни случајно. Граѓаните на општина Струга се организираат сами. Се обидуваат на најдемократски начин да спасат ако може нешто да се спаси. Имаме класичен случај каде тројца луѓе се договориле и Струга ќе оди курбан затоа што е така договорено. Сега се поставува прашањето дали дел, а верувам и пратениците колеги од СДС се чесни 50% и не знаат за дилот што е направен. Не знаат и ден денеска да одговорат зошто поранешниот премиер отиде за претседател.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Даневски дискутирајте за амандманот, немојте да се грижите за СДСМ и за ЛДП, ве молам.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Се грижиме ние за СДСМ затоа што тие ја носат одговорноста, тие се тие што во оваа држава го имаат добиено гласот на народот и тие одлучуваат во името на народот. СДСМ е главниот политички фактор во оваа држава.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжете по амандманот, прв пат, ве молам.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Тие ја носат главната улога во оваа држава и многу ми е мене битно и на сите нас во Македонија кој ќе биде претседател на СДСМ, како ќе владее СДСМ затоа што дадено право и пренесено право, нема земено право. Ако сега ги искривиме работите во делот на Струга со приклучувањето правиме мамутска општина од околу 63 илјади која ќе биде во ранг на големите скопски општини, што правиме ние? Дали ние го почитуваме референдумот? Не го почитуваме. Дали ја почитуваме волјата на граѓаните на Струга? Не ја испочитувавме. Не ја испочитувавме Струга како град не е само град на поезијата, чуен град во целиот свет, градот на Миладиновци, град кој што со години покажувал како мултиетнички се живее, град кој носи позитивни белези, кој што покажал дека може да се живее и што е на самата точка на границата меѓу двете држави Македонија и Албанија. И, сега кога во еден град нема никакви проблеми, зошто ние правиме вештачки проблем. Зошто ние сега искористуваме некој договор, некој дил на штета на македонските граѓани, јас еве кажувам на штета на македонскиот народ.

Ова што го бараат албанците нема што да им замеруваме, се борат како лавови, нема што да им замериме, луѓето имаат стратегија и знаат и треба да учиме затоа што секој ден добиваме лекција од албанските политичари и тоа на еден многу убав софистициран начин, на еден перфиден начин ни кажуваат дека тоа е заложбата и дека тоа ќе го добијат и тоа чекор по чекор. Тие си ја остваруваат целта. Тоа дали го потпишале Рамковниот договор не е обврзувачката работа. Тие знаат. Оваа генерација на албански политичари ќе заврши тука до користење на сите максимални бенефиции од т.н. Рамковен договор. Следните ќе дојдат под друг мотив и ќе имаат други условувања,

затоа што ДУИ не го признава Рамковниот договор односно го признава, но не го потпишува.

Ние имаме обвинувања од граѓаните кои што живеат во општина Струга, ги обвинувавме дека тие се предавници, ги продаваат куќите и се иселуваат масовно од Струга. Не држат обвинувањата. Ние сега имаме шанса да ги заштитиме граѓаните, да ги заштитиме затоа што тие не заслужуваат да добиваат пендреци, гумени куршуми, шок бомби и не знам што. Тие се граѓани на оваа држава. Не смее да дозволи ниедна власт да си го тепа сопствениот народ. Треба да им даде да го изразат своето право на незадоволство. Незадоволството доаѓа и од редовите на членовите и симпатизерите на СДСМ и тие не се сложуваат, Општинската организација на СДСМ јавно кажа дека не се сложува со Централното раководство на партијата. Тоа беше еден голем сигнал, но во дадениот момент се нема сенс, се нема сенс да се направи оценка да се избалансираат работите. Која ќе биде штетата, дали ќе бидеме ние колатерална штета.

Дали е оваа генерација на политичари која нема слух да го слушне гласот на народот, а ние сме сите одговорни затоа што во изминатиот период имавме многу укажувања. Владата ќе каже да, ние испаѓаме со пилот проект, излегуваме со законски проект, ние му предлагаме на Парламентот. Парламентот е тој што ја носи конечната одлука. Ние сме последниот филтер. Ние пратениците ја носиме одговорноста. Владата или пратеник е предлагач, но ако се усвои било кој законски проект, ние ја носиме одговорноста за било кој законски проект. Што значин, нема неодговорни, позиција, опозиција. Сите сме одговорни во овој законодавен дом, затоа што сите ние сме избрани од граѓаните.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Колега Даневски мислам дека отидовте настрана од амандманот, ве молам ако можете по амандманот.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Па мислам дека многу не сум отишол, мислам дека се движам во границите на Република Македонија. Ништо не сум рекол ни за Европската унија, ни за Албанија, ни за Америка.

Во делот на она што секогаш слушавме од типот некој политичар кажал дека границата ќе биде зад Групчин и некој кажал дека еве ќе подига бетонски ѕидови.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Колега Даневски, колега Даневски, ако може за амандманите, амандманите се однесуваат на Струга и на струшкиот регион.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Пополека до амандманот. Ние сега со ова вршиме тивка федерализација и онаа замислена граница на т.н. Илирида континиурано се црта. Некој ќе каже дека зборувам националистички, не е така. Ќе видиме дека целиот овој договор и ова што се прави како компромис ќе видиме дека дури не е битна ни Струга ни Кичево, ќе видиме дека главната поента е градот Скопје затоа што наведува на размислување зошто да би се добило двојазижно Скопје, не е тоа поентата. Не е тоа поентата, тоа ќе се добие, постои уште поголем страв за вас затоа што со приклучување на Сарај и Кондово ќе имаме механички прилив и ќе имаме механичка градба.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Даневски, јас ве молам ќе има расправа.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Скопје ќе биде 50:50%, запаметете што ви кажува Слободан Даневски, затоа што сум зборувал многу пати за ова. Кога сум зборувал дека ќе се зборува со слушалки тука на говорница, ме обвинуваа овој зборува глупости, еве се зборува со слушалки. Албанските политичари знаат што сакаат.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Даневски, јас ве молам ако можете сепак по амандамните. Сепак ова е амандманска расправа, ве молам.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Еве деновиве слушаме, нема сенс, зборуваме за Струга на која механички и се приклучуваат уште 4 општини, дека Струга ќе биде 66 или 63 илјади жители. Мислам дека треба да се има сенс, да се чуе расположението. Ако зборуваме дека зборуваме за свој живот, за толеранција и ако сега сакакме да му удоволиме на еден етникум или ако

сакаме да им удоволиме на Албанците, а од друга страна правиме еден голем револт на Македонците, затоа што анкетите укажуваат дека 92% Македонците ширум Македонија се незадоволни. 92%, ако имаме анкета, ако е валидна, 77% Албанците се за оваа територијална поделба или распределба, како ќе ја кажеме.

Она што нас не обврзува во Парламентот при носење на овој закон за децентрализација кој наидува на голем позитивен импулс и од Меѓународната заедница и од сите политички партии кои се во Парламентот дека треба да се донесе законот за децентрализација, постои како обврска од Рамковниот договор, но не стои дека треба да се делат и по механички пат да правиме мамутски или да уништуваме општини. Тоа не е децентрализација. Децентрализација знаеме што е, да не се повторувам, имавме толкување од еден пратник кој кажа пренесувањето на ингеренциите и давањето на поголеми права на општинските раководства, на советите и давање сигурни извори на финансирање, тоа е класичната децентрализација. Тоа е она што го бара Европа. Пренесување на оние права од централната на локалната власт заради полесно функционирање на локалната власт. Што значи, граѓаните полесно да ги остваруваат своите права и обвски, сигурно, за решавање на своите проблеми.

И, сега, општините од типот Велешта или Делогожди за кои позитивно се изјаснувавме дека направиле позитивна работа во делот на инфраструктурата, дека позитивно се гради дека за овие 4 години се направени, не само за овие општини, многу позитивни работи низ цела република, зборувам во контекст на сите 123 општини.

И, од еднаш ја менуваме целата шема, тоа го ставаме на нож и сечеме, како шнајдери, сега кроиме. Договараме некој договор по интерес да се задоволи по секоја цена да се остане на власт. Која е цената? Цената е огромна.

Треба да ги надминеме теснопартиските видувања. Да видиме што е волјата на народот, да го осетиме пулсот на народот. Граѓаните покажуваат огромно незадоволство, огромно незадоволство и дури навестуваат ако дојде до изгласување на овој Предлог закон за територијална организација, најавуваат дека ќе се радикализираат, се најавуваат отпори да се бранат. Зошто правиме непотребно. Нека се седне, нека се договорат. Ние имаме случај да тројца политичари одлучуваат за иднината на

Македонија. Никој не им го дал правото на тројца политичари да одлучуваат или две или три политички партии да одлучуваат за иднината на Република Македонија. Мислам дека ова што треба да го направи, треба да го направат граѓаните. Граѓаните се тие што го даваат гласот, граѓаните се тие што го земаат гласот.

Никој не мислеше дека ќе ни се случи Струга и мислам дека Струга, ги поздравувам граѓаните, еве тука ги поздравувам затоа што кажаа за прв пат направија едно национално единство. Седнаа сите политички партии во градот Струга и спонтано направија еден договор. Се договорија дека градот им е ставен во опасност. Се договорија дека има соживот. Нема таму непочитување на Македонци, Албанци, Власи, Турци. Се живеело со години. Тие се таму автохтони. Македонците и Албанците ги остварувале своите права. Никој не кажува дека може да им направи забрана на луѓето од Делогожди или Лабуништа или Луково, дека нема да ги користат бенефициите и она што значи инфраструктура, дека некој може да им забрани да го користат градот Струга, дека некој може да им прави блокади или опструкции. Ни случајно.

Ова го зборуваме за тоа власта да се децентрализира, директно граѓаните да ги остваруваат своите права во Велешта, да ги остваруваат своите права во Делогожди, во Лабуништа, во Луково. И, овој амандман иако е вака предложен како преодно решение, мислам дека не држи. Јас се залагам и ќе поддржам градот Струга да остане во постојните административни граници кои функционираат, да не правиме проблеми каде што немаме проблеми. Да не се повикуваме само дека правиме реклама или маркетинг или да зборуваме со празна реторика. Не, ова го покажуваат граѓаните со нивинот револт, да не ни се случува во државата еден процес да ни ги прогласуваат државните функционери, државните раководители како непожелни граѓани. Каква држава ќе бидеме ние претседателот на државата скоро сите општини ни го прогласуваат непожелен граѓанин да биде во нивните општини. Па каде ќе се движи претседателот на државата. Каде ќе се движи, во кои граници. Ќе се движи само во градот Скопје, ќе го опкружуваат и ќе го штитат.

Знаете што, историјата покажува дека сите што во политиката покажувале сила, со сила биле сменети. Сите што го тепале народот, народот ги тепа. Дајте да не

дозволиме да ни се случуваат немили настани, затоа што расте од ден во ден револтот кај македонските граѓани, рапидно расте. Зошто? Има место. Ние сме тие што ја носиме одговорноста. Има место за договор. Има место да се седне, да останат Струга, Кичево, за Скопје да се поразговара. Не знам кои се тие договори, кои се тие договори, ние сега да правиме некои кроења, не знам што. Правиме штета на македонските граѓани.

Сигурно дека од типот објаснувања на сите нас пратеници дали сме за војна или мир и сите тие пратеници кои кажуваат дека јас повеќе би гласал за мирот отколку за војна е грешка, затоа што ако ги слушаме изјавите на Меѓународната заедница, ако слушаме на Батлер ...

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Даневски, јас ве молам, сепак за амандманот. Навистина излегувате пречесто надвор од амандманот.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Не сум, апсолутно не сум надвор, затоа што толкување и за нас пратениците, можете да ме убедите ако е навистина до војна, јас ќе гласам за оваа територија, ако дошло до војна.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Даневски не се работи за тоа, само ако дозволите една исправка. Ние не дискутираме за преодното решение до 2008, туку за овие амандмани кои што се сега групирани, се однесуваат за трајно останување на границите онакви какви што се сега на Струга и струшките села, а посебен е амандманот 144, само како едно упатување.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Јас само во контекст на она што го дискутираше предлагачот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Не, не тоа е на страна.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Предлагачот кажа дека ова е едно мини преодно решение до 2008. Јас му верувам на предлагачот, во чесните намери.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Подоцна дополнително ќе дојде.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Тоа беа зборувањата на предлагачите, не сакам да ги именувам. Бидејќи реагираат добар дел пратеници, за волјата и мирот ќе прекинам, оставам на граѓаните на Струга да ги слушнат сите наши кажувања и укажувања. Тие се тие што на крајот ќе видат кој како ќе гласа. Многумина сакаат ова да биде и поединечно гласање, што не е ни битно и не може да се сокрие кој како гласал. Ќе се видат и стенографските белешки. Во интерес на тоа, мислам дека трпението на пратениците е до таа мера при крај, затоа прекинувам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор господинот Хисни Шаќири. После него нема други пријавени за дискусија.

Повелете господине Шаќири.

Господинот Шаќири се откажува од дискусија.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманите.

Преминуваме на поединечно гласање за амандманите.

Пред тоа ги повикувам колегите пратеници да влезат во салата.

Значи ќе гласаме поединечно по секој амандман. Инаку, се работи за пакетот амандмани за опстојување на старите граници на Струга и струшките општини.

Одиме по редот како што се наведени амандманите.

Амандманот на член 10 под б) за додавање четири нови точки 38-а, 42-а, 53-а и 54-а по точките 38, 42, 53 и 54, поднесен од пратениците Цветле Јаневска и Нелко Стојановски го ставам на гласање.

Ве повикувам на гласање.

Гласале 75 пратеници, 23 за, 1 воздржан, 51 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 10 под б) за додавање четири нови точки 38-а, 42-а, 53-а и 54-а по точките 38, 42, 53 и 54, поднесен од пратениците Цветле Јаневска и Нелко Стојановски.

Амандманот на член 12 за додавање четири нови точки 9-а, 18-а, 39-а и 40-а, по точките 9, 18, 39 и 40, поднесен од пратениците Цветле Јаневска и Нелко Стојановски го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 82 пратеници, 23 пратеници гласале за, 59 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 12 за додавање четири нови точки 9-а, 18-а, 39-а и 40-а, по точките 9, 18, 39 и 40, поднесен од пратениците Цветле Јаневска и Нелко Стојановски.

Амандманот на член 12 за менување на точка 62, поднесен од пратениците Цветле Јаневска и Нелко Стојановски, го ставам на гласање.

Ве повикуам да гласаме.

(Реакција од пратениците).

Не е битно дали предлагачите се присутни, впрочем едниот предлагач е присутен, да нема дезинформација.

Гласале 79 пратеници, 24 за, 1 воздржан и 54 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 12 за менување на точка 62, поднесен од пратениците Цветле Јаневска и Нелко Стојановски.

Амандманот на член 10 под б) за додавање нова точка 38-а по точката 38, за додавање нова точка 42-а по точката 42, за додавање нова точка 53-а по точката 53 и за додавање нова точка 54-а по точката 54, поднесен од пратеникот Љупчо Балковски го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 80 пратеници, 24 гласале за и 56 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 10 под б) за додавање нова точка 38-а по точката 38, за додавање нова точка 42-а по точката 42, за додавање нова точка 53-а по точката 53 и за додавање нова точка 54-а по точката 54, поднесен од пратеникот Љупчо Балковски.

Амандманот на член 10 под б) за додавање нова точка 38-а по точката 38, за додавање нова точка 42-а, по точката 42, за додавање нова точка 53-а по точката 53 и за

додавање нова точка 54-а по точката 54, поднесен од пратениците Љупчо Балковски, Силвана Бонева, Никола Груевски, Михајло Ѓорѓиевски, Жарко Караџоски, Сашко Кедев, Марија Којзеклиска, Ефтим Манев, Ѓорѓи Оровчанец, Ѓорѓе Палошковски, Ристо Пејовски, Ганка Самоиловска-Цветанова, Илија Србиновски, Коце Трајановски, Ѓорѓи Трендафилов, Слободан Чашуле, Драго Шајновски и Ристана Лалчевска го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 81 пратеник, 23 пратеници гласале за и 58 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 10 под б) за додавање нова точка 38-а по точката 38, за додавање нова точка 42-а, по точката 42, за додавање нова точка 53-а по точката 53 и за додавање нова точка 54-а по точката 54, поднесен од пратениците Љупчо Балковски, Силвана Бонева, Никола Груевски, Михајло Ѓорѓиевски, Жарко Караџоски, Сашко Кедев, Марија Којзеклиска, Ефтим Манев, Ѓорѓи Оровчанец, Ѓорѓе Палошковски, Ристо Пејовски, Ганка Самоиловска-Цветанова, Илија Србиновски, Коце Трајановски, Ѓорѓи Трендафилов, Слободан Чашуле, Драго Шајновски и Ристана Лалчевска.

Амандманот на член 12 за додавање нова точка 10-а по точката 10, за додавање нова точка 18-а по точката 18, за додавање нова точка 39-а по точката 39, за додавање нова точка 40-а по точката 40 и на точката 62, поднесен од пратеникот Љупчо Балковски го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 80 пратеници, 22 гласале за и 58 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 12 за додавање нова точка 10-а по точката 10, за додавање нова точка 18-а по точката 18, за додавање нова точка 39-а по точката 39, за додавање нова точка 40-а по точката 40 и на точката 62, поднесен од пратеникот Љупчо Балковски.

Амандманот на член 12 за додавање на нова точка 10-а по точката 10, за додавање нова точка 18-а по точката 18, за додавање нова точка 39-а по точката 39 и за додавање на нова точка 40-а по точката 40 и на точка 62, поднесен од пратениците Љупчо Балковски, Силвана Бонева, Никола Груевски, Михајло Ѓорѓиевски, Жарко

Караџоски, Сашко Кедев, Марија Којзеклиска, Ефтим Манев, Ѓорѓи Оровчанец, Ѓорѓе Палошковски, Ристо Пејовски, Ганка Самоиловска-Цветанова, Илија Србиновски, Коце Трајановски, Ѓорѓи Трендафилов, Слободан Чашуле, Драго Шајновски и Ристана Лалчевска го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 80 пратеници, 22 пратеника гласале за и 58 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 12 за додавање на нова точка 10-а по точката 10, за додавање нова точка 18-а по точката 18, за додавање нова точка 39-а по точката 39 и за додавање на нова точка 40-а по точката 40 и на точка 62, поднесен од пратениците Љупчо Балковски, Силвана Бонева, Никола Груевски, Михајло Ѓорѓиевски, Жарко Караџоски, Сашко Кедев, Марија Којзеклиска, Ефтим Манев, Ѓорѓи Оровчанец, Ѓорѓе Палошковски, Ристо Пејовски, Ганка Самоиловска-Цветанова, Илија Србиновски, Коце Трајановски, Ѓорѓи Трендафилов, Слободан Чашуле, Драго Шајновски и Ристана Лалчевска.

Амандманите на член 10 под б) точка 42 и амандманот на член 12 точка 18, поднесени од пратеникот Цветанка Гашовска, точка 109 и 125 од списокот се суштински поврзани.

Предлагам по овие амандмани да водиме единствен претрес, а гласањето да го извршиме за секој од нив одделно.

Ве повикувам да гласаме.

(Реакции).

Се работи за амандманот на Цветанка Гашовска, тие амандмани се точки 109 и 125 од списокот кои се поврзани. Тоа се како пакет за исто прашање, 109 и 125 за истото прашање, за Мешеишта, за замена на зборот “Белчишта” со зборот “Мешеишта”, бидејќи одат заедно, поврзани се и затоа се предлага ова спојување, а тоа е согласно договорот меѓу координаторите.

Предлогот го ставам на гласње и ве повикувам да гласаме.

Гласале 76 пратеници, 64 пратеници гласале за и 12 против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Отворам претрес по амандманите на член 10 под б), точка 42 и по амандманот на член 12 точка 18, поднесени од пратеникот Цветанка Гашовска, по списокот со реден број 109 и 125.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Александар Гештаковски.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Амандманите не се прифаќаат.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Амандманите не се прифаќаат.

Дали некој друг бара збор?

Има збор госоѓа Цветанка Гашовска како предлагач.

ЦВЕТАНКА ГАШОВСКА:

Почитувана потпретседателке, претставници на Владата, колеги пратеници,

Очигледно дека образложението по амандманот не било доволно па да се заклучи дека мојот предлог бил издржан и оправдан. Затоа ќе се обидам да го дообразложам.

Во првата фаза од донесувањето на законот за територијална организација двете досегашни општини, Мешеишта и Белчишта, се стопија во  една општина Мешеишта со седиште во Мешеишта. Во таа фаза се исправи една грешка направена во 1996 година, односно селото Подмоље се припои кон новата општина бидејќи беше издвоено. Без ниту една забелешка од пратениците првата фаза на законот беше изгласана во Собранието на Република Македонија. Втората фаза донесе нови кројки и имиња. Општината го доби името Дебарца, што може некако и да се прифати како симбол на историското минато на овој крај, но не е прифатливо седиштето да биде селото Белчишта од причини што ќе се обидам да ги објаснам.

Новата кројка се однесува повторно на селото Подмоље и не е никаква утеха или оправдување што селото Подмоље се припои повторно кон општината Охрид. Селото Подмоље и селото Оровник се една единствена катастарска неделива целина. Тие се едно до друго, а на 600 метри од нив е селото Горенци, а сите заедно само на неколку километри од Охрид.

Со новиот предлог жителите се насочуваат наназад 27 до 28 км, а тие функционираат како дел од градот Охрид.

Одиме понатаму по магистралниот пат Охрид-Кичево. На 7 км од Охрид е Аеродромот Охрид, на 6 км од него е селото Требеништа и само на 1 км селото Мешеишта. Сите се рамничарски села наредени како бројаници околу магистралниот пат, а на 30 км од Охрид, на страна од магистралниот пат, е селото Белчишта.

Ако се погледне картата на Република Македонија со новата територијална органиазација може да се забележи дека седиштата на руралните општини се блиску до градовите што се центри на големите градски општини. Во случајот на општина Дебарца, односно предлогот од втората фаза на законот за територијална организација е обратно.

Во одбрана на мојот предлог Мешеишта да биде центар на општината Дебарца ќе ги презентирам фактите, односно реалноста од теренот. Селото Мешеишта со опишаната географска положба има 906 жители, а густината на населението во општината Мешеишта е 59 жители на км2, а селото Белчишта има 488 жители, со густина на население 9 жители на км2. Лица со лични примања од заснован работен однос во селото Мешеишта се 528, а во Белчишта 133. Овој податок е секако битен за тоа како пулсира и како ќе пулсира општинското седиште.

Уште една важна карактеристика од истиот аспект. Старосната структура на населението во општините е следна. Во општина Мешеишта има 620 лица до 14 годишна возраст, а во општината Белчишта 482 лица на истата возраст. Меѓу 15 и 64 годишна возраст во општината Мешеишта има 1.819, а во Белчишта 658. Лица со над 64 годишна возраст во општината Мешеишта има 479, а во општината Белчишта 1.310. Секако, може да се заклучи дека старосната структура е многу важна во определувањето на општинското седиште.

Ова кореспондира и со состојбата на теренот. Веќе реков дека општината Мешеишта е рамничарска, со 50,8% обработливо земјиште, за разлика од општината Белчишта која има 26% од истото. Производните капацитети се сконцентрирани во општината Мешеишта, поточно во атарот на селото Мешеишта, погони на охридските фабрики, бензински пумпи, помали и поголеми фарми и други објекти.

Животот е како текот на реката, од изворот кон устието. Така и животот тече, послабите одат кон посилните, а сите заедно кон градот како центар на севкупното живеење.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор?

Има збор господинот Драго Шајновски.

ДРАГО ШАЈНОВСКИ:

Како пратеник од тој регион го поддржувам предлогот на колешката дека центар на новата општина наречена Дебарца по новиот предлог да биде селото Мешеишта и не би имал што повеќе да додадам, бидејќи колешката даде доста податоци.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор?

Има збор господинот Тито Петковски.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Сакам да кажам дека образложението и аргументите на госпоѓа Цветанка навистина беа аргументирани и немам ништо да додадам, освен јавно да кажам дека ќе го поддржам амандманот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманите.

Одиме на поединечно гласање на амандманите.

Амандманот на членот 10 под б) точка 42, поднесен од пратеникот Цветанка Гашовска го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеници, 14 пратеници гласале за 2 воздржано и 50 протв.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 10 под б) точка 42, поднесен од пратеникот Цветанка Гашовска.

Амандманот на член 12 точка 18, поднесен од пратеникот Цветанка Гашовска, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 11 пратеници гласале за, 1 воздржано и 49 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 12 точка 18, поднесен од пратеникот Цветанка Гашовска.

Одиме понатаму со друга група амандмани, точка 110, 132 и 139 од списокот.

Тоа се амандмани на членот 10 под б) за додавање нова точка 53-а по точката 53, на член 12 за додавање нова точка 39-а по точката 39 и на член 12 точка 62, поднесени од пратеникот Лилјана Поповска. Повторувам, тоа се точки 110, 132 и 139 од списокот.

Со оглед на тоа дека се суштински поврзани, предлагам по овие амандмани да водиме единствен претрес, а гласањето да го извршиме за секој од нив одделно.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеници, 64 гласале за, и два против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 10 под б) за додавање нова точка 53-а по точката 53, по амандманот на член 12 за додавање нова точка 39-а по точката 39 и по амандманот на член 12 точка 62, поднесени од пратеникот Лилјана Поповска, од списокот редните броеви 110, 132 и 139.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Александар Гештаковски.

АЛАКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Амандманите не се прифатени.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Молам, дали некој бара збор?

Јас немам можности од тука директно да се пријавам, меѓутоа како предлагач се пријавувам за дискусија и молам да ви се обратам како пратеник. Се надевам дека претседателот во меѓувреме ќе дојде.

Почитуван господин министер, почитувани колеги пратеници.

Се работи за група од 3 амандмани кои што ги предлагам, а сите се однесуваат за опстојување на општината Лабуништа. Имено, тие се поврзани едно со друго затоа што еден се однесува на промена на списокот каде што се наведени општините, а другите два се однесуваат на промена на селата, од едно место се вадат на друго место се додаваат, така што со амандманите всушност се предлага издвојување на општина Лабониште од општина Струга и се овозможува нејзино самостојно опстојување.

Тоа се предлага заради тоа што сегашната општина Лабуниште преставува географска и економска целина која покажа добри резултати во изминатиот период. Дополнително граѓаните од оваа општина на референдум се произнесоа дека сакаат самостојно да се организираат.

Јас не би додавала ништо повеќе, во средба и со граѓаните од Лабуништа ни било предочено дека тие навистина добро се организираат како самостојна општина, дека се една специфична целина. Според произневувањата на пописите хетерогена, меѓутоа органски поврзана меѓу себе, историски поврзана и најголем од нив смета, како што се искажаа и на референдумот дека ако самостојно се организираат ќе постигнат повеќе резултати. Си ги знаат своите специфики како рурална средина, си ги знаат своите специфики како средина која што е тесно поврзана што заедно историски со векови живее и инсистираат на тоа да бидат самостојни.

Впрочем и во рамките на она што значеше формирање на некое лоби за поддршка на руралните региони од западниот дел на Македонија јас сум обврзана оваа нивна желба да ја пренесам.

Благодарам.

Молам, дали некој друг бара збор?

За збор е јавена госпоѓа Ристана Лалчевска.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Благодарам госпоѓо потпретседателке,

Јас ќе ја искажам мојата поддршка за опстојување на општината Лабуништа во досегашните граници пред се затоа што оваа општина ги исполнува сите критериуми за да опстојува како општина и демографски и економски, сите оние што се потребни за

постоење на една општина. Една типична рурална средина со можни параметри за развој во иднина. Тоа е едната причина.

Другата причина е што граѓаните во општина Лабуништа недвосмислено ја искажаа својата волја дека сакаат да опстои нивната општина.

Од овие причини Либералната партија ќе го поддржи овој амандман.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За збор е јавен господинот Блаже Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Ова е после гласањето против опстојувањето на општина Струга во сегашните граници за претходниот амандман, ова е друг амандман кој што е директно поврзан со тоа прашање.

Имено од општините Велешта, Делогожда, Луково, Лабуништа и Струга, со предлогот кој што е доставен од страна на Владата стануваат една општина, на референдум се изјаснија и жителите на општина Струга и жителите на општина Лабуништа.

Фактот што се исполнети сите критериуми кои што се утврдени како критериуми кои што мора да ги почитува Владата односно Министерството за локална самоуправа имајќи ги во предвид дека нивното лого Да одлучуваме за себе е официјално лого и на Владата на Република Македонија, сметам дека по примерот на општина Лабуништа многу драстично се покажува како еден непринципиелен однос кон она што декларативно се прикажува.

Имено, која е логиката при услови на исполнување на сите критериуми за опстанок на една рурална општина Лабуништа, при услови кога населението жителите на оваа општина се изјаснија дека сакаат нивната општина да опстои како таква, како самостојна општина, како посебна единица на локалната самоуправа, во услови кога жителите на општина Лабуништа сакаат да си изберат свој градоначалник, свои членови на Советот и самите да си одлучуваат за реализација на локалните потреби на жителите на оваа општина, навистина нема никакво друго образложение за овој предлог кој што е даден за создавање на конгломерат на градска и селски општини со општина Струга спојување на

сосема различни локални интереси, градење на една мегаломанска општина која што има над 60.000 жители, а истовремено минимумот кој што е предвиден во критериумите беше 5.000 жители, има добар дел општини кои што се под 5.000 жители, меѓутоа, почитувајќи ги специфичностите Владата предлага со овој закон тие да опстојат.

Значи факт е едно. Главниот критериум што се однесува на создавањето на општина Струга е испочитуван, а тоа е политичкиот критериум односно политичкото договарање и создавањето на граници на влијанија на албанската етничка заедница или на некои други прашања кои што значат остварување на правото на користење на нивниот јазик над 20%.

Значи, зачувувањето на општина Лабуништа со сите населени места, со бројот на жителите, со сите економски капацитети кои што постојат во оваа општина апсолутно Владата нема аргументи да не го почитува. Меѓутоа, и преку расправите кои што се водеа за над сто амандмани, кои што ги разгледавме досега и во односот кој што го имаше и Владата и парламентарното мнозинство кон волјата на жителите на општина Лабуниште и на сите други општини кои што сакаат да опстојат, а кои што беа одбиени анблок заради тоа што така требало да биде и фактот што постојано стои Дамакловиот меч на притисок дека ако не се направи ова што е договорено меѓу ДУИ и СДСМ тогаш ќе се случело нешто лошо за Република Македонија не става овде во позиција на заложници на нивниот договор, а не во позиција на пратеници кои што го изразуваат..

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Ве молам држете се за темата.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

интересите на жителите на Лабуништа, интересите на сите оние жители на останатите општини кои што ги искажаа своите ставови и својата волја на референдум. Факт е дека на овој начин се девалвира и позицијата на Собранието затоа што единствено што станува со неприфаќањето на ваквите амандмани, како овој за Лабуништа, станува гласачка машина, извршен орган на Владата на Република Македонија односно на политичките партии кои што се во коалиција во таа влада.

Од тие причини сметам дека повеќе аргументирани, зошто треба да опстои општина Лабуниште не е потребно, аргументите се дадени од страна на граѓаните и од страна на јавноста.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За збор се јави господинот Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитувана потпретседателке,

Имам намера само накратко да кажам јавно дека сакам да го поддржам амандманот што сте го предложиле, иако сум убеден дека тешко ќе помине, иако можеби овој амандман што вие го поднесувате е една блага форма од она што и нас како опозиција ни беше интенција, овие четири општини да бидат извдоени од Струга. И ова е некоја линија на помал отпор и во секој случај амандманот е апсолутно оправдан и одржлив, затоа што општината Лабуниште во секој случај, за разлика од другите три кои што се припојуваат кон Струга ги има сите аргументи позитивни. Значи, таа се издвојува од нив и по демографскиот состав и по бројот на жители и економските фактори и тн., но и во досегашниот развој на самата општина која апсолутно потврдува дека местото и е да биде самостојна општина.

Заради запознавање на јавноста и заради потврдување на аргументацијата која вие сте ја искажале во амандманот јас би сакал само да ја прочитам демографската причина.

Општина Лабуниште има вкупно население скоро 9.000 жители, што е една солидна бројка од кои што македонци се 1149, значи 12,86%, албанци се 4935 или 55,23%, турци 1618 или 18% и останати.

Сето ова го потврдува она што е основната интенција на Рамковниот договор, на кој овде многу се повикуваме. Значи самата општина Лабуниште е жив пример дека тоа е мултиетничка средина, дека тука се запазени сите критериуми според кој што е мапишан, или што е основа на Рамковниот договор - граѓаните на Република Македонија да го градат тој мултиетнички концепт. Сега навистина зачудува фактот и сета она нелогичност а од друга страна оправдан е фактот кој вие сте го поднеле со амандманот, ако веќе

имаме постоечка општина врз чиј пример треба да ги градиме другите општини, нелогички, стварно нелогички е таа општина да се припојува кон градот Струга. Јас кажав вчера, ќе повторам и денеска само со една причина да се направи територија која што територија ќе ја направи општината Струга поголема.Значи, територијална и ќе ја направи општината Струга во смисла на националниот состав, но во прилог на албанската етничка заедница.

Значи, аргументите за опстојување на општина Лабуништа, можеме да зборуваме незнам колку време, се апсолутно оправдани, а се друго што би се кажало во правец на она што Владата го предложи е само губење на време и само потврдување на нелогичноста на Предлогот на законот.

Повторувам уште еднаш јас јавно ќе гласам за овој амандман и се надевам дека барем уште неколку пратеници од позицијата на парламентарното мнозинство го делат тоа мислење.

ЛИЛЈАНА ПОПВСКА:

Молам дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучуам претресот по амандманот.

Амандманот на член 10 под б) за додавање нова точка 53-а по точката 53 поднесен од пратеникот Лилјана Поповска, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 69 пратеници.

18 гласале за, 51 негативно.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 10 под б) за додавање нова точка 53-а по точката 53, поднесен од пратеникот Лилјана Поповска.

Амандманот на член 12 за додавање нова точка 39-а по точката 39 поднесен од пратеникот Лијана Поповска го ствам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеници.

13 гласале за, 52 негативно.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 12 за додавање нова точка 39-а по точката 39, поднесен од пратеникот Лилјана Поповска.

Амандманот на член 12 точка 62 поднесен од пратеникот Лијана Поповска го ствам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 70 пратеници.

16 гласале за, 1 воздржан и 53 негативно.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 12 точка 62, поднесен од пратеникот Лилјана Поповска.

Одиме понатаму на нова група амандмани. Тоа се точките 111 точката 126 од списокот.

Значи, амандманите на член 10 под б) точка 42 и член 12, точка 18 поднесени од пратените Драго Шајноски и Ристо Пејоски.

Точка 111 и 126 од списото се суштински поврзани.

Предлагам по овие амандмани да водиме единствен претрес, а гласањето да го извршиме за секој од нив одделно.

Предлогот го ставам на гласање.

Во повикувам да гласаме.

Гласале 68 пратеници.

65 за, 3 негативно.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Отворам претрес по амандманите на член 10 под б) точка 42 и на член 12 точка 18 поднесени од пратениците Драго Шајноски и Ристо Пејоски, од списокот реден број 111 и 126.

Го молам претставникот на Владата да да се произнесе.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Амандманите бидејќи се слични со претходните за кои се водеше расправа не се прифаќаат.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Молам, дали некој бара збор?

Збор бара господинот Драго Шајноски.

Ве молам дали за 5 минути ќе се произнесете?

ДРАГО ШАЈНОСКИ:

Не.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Во тој случај објавувам пауза еден час.

(Пауза од 12,55 часот)

(По паузата)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас се извинувам што сега ќе биде малку непријатно, но се слушнав со министерот и тој побара половина час пауза, за да може со координаторите нешто да се договори.

Давам половина час пауза.

(По паузата)

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Господине Шајноски, вие имате збор.

ДРАГО ШАЈНОСКИ:

Се работи за неколку амандмани, кои што се со намера подредени така што да значат и некој приоритет.

Првиот амандман се однесува на тоа во член 10 под б) во точката 43, зборовите “општина Дебарца”, да се заменат со зборовите “општина Мешеишта”, а зборовите “со седиште во село Белчишта”, да се заменат со зборовите “со седиште во село Мешеишта”. Тоа е првиот приоритет кој што се бара. Доколку тоа не го усвои Парламентот, бидејќи Владате веќе се изјасни дека не го усвојува, предлагаме двете општини да останат како што се во сегашниот статус. Посебно да си биде општината Белчишта, посебно да биде општината Мешеишта.

Трета варијанта е  општината Мешеишта да е посебна заедно со Подмоље и општината белчишта да си остане посебна со седиште во село Белчишта, а општината Мешеишта да има седиште во село Мешеишта. Значи под тој приоритет се подредени, со надеж дека ако се усвои еден од предлозите, не се оди на другите.

Сега би дал  едно кратко образложение за овие амандмани за сите заедно.Со Предлог-законо за територијалната организација на локалната самоуправа на Република Македонија, овој Предлог на закон беше усвоен на вонредната седница на Владата на Република Македонија на ден 15.07.2004 година. Предвидено е формирање на нова единица на  локална самоуправа општина Дебарца со спојување на сегашните општини Белчишта и Мешеишта со седиште во село Белчишта. Ваквото решение за Советот на општината Мешеишта и за граѓаните на општина Мешеишта е неприфатливо и се смета дека ќе има далекусежни негативни последици за интересите на граѓаните на општината. Ова дотолку повеќе ако се има предвид дека во првичната верзија на Предлогот за донесување на закон за територијалната организација на локалната самоуправа во Македонија, што без забелешки помина во Собранието на Република Македонија во првата фаза, во јануари 2004 година, се предвидуваше формирање на нова општина Мешеишта со спојување на двете општини Белчишта и Мешеишта, со седиште во Мешеишта. Така беше предлогот во јануари 2004 година. Во тие тогашни дискусии немаше ниедна забелешка од ниедна страна на тој предлог. Сега, во овој предлог без претходно да има забелешки на првичниот предлог од двете страни, се нуди друго решение кое нема никаква врска со објективните критериуми за формирање на единица на локална самоуправа. Критериуми, кои што се утврдени во членовите 16 и 17 од Законот за  локална самоуправа. Ваквиот пристап формирањето на оваа нова општина Дебарца  со седиште во село Белчишта, претставува чиста политика и волонтаристика односно волонтаристичка одлука донесена исклучиво за задоволување на локал патриотски интереси, а на сметка на пошироките интереси на граѓаните како од Мешеишта, така и од Белчишта.

Главната водилка при главниот критериум при одредувањето на името на оваа нова предложена општина Дебарца, со седиште во село Белчишта е една провинцијалска

желба на одреден круг на луѓе, кои сметаат дека родниот крај на родителите на претседтелот на државата не може да биде во склоп на една ВМРО-вска општина Мешеишта и како Македонски Кумровец би требало да биде самостојна општина односно општина под која ќе падне ВМРО-вската општина Мешеишта и седиштето ќе биде во селото Белчишта.

Тоа е основен критериум и затоа револтот на граѓаните на Мешеишта е многу голем и со право се револтирани. Да истакнам дека и првичното решение за општината Мешеишта беше неприфатливо. Значи да се соединат двете општина Белчишта и Мешеишта што беше во првата фаза, за граѓаните од Мешеишта беше неприфатливо, бидејќи по сите параметри и критериуми кои што се употребуваат, барем така се кажува експертите ги употребувале при формирањето на општините ова општина Мешеишта е развиено подрачје. Кон нејзе се приклучува едно крајно рурално, неразвиено и пасивно подрачје со огромна територија, слаба населеност и без материјални предуслови за развој. Тоа подрачје на општината Мешеишта ќе претставува само товар и со сигурност ќе се случи тоа, од една добра и една лоша општина, од една општина која што има перспектива и општина која што е пасивна и неспособна да опстане сама, ќе направиме поголема општина, но лоша, неспособна да опстане. Значи, општината Белчишта ќе биде само товар на општината Мешеишта. И ова решение од граѓаните на Мешеишта не беше прифатливо, но сепак начелно го прифатија со аргументација дека за успешно остварување на процесот на децентрализацијата, неминовно е спојување на повеќе општини, затоа што со зголеувањето на надлежностите предизвикува потреба од окрупнување на општините. Бидејќи, поголемиот дел од новите надлежности не можа да се извршуваат во рамките на постојната територија, особено од страна на помалите општини, неопходно е изградување на организација и капацитет на општини што ќе бидат способни и ефикасно, рационално и квалитетно и според стандардите утврдени со закон, ќе ги извршуваат доверените надлежности. Сметам дека новата општина со првичното решение, формирана според објективните критериуми согласно горе цитираните одредби од Законот за локална самоуправа . Но, за жал таа аргументација се покажа лажна, а за сето тоа стоеле други скриени намери.

За советот и граѓаните на општина Мешеиште не се прифатливи ниту името, ниту седиштето на новата општина. Името Дебарца воопшто несоодветства и не е прифатливо, може да се рече дури провакативен провакатурен поим за подрачјето на сегашната општина Мешеишта. Се знае до каде географски се простира подрачјето на Дебарца. Не е упатно сега вештачки да се врши прекројување и неприродно спојување на Дебарца, која што по новата карта излегува на Охридско езеро. Впрочем, логички се поставува прашањето, зошто сегашната општина Белчишта, која територијално го покрива географското подрачје на Дебарца не се вика Дебарца, туку општина Белчишта.

Во врска со седиштето може да се каже дека под ниту еден објективен критериум Белчишта не може да биде центар на новата општина. Впрочем, за ова имавме и претходен амандман од колешката, но од мнозинството не беше прифатен. Значи, Белчишта по ниеден критериум не може да се стави како центар на овие две општини односно на сега наречената Дебарца.

Прво, Мешеишта е најголемо населено место во општината, со најдобра комуникациска врска со другите населени места во општината и најблиску до урбаниот центар градот Охрид. Како се замислува, на пример, жителите на Подмоље и Оровник кои се на 6 или 7 километри оддалечени од урбаниот центар на соседната општина Охрид за остварување на своите непосредни локални потреби и интереси да патуваат и до 20 км. и повеќе од оддалечено Белчишта. Тоа, навистина не е јасно, освен тоа и комуникациските врски се крајно лоши или воопшто не постојат.

Затоа, единствено решение и најдобро решение би било центар да биде селото Мешеишта. Според другите параметри, природно географски, демографски, економски, социјални, културни и инфраструктурни, неспоредлив е степенот на развиеност помеѓу двете постојни општини во корист на општината Мешеишта и селото Мешеишта. Логички се поставува прашањето, зошто општината Мешеишта и нејзините граѓани да бидат жртви за опстанок и развој на Дебарца, која што навистина не е развиена и пасивна. Ако Владата сака да го развива ова подрачје, тоа може да го стори на многу поедноставен начин. Нека ги остави двете општини посебни и нека со свои фондови и инвестиции овозможи родното место на родителите на претседателот на државата, да стане

развиена рурална средина. За разлика од ваква пасивното Белчишта, за општината Мешеишта, на која би се приклучило и селото Подмоље, со сигурност може да се каже дека ќе може да опстане и да се развива и во целост без да биде тоа на централната власт. Ќе биде способно да ги врши изворните надлежности согласно законот за локалната самоуправа. Гаранција и доказ се и досегашните достигнувања и финансиски резултати што оваа општина ги покажува, Мешеишката општина.

Во врска со овој предлог за територијална организација на локалната самоуправа, Советот на општина Мешеишта на ден 16.07.2004 година, веднаш после владината одлука за оваа поделба, одржа вонредна сендица со присуство на претставници на месните заедници од општината, невладини организации, политичките партии и граѓански асоцијации од општината и на таа седница ги усвои следните заклучоци.

Не се прифаќа решението од предлог-законот за територијалната организација на локалната самоуправа на Македонија, усвоен од Владата на Македонија од 15.07.2004 година, со кое се предвидува формирање на нова единица  на локална самоуправа на општината Дебарца со спојување на сегашните општини Белчишта и Мешеишта, со седиште во селото Белчиште. Ваквото решение не е прифатливо ниту во делот на името, ниту во делот на седиштето на новата општина.

Второ, во целост се подржуват првичното решение од предлогот за донесување на законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија, разгледан од Собранието на Република Македонија, во јануари 2004 година, а со кое се предвидува формирање на една ноова локална самоуправна општина наречена Мешеишта, со спојување на сегашните општини Белчишта и Мешеишта со седиште во село Мешеишта. Ваквото решение е единствено прифатливо и втемелено согласно член 16 и 17 од Законот за локалната самоуправа, според кои подрачјето на кое се основа општината треба да претставува природна, географска и економски поврзана целина со комуникации меѓу населените места и гравитација кон взаемниот центар, како и да има изградено инфраструктурни објекти и објекти на општествениот стандард.

Трето, поради тоа се иницира барање до Владата на Република Македонија, како изготвувач на законот и до Собранието на Република Македонија како надлежно за

донесување на законот за измена на предлог законот за територијалната организација на локалната самоуправа во Република Македонија во делот кој се однесува на името и седиштето на општина Дебарца и тоа во делот наместо на името зборот “Дебарца”, да стои зборот “Мешеишта”. Во делот на седиштето, наместо зборот “Белчишта”, да стои зборот “Мешеишта”.

Или, како алтернативно решение се предлага формирање на посебни единици на локална самоуправа и тоа општината Белчишта во сегашните граници со седиште во село Белчишта и општината Мешеишта во сегашните граници, со приклучување на населеното место Подмоље е со седиште во Мешеишта.

Четврто., секое друго решение, освен решенијата од точка три на овие заклъучоци за граѓаните на општина Мешеишта се неприфатливи, бидејќи несоодвестуваат на нивните непосредни локални потреби и интереси и се во спротивност со одредбитре на Законот за локална самоуправа и ќе продуцираат сериозни потешкотии и целосна блокада уште на самиот почеток од функционирањето на новата општина.

Петто, доколку не се прифатат предложените решенија од точка 3 од овие заклучоци, Советот на општина Мешеишта ќе ги повика граѓаните на општината Мешеишта на организиран отпор против законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија со манифестирање на сите форми на граѓанска непослушност.

Шесто, овие заклучоци се усови  со консензус на Советот на општина Мешеишта, месните заедници на општината Мешеишта, политичките партии кои дејствуваат на подрачјето на општина Мешеишта, невладините организации и граѓански асоцијации од општината Мешеишта и ја изразуваат општата волја  на Мешеишта, за потребата од опстанок на општината Мешеишта како единица на локалната самоуправа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Макрадули имате реплика од три минути.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Почитуван претседателе, морам да реагирам на дел од излагањето на претходниот дискутант, кој кажа дека се укинува една ВМРО-овска општина и апсолутно не можам да

се согласам со тоа, знаев дека опозицијата ги дели така општините по партиска основа и наместо да ги гледаме критериумите и да гледаме во интерес на граѓаните како да ги направиме пакетот на закони за децентрализација поблиску и подостапно до нив, ние сеуште теснопартиските интереси ни се во преден план а исто, така очигледно и опозицијата размислува.

За жал, цело време она што го повторувам за кои интереси и за чии интереси работиме, ќе си го поставам и себе тоа прашање, кој се интересите на граѓаните на Мешеишта, дали се тоа да биде ВМРО-овска општина. Тоа апсолутно не можам да го прифатам, затоа реплицирам во овој момент.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Шајновски.

ДРАГО ШАЈНОВСКИ:

Дека општината Мешеишта е ВМРО-вска не сте  знаеле, ќе ве демантирам со тоа што од 50 и некоја општина во Македонија, која што за градоначалник во моментот е ВМРО-вец, преку 30 такви оптини се претопени, и избришани од картата.

Према тоа не дека не знаете за Мешеишта, туку ги познавата добро сите 51 општина.

ЉУПЧОЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Пејовски.

РИСТО ПЕЈОВСКИ:

Почитуван пртседателе, почитуван министре, почитувани колеги пратеници,

Во своето излагање ќе бидам нестандардно краток. Моите аргументи за амандманите кои се однесуваат на село Мешеишта, ќе ги сублимирам во една забелешка. На другата страна имаме соговорник, кој за жал можат само да послушаат, но не и да не посллушаат.

Дефинирајќи се себе си како идеолошки робови кои го мобилаат парламентарното мнозинство во една состојба на идеолошка шизофренија. Затоа мислам дека е реален ефектуиран аргумент во кој верувам во Собирањерто од 150 илјади потписи за

рефернедумот, каде што народот ќе ја изрази својата волја прекинуајќи го овој политички ефектуизам во кои западна актуелната политичката елита.Тоа што не убедуваат дека таквата територијална поделба е со меѓународна согласност, не е вистина.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Пејовски, ве молам да дискутирате за амандманот. Јас ве сфакам дека нестандардно кратко сакате ова да го кажете но ве молам да зборувате за амандманот.

ДРАГО ШАЈНОСКИ:

Доволно беше и тоа што сакав го кажав.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманите.

Ги молам пратениците да влезат во салата, бидејќи треба да пристапиме кон гласање на амандманите.

Амандманот на член 10 под б) точка 42 поднесен од пратениците Драго Шајноски и Ристо Пејовски го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеника, 10 за, нема воздржани, 56 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Амандманот на член 12 точка 18 поднесен од пратениците Драго Шајноски  и Ристо Пејовски го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 69 пратеника, 12 за, нема воздржани 57 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Почитувани пратеници амандманите на член 10 под б) за додавање нова точка 42 по точката 42-а, член 10 под б) за додавање нова точка 42-а, по точка 42. Член 12 за додавање нова точка 18-а, по точката 18, и на точката 18 и на член 12 за додавање нова точка 18-а, по точката 18, и на точа 18, поднесен од пратениците Драго Шајноски, Ристо Пејовски и Никола Груевски, Љупчо Балкловски. Во списокот точките 112, 113, 129 и 130 се суштински поврзани.

Предлагам по овие амандмани да водиме единствен претрес, а гласањето да го извршиме за секој од нив поодделно.

Предлогот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратенка, 65 гласале за, нема воздржани 1 против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Отворам претрес по амандманите на член 10 под б) за додавање нова точка 42-а, по точка 42. Член 10 под б) за додавање нова точка 42-а, по точката 42, на член 12 за додавање нова точка 18-а, по точката 18, и на точка, 18, и по член 12 за додавање нова точка 18-а по точката 18 поднесен од пратениците Драго Шајноски, Ристо Пејовски и Никола Груевски, Љупчо Балкловски. Во списокот точките 112, 113, 129 и 130.

Го молам претставникот на Владата да сепроизнесе.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Г-дине поретседателе, бидејќи овие амандмани се однесуваат на распраата која се водеше за претходните амандмани, амандманите не се прифаќаат.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

За процедурално се јави г-динот Заев.

ЗОРАН ЗАЕВ:

Почитуван претседателе, мислам дека денеска имавме солидна и продуктивна расправа. Во интерес на ефикасната работа на Собранието на Република Македонија, со надеж дека денеска ќе завршиме со амандманската расправа, сметам дека е корисно денешната седница да ја продолжиме и после 17 часот, поради тоа, врз основа на член 64 став 4 од Деловникот на Собранието на Република Македонија барам поддршка од 10 пратеници и барам овој мој предлог да оди на усвојување.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Имате подршка повеќе од 10.

Го ставам предлогот на г-динот Заев на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, 57 гласале за, нема воздржани, 2 против.

Ве молам служибте да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Во салата беа присути 69 пратеника.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Господине Караџоски процедурално повелете.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, со оглед на тоа што Деловнички се интервенираше за да се продолжи работното време, јас би сакал , ако се согласи парламентарното мнозинство денеска да се договориме да работиме до 20 часот. Ќе ве потсетам дека има еден кошаркарски натпревар, каде што е присутен целиот државен врв, а од друга страна зошто и ние да не присуствуваме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Караџоски, бидејќи претседателот не е љубител на кошарката ќе зависи од него.

Господине Шајносвкси имате збор.

ДРАГО ШАЈНОВСКИ:

Бидејќи овие амандмани се последица на првите три амандмани за нив важи истото образложение за да се доојаснат и да се докомплетираат, посебно образложение за истите нема потреба да даваме.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

Господине Стојановски, повелете.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Господине пртседателе, јас се надевам дека овие аргументи кои беа искажани по однос на овие амандмани, имаме амандмани кои што беа претходно изгласани, меѓутоа, не беа прифатени од парламентарното мнозинство, секаква аргументација која што би било кажана на било кој пратеник тука, факт е дека Владата не ја прифаќа односно ова

што го дискутираме го смета за излишна работа, меѓутоа, она што претставува последица од прифаќањето на овој закон и сериозноста на овој закон, односно донесувањето на овој закон ги има сите оние решенија, меѓу кои и решението што се однесува на овој амандман, навистина претставува нешто што може да има долгорочни последици и за Република Македонија , меѓутоа иа за иднината на сите што живеат во неа и сметам дека единствено што можам да кажам, како поддршка на овој амандман дека ќе гласам за него, затоа што секој аргумент кој што би се кажал, навистина претставува збор во празно, затоа што нема кој да го слуша.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

Повелете г-дине Оровчанец имате процедурално.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Г-дине претседателе, вие сте претседател на Собрание кој е во овој состав професионално. Према тоа овде ние имаме практично засновано работен однос. По Законот за работни односи се знае колку е работната недела и вакви големи продолженија, го рушите директно Законот за работни односи.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Правата на работниците колку што знам ги штити Синдикатот. Направете синдикат ве молам. Јас сум наредбодавец овдека.

Се извинувам, амандманот на член 10 под б) за додавање нова точка 42 а по точката 42 поднесен од пратениците Драго Шајноски, Ристо Пејовски и Никола Груевски, Љупчо Балкловски го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеника 10 гласале за, нема воздржани 56 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Амандманот на член 12 за додавање нова точка 18-а по точка 18 и на точка 18 поднесен од пратениците Драго Шајноски, Ристо Пејовски и Никола Груевски, Љупчо Балкловски го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 67 пратеника, 10 гласале за, 1 воздржан, 56 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Амандманот на член 10 под б) за додавање нова точка 42-а) по точката 42 поднесен од пратениците Драго Шајноски, Ристо Пејовски и Никола Груевски, Љупчо Балкловски го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеника, 9 гласале за, нема воздржани, 57 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Амандманот на член 12 за додавање нова точка 18-а и на точката 18 и на точка 18 поднесен од пратениците Драго Шајноски, Ристо Пејовски и Никола Груевски, Љупчо Балкловски го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 68 пратеника, 11 гласале за, нема воздржан, 57 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Почитувани пратеници амандманите на член 10 под б) за додавање нова точка 42-а по точка 42 и на член 12, за додавање нова точка 18-а по точка 18 и на точка 18 поднесенод пратениците Драго Шајноски, Ристо Пејовски и Никола Груевски, Љупчо Балкловски под архивски број 07-319/55 се суштински поврзани.

Предлагам по овие амандмани да водиме единствен претрес, а гласањето да го извршиме за секој од нив одделно.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеника, 64 за, нема воздржани 1 против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Отворам претрес по амандманите на член 10 под б) за додавање нова точка 42-а, по точка 42. И на член 12 за додавање нова точка 18-а, по точката 18, на член 12 за додавање нова точка 18-а, по точката 18, и на точка, 18, и по член 12 за додавање нова точка 18-а по точката 18 поднесен од пратениците Драго Шајноски, Ристо Пејовски и Никола Груевски, Љупчо Балкловски под архивски број 07 -3119/55 .

Го молам претставникот на Владата да сепроизнесе.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

И овие амандмани се однесуваат на реорганизирање на истите општини кои беа предмет на претходните амандмани. Затоа и овие амандмани не се прифаќаат.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманите.

Амандманот на член 10 под б за додавање

За процедурално се јави г-динот

Амандманот на член 10 под б) за додавање нова точка 42-а по точка 42 поднесен од пратениците Драго Шајноски, Ристо Пејовски и Никола Груевски, Љупчо Балкловски го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 67 пратеника, 11 гласале за, нема воздржан, 56 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Амандманите на член 12 под б) за додавање нова точка 18-а по точка 18 и на точка 18 по точка 18 поднесен од пратениците Драго Шајноски, Ристо Пејовски и Никола Груевски, Љупчо Балкловски го ставам на гласање.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 68 пратеника, 11 за, нема воздржани 57 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Почитувани пратеници,

Амандманите на член 10 под б) за додавање нова точка 42-а по точка 42 и на член 12 за додавање нова точка 18-а по точка 18 и на точките 18 и 49 поднесени од пратениците Драго Шајноски, Ристо Пејовски. Точка 128 под архивски број 07- 3119/92 се суштински поврзани.

Предлагам по овие амандмани да водиме еденственпретрес а гласањето да го извршиме за секој од нив одделно.

Предлогот го ставам на гласање.

Гласале 66 пратеника, 63 за предлогот, нема воздржани, 3 против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Отворам претрес по амандмандманите на член 10-б, за додавање нова точка 42-а, по точката 42 и на член 12 за додавање нова точка 18-а, по точката 18 и на точките 18 и 49, поднесени од пратениците Драго Шајноски и Ристо Пејовски, точка 128 од списокот под архивски број 07-3119/92.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе..

Има збор министерот за локална самоуправа.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Г-дине претседателе, би ве замолил уште еднаш да ги прочитате, како би можеле да ги видиме. Ако може под реден број.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Тоа е точка 128 .

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Во ред, амандманите не се прифаќаат.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманите не се прифатени.

Дали некој бара збор?

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Претседателе, би сакал само да објаснам што се предлага со овие амандмани.

Со првиот амадман, ќе кажам за двата  одеднаш, се бара општина Мешеишта да биде посебна општина со седиште во село Мешеишта.

Со вториот амандман се бара во општина Мешеишта се бара да подпадната селата Оровник, Горенци, Требеништа, Волино, Климештани и Подмоље.

Во точката 18 општина Дебарца зборовите “Оровник , Горенци, Требеништа, Волино и Климештани” се бришат. Практично со овој амандман од предложениот предлог

со спојувањето на општината Дебарца и општината Мешеишта со овој амандман се предлага да бидат раздвоени, значи да си постои посебна општина Мешеишта посебна општина Дебарца.

Тоа се амндманите од нашите колеги и апелирам до парламентарното мнозинство да ги подржат овие амандмани.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманите.

Амандманот на член 10-б.за додавање нова точка 42-а по точката 42, поднесен од пратениците Драго Шајноски и Ристо Пејовски, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 67 пратеници, од кои 9 за, нема воздржани, 58 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Амандманот на член 12 за додавање нова точка 18-а по точката 18 и на точкие 18 и 49, поднесен од пратениците Драго шајновски и Ристо Пејовски го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 65 пратеника, 9 за амандманот, нема воздржани, 56 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Почитувани пратеници, амандманите на член 10-б за менување на точка 55 и на член 12 точка 41, поднесени од пратеникот Лилјана Поповска, точка 114 и 133 од списокот се суштински поврзани.

Предлагам по овие амандмани да водиме единствен претрес, гласањето да го извршиме пооделно.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратнеика, 60 за, нема воздржани, три против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Отворам претрес по амандманите на член 10-б за менување на точка 55 и на член 12 точка 41, поднесени од пратеникот Лилјана Поповска под редни броеви 114 и 133.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за локална самоуправа.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Г-дине претседателе, почитувани пратеници,

Доаѓа една група на амандмани кои го уредуваат делот на општината Маврово односон Ростуше и овие амандмани од пратеничката Лилјана Поповска се во таа смисла.

Бидејќи Владата ќе прифати еден од наредните амандмани кои, во основа, целосно го регулираат односот на оваа општина со делот на префрлување на одредени населби, овие амандмани не се прифаќаат, а делот на наредните амандмани, како претставник на Владата ќе се изјаснам.

Фактички, овие амандмани одат во насока на која почитуваните пратеници Тасим Сулејмановски и Славе Арсовски го уредуваат ова прашање.

Овие амандмани не се прифаќаат.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманите не се прифатени.

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманите.

Амандманот по член 10-б за менување на точката 55, поднесен од пратеникот Лилјана Поповска го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеника, 6 гласале за, нема воздржани, 58 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Амандманот на член 12 по точка 41, поднесен од пратеникот Лилјана Поповска го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, 6 гласале за, нема воздржани, 57 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Почитувани пратеници, амандманите на член 12 точка 17 и на член 12 точка 41, поднесени од пратеникот Лилјана Поповска точки 124 и 134 од списокот се суштински поврзани.

Предлагам по овие амандмани да водиме единствен претрес, а гласањето да го извршиме за секој од нив оделно.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, 57 гласале за, нема воздржани, пет против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Отворам претрес по амандманите на член 12 точка 17 и на член 12 точка 41, поднесени од пратеникот Лилјана Поповска во списокот редните броеви 124 и 134.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за локална самоуправа.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Г-дине претседателе, бидејќи и овие амандмани на пратеничката Лилјана Поповска се однесуваат на дел на одредени населени места од општината Маврово или дел на Маврово и Ростуше, овие амандмани не се прифаќаат, бидејќи ќе бидат прифатени наредните амандмани кои во основа го регулираат прашањето за кое се залага и пратеинчката Лилјана Поповска.

Овие амандмани не се прифаќаат.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманите не се прифатени.

Молам, кој бара збор?

Повелете г-ѓа Поповска.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Почитуван претседателе, почитуван министре, почитувани колеги пратеници,

Јас би сакала да објаснам што е целта на овие амандмани се знае. Имено, се работи за предлог да се заменат две населени места Могорче и Скудриње, едното е

ставено во општина Маврово кое е спој на поранешните општини Ростуша и Маврови Анови и другото кое е ставено во општина Дебар.

Имено, тие места како да се превртени меѓу себе, она место кое природно е дел од општина Ростуша, а и до сега беше, би требало да биде во сегашната Маврово, тоа место е префрлено во Дебар, а она место кое е поблиску до Дебар и кое во некои поранешни териториjални поделби било дел од општина Дебар тоа е Могорче е префрлено во општина Маврово.

Направена е jас би jа нарекла една техничка грешка затоа што и двете места се наоѓаат на единствениот пат покарj Радика коj ги поврзува двете општини и за да се исцрта на карта би требало да се нацрта некоjа осмица затоа што не постои технички начин како тоа да се изрази.

Претпоставувам дека се работи за грешка, незнам зошто не би се прифатил тоj амандман, неможам да обjаснам, вака како што е, мислам дека едноставно не стои.

Сакам уште нешто да кажам, жал ми е што во моментот не бев присутна да го образложам претходниот амандман, инаку замолив да се одложи тоj амандман, jас малку се повлеков, не ми беше добро во моментот, претходниот беше за името н аопштината Маврово. Моjот предлог беше да се направи општина со име Маврово и Ростуша, тоа беше барање од Советот на сегашната општина Ростуша каде со допис ..

ЉУПЧО JОРДАНОВСКИ:

Г-ѓо Поповска тоj амандман го поминавме.

ЛИЛJАНА ПОПОВСКА:

Да претседателе, но мислам дека на некоj начин треба малку повеќе да се почитуваме и да не случува ваков начин затоа што и за општина центар Жупа ми ги споивте точката 40 со 118, а дента кога мене ме пративте службено во Кичево така што не беше во ред, исто така не бев во состоjба да го бранам амандманот.

ЉУПЧО JОРДАНОВСКИ:

Вие можете да бидете присутна, jас одам по сценарио, ве молам тие амандмани ги поминавме.

Повелете министре.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Г-дине претседателе, почитувани пратеници, мислам дека вие како претседател амандманите кои се однесуваат на едно прашање на една општина, на едно населено место ги обединивте заеднички да ги разгледуваме.

Ние како Влада и јас како претставник на Владата не зависно кој амандман од кој пратеник е предложен, јас несакам да укажувам, но ако некој смета дека неговиот амандман е прифатен или не на друг пратеник, не претставува никаков проблем ако е целта да се уреди одреден ..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине министре ве молам да не коментирате ..

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Јас сакав да укажам на пратеникот Лилјана Попиовска, бидејќи се обединети и претходното прашење кое го постави за името на општината, укажав за тој амандман, бидејќи ќе прифатам други амандмани, а тој амандман е во склоп на прифатените амандмани.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

ТАСИМ СУЛЕЈМАНОВСКИ:

Почитуван претседател, почитуван министре, колеги пратеници,

Бидејќи доаѓам од општина Ростуше и добро ја познавам, Скудриње секогаш било во општина Ростуше, затоа се прави промена, сега доаѓа во општина Маврово и Ростуше, а Могорче, Гари и Осој секогаш биле во општина Дебар и се враќаат во општина Дебар и географски и административно и економски.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманите.

Амандманот на член 12 точка 17 поднесен од пратеникот Лилјана Поповска го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеинка, 10 гласале за, нема воздржани, 54 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Амандманот на член 12 точка 41, поднесен од пратеникот Лилјана Поповска го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 67 пратеника, 12 гласале за, нема воздржани, 55 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Амандманите на член 10-б точка 55 и на член 12 точка 41 и точка 17, поднесени од пратениците Тасим Сулејмановски и Славе Арсовски точки 115 и 135 од списокот се суштински поврзани.

Предлагам по овие амандмани да водиме единствен претрес, а гласањето да го извршиме за секој пооделно.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеника, нема воздржа, нема против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Отворам претрес по амандманите на член 10-б точка 55 и на член 12 точка 41 и точка 17, поднесени од пратениците Тасим Сулејмановски и Славе Арсовски во списокот редните броеви 115 и 135.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за локална самоуправа.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Амандманите се прифаќаат.

**(прифаќањето на амандманите беше проследено со бурен аплауз)**

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманите се прифатени и стануваат составен дел на текстот на законот.

Амандманите на член 10-б за додавање нова точка 63-а, по точка 63, на член 10-в, за бришење на точка 77, член 12 за додавање нова точка 58-а, по точката 58 и на член

12-в, за бришење на точка 77, поднесени од пратеникот Лилјана Поповска, точките од списокот 117, 119, 137 и 142 се суштински поврзани.

Предлагам по овие амандмани да водиме единствен претрес, а гласањето да го извршиме за секој од нив одлено.

Предлогот го ставам на гласање,

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеника, 63 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Отворам претрес по амандманите на член 10-б за додавање нова точка 63-а по точката 63, на член 10-в, за бришење на точка 77, член 12 за додавање нова точка 58-а, по точката 58 и на член 12-в, за бришење на точка 77, поднесени од пратеникот Лилјана Поповска од списокот редните броеви 117, 119,137 и 142.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за локална самоуправа.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Амандманите не се прифаќаат.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманите не се прифатени.

Дали некој бара збор?

Повелете г-ѓо Поповска.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам г-дине претседателе, почитуван министре, почитувани колеги пратнеици,

Амандманите се однесуаат на новата општина Сарај која е формирана да биде како дел од Градот Скопје. Имено, се работи за целата општина Сарај каде Влегува и поранешната општина Сарај и поранешната општина Кондово. Тоа е пакет од четири амандмани кои сите заедно го регулиаат тоа прашање.

Аамандманите се предлагаат од причини што општина Сарај вака како што е формулирана претставува големо рурално подрачје кое по своите карактеристики нема

функционална основа да биде поврзано со Скопје. Следејќи го принципот на функционалност и фактот дека градот Скопје е најголемата урбана населба во Република Македонија, сметам во иднина да се размисли од него да се издвојат сите селски населби по примерот на многу градови во светот.

На овој начин кога би се избришала сегашната општина Сарај односно кога би се одвоила повторно да биде едно рурално подрачје само обединето помеѓу поранешните општини Сарај и Кондово, сметам дека би било сосема равционално решение и како вовед во натамошна реорганизација на Градот Скопје и територијална организација каде и другите во некоја наредна фаза, по некое анализирање на состојбите во градот, би се издвоиле и другите селски населби, бидејќи мислам дека тие само го оптоваруваат градот и граѓаните од една страна, а од друга страна и самите граѓани во тие рурални делови немаат такви придобивки со тоа што се жители на Скопје, како што на прв поглед би можело да се види.

Што се однесува до овие амандмани за Сарај, лично не слушнав причина која би ме убедила дека има логика да биде вака, за мене не се причини наводите дека Сарај и Матка биле излетнички места каде оделе Скопјани, па затоа сега треба да бидат дел од Скопје.

Колеги, знаете, Скопјани одат и на Попова Шапка и на Маврово што не значи дека и тие треба да бидат дел од Градот Скопје.

Освен тоа што се наведуваше и изворот Рашче и тоа беше наведувано како една од причините, тоа исто така, според мене, не држи, бидејки тоа се регулира на национално ниво за користење на водите и водотеците и тоа нема никаква врска со локалната самоуправа и територијалната организација, барем онака како што јас ја сваќам.

Што се однесува за користење на јазикот тоа е една природна потреба, природен процес и нависитна не е нешто што на ваков начин, еден груб начин би се правело, затоа што не верувам дека бенефитот и добробитта, она што ќе се добие од тоа ќе може да се оправда со сето она што предизвикува отопр и тубуленции сосема непотребно кога некои

процеси се природни, си течат по својот ред и ќе се реализираат онака како што треба и како што е од природата дадено.

Еве, ова би била накусо мојата елаборација  за овие амандмани.

Инаку, само сакам да му се заблагодарам на минситерот Гештаквоски што ги прифати амандманите поднесени од колегите Тасим Сулејмановски и Славе Арсовски, со оглед на тоа дека практично се работи за речиси идентични амандмани за истата содржина. Навистина ни е задоволство и сметам дека и јас сум успеала, само ни е чудно што не беа ставени на заедничка расправа заедно и со моите амандмани, кога веќе се работеше за иста тематика. Тоа е малку чудно. Меѓутоа, грешки се случуваат, нели. Во секој случај важно е што амандманите се донесени и верувам дека граѓаните од општина Ростуше и од општина Дебар ќе бидат задоволни.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не се комплетно исти, а ќе дообјаснам подоцна.

Господине Трајановски, повелете имате збор.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе.

Некако многу брзо поминаа овие амандмани, затоа би сакале, со оглед на тоа што минситерот го прифати претходниот амандман, туку сакам да му честитам на министерот, се надевам дека и овој амандман ќе биде прифатен. Мислев од парламентарното мнозинство, ќе добиеме подршка.

Значи, се работи за општината Сарај, со седиште во село Сарај. Инаку со оглед на тоа што дискутираме за трите амандмани, во третиот амандман се наведени населените места што треба да ги има новоформираната општина Сарај. Отука може да се види дека и населените места од постојната општина Кондово, значи се работи за општината Сарај постојната и општината Кондово постојната, во една новоформирана општина Сарај да останат како независни надвор од Градот Скопје. Тоа се постигнува со амандманот два каде во членот 10-в каде се скопските општини, точката 77 се брише, а се додава во општините што се независни во РМ. Значи, не се врзани во Скопје.

Сметам дека ова припојување кон Скопје е неприроно. Една рурална средина се припојува кон една урбана.

Второ, сметам дека е неприродно тоа што во развојот од 1996 до 2002 година имаат видни резултати постигнато во оваа општина. Впрочем, мислам дека и на Советот имаат донесено Одлука, во првата фаза, да бидат независна општина. Доаѓајки во Скопје општина Сарај како скопска општина губи дел од ингиренциите што би ги имала доколку е независна, надвор од Градот Скопје. Со тоа сметам дека на некој начин ќе бидат ускратени одредени можности и на самите граѓани на општина Сарај.

Меѓутоа, исто што сакам да потенцирам, а и претходно го кажав, сега само на кратко, се работи за тоа што делод даноците и дел од такси во однос на комуналните такси 60:40 во корист на градот 60% тие ќе одат, за даноците 50% ќе одат во градот, како тие ќе се вратат? Како советниците, сега од општина Сарај во Градот Скопје ќе се изборат за тоа? Ќе биде многу проблматично, со оглед на фактот и искуството што го имаат постојните општини во Градот Скопје како што е Гази Баба, Чаир, Ѓорче Петров и други. Сето она што влегува во градската каса многу тешко после и многу проблематично се враќа назад како инвестиција. Значи, во подобрување на условите на живот сметам дека ќе настане стагнација.

Исто така што е многу значајно, сметам дека требаше и Градот Скопје да се праша дали општина Сарај ќе се припои кон Градот Скопје. Бидејки од сите аргументи што се наведени дека треба да се припои, останува само еден тоа е политичко-етничкиот момент, значи целта е да со ова припојвуање на Сарај со триесетина илјади жители, Градот Скопје стане двојазично. Тоа е главниот мотив, главната цел на сето ова.

Ова е една од трите клучни точки на оваа територијална поделба. Покрај Струга, Кичево и Скопје. Трите клучни, најпроблематични точки што навистина го вознемирија народот во Република Македонија и останатите припадници на заедниците што не се мнозинство во Република Македонија. Затоа сметам дека оваа општина треба да остане надвор од границите на Градот Скопје, впрочем како што се останати и општините: Сопиште, Студеничани, Зелениково и Петровец, Илинден, Арачиново, Чучер Сандево. Сите овие до 1996 година, во рамктие на Градот Скопје, не како посебни општини,

меѓутоа беа територијално, а со одвојвуањето станаа надвор од Скопје и сега не гледа никаква аргументација освен онаа што ја кажав политичко-етничка за Градот Скопје да биде двојазично. Освен таа ниту една друга аргументација или критериум не држи за да општината Сарај биде десеттата Скопска општина.

Мислам дека на овој начин ќе се направи една голема неправда  и према граѓаните на општина Сарај, а верувам дека исто така и према граѓаните на Градот Скопје. Затоа, апелирам до парламетнарното мнозинство да се прифатат овие амандмани, овој пакет на амандмани што ги предложи колешката Лилјана Поповска, а со тоа Градот Скопје да остане во постојните рамки. Се надевам дека подобро ќе биде и посамостојни ќе бидат и општинтие Сарај и Кондово откако заедно, надвор од границите на Градот Скопје.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете г-дине Караџоски имате збор.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ

Почитуван претседателе, колеги пратеници,

Искрено се надевав дека како што ни тргна, после 130 амандмани конечно да се прифати и мислев дека понатаму ќе продолжиме во тој правец. Кога на ред дојде овој амандман, ајде, си велев, пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ предлагаше слични амандмани ако овој, ете, за да не се понижи парламентарното мнозинство не ги прифаќаше минситерот, мислев дека овој амандман ќе биде прифатен. Но, не е прифатен и тешко дека ќе биде изгласан. Така, не ни останува ништо друго освен г-дине претседателе да станеме и повторно да ги изнесме оние аргументи што до вчера или до денеска ги изнесувавме, само во оној правец како што се кажува дека повторувањето е мајка на знаењето. Ако ништо друго, барем да ги научиме општините добро, да научиме каде е Сарај, зошто е таму каде што е, затоа што од утре ќе биде во Скопје, дел од Скопје. И, од утре, општината Сарај ќе ја одигра онаа главна улога со која Скопје историски ќе стане двојазичен Град и тоа главен град на Република Македонија.

Јас и вчера, во расправата кога станувaше збор за Сарај, кажав која е главната причина, денеска ќе ја повторам повторно со истите аргумени, за да, ако ништо друго, ако не можам да придонесам да убедам некого да гласа за амандманот, барем повеќе пати да го кажеме тоа што е, ако ништо друго јавноста добро да го сфати.

Општината Сарај, во сегашните граници во сегашниот состав има 35.408 вкупен број на населени. Вчера кажав, а и сега дека таа општина по бројот на општини припаѓа во категоријата на оние општини што се наредени според бројот на жители, општини до 50 иљади жители, кои што спроед сите критериуми, ако минималниот цензус е 5 иљади жители, овде тој цензус незнам за колку пати е надминат. Не сум математичар, не можам да израчунам, меѓутоа цензусот е надминат за не знам колку пати. Што значи дека според тој критериум таа општина во секој случај требало да опстане. Зборувам за општина Сарај, заедно со Сарај и Кондово и сите оние населени места што се набројвуаат, а да не ги читам, да не ви одземам многу време.

Сега ќе се вратам на тоа што е битното, тоа што ќе произлезе, суштината и зошто е така одлучено како што е одлучено од страна на Владата. Значи, општината Сарај за која што кажав колку вкупен број на жители има, според демографската структура на населението има 1377 македонци или 3,89% македонско население, 32408 Албанци со процент од 91,53%. Власи нема, роми се 0,77%, Бошњаци има 1120 жители или 3,16% и останати некаде 0,5%. Значи, комплетно станува збор за една мултиетничка општина во која е толку очигледно дека апсолутно доминира албанското населенеи со 91,53%. Тоа не е мал процент. Значи, станува збор можеби за комплетно чиста албанска општина.

Што е сега причината, зошто оваа општина треба да се припои кон Скопје? Не треба човек да биде многу паметен па да ја свати логиката. Проста математика укажува дека главниот критериум, главниот показател врз основа на кој што Владата се базирала е токму овој процент 91,53% или 32408 жители. На Градот Скопје, според сите математики што ги правел ДУИ заедно со нивните коалициони партнери им недостасувале некаде околу 30 илајди жители за да дојдат до потребниот минимум од 20%, според Рамковниот договор со кој што би го направиле Скопје двојазично. И тоа се направи благодарение на една добра математичка пресметка, не водејки смтка ама баш

за ништо друго освен само за ова. Така се измисли општината Сарај, заедно со Кондово и сите овие населени места да се прилепи до Скопје и така Скопје да стане она што беше дамнешна и сегашна желба на ДУИ, она за што два месеци се мислеше и премислуваше СДСМ, она за што г-динот Црвенковски ни кажа, треба да има храброст и да признае дека етничкиот критериум доминира, она за кое што токму тој ја пресече лентата, инаку ќе чекавме можеби уште месец, два, некој да се договара и она што беше најголема пречка, односно кочница во преговорите, како во времето "живот дајемо Вис не дајемо", Скопје не го даваме двојазично, ама испадна го дадовме. Тука се оние резултати од 3:0, 5:0, не би сакал да ги спомнувам. Во суштина ова е општината жртва, така ја нарекувам, зато ашто требаше да се најде жртва со која што ќе се постигне целта. И сега, уште колку пати да зборуваем, уште колку пати да кажуваме не верувам дека парламентарното мнозинство е глуво. Едноставно не сака да слуша. Уште помалку сака да прифати аргументи. Предодредено е да гласа така како што е предложено односно да го одбие овој амандман.

Мене ме радува само еден податок што не е само опозицијата таа што мислела на овој начин па не треба да се вади дека опозицијата е таа што прави опструкција, подметнува амандмани, аргументите на опозицијата се безпредметни, нивните амандмани се несуштински и да не редам се и сешто. Тука имаме подносител на амандманот госпоѓата Лилјана Поповска, која припаѓа на парламентарното мнозинство која сепак направила амандман со кој што апсолутно се потврдуваат ставовите на опозицијата, тоа што ние цело време го зборуваме.

Тука почитувани колеги треба да ја гледате логиката. Ако пратениците кои овде ги претставуваа граѓаните, можат да размислуваат и надвор од партиските бои, а во рамките на логиката и во рамките на она што е суштинска работа, не би требале да се плашиме и само да гласаме поради некакви партиски ставови.

Во општината Сарај со сите аргументи, аргументации, со она што имавме можност да го слушнеме од нејзиниот градоначалник што во еден наврат кажа дека општината треба да опстои, а откако го притиснаа се премисли па даде спротивна изјава, меѓутоа надвор од сето тоа таа општина, во секој случај покажала и докажал дека може да

опстојува. Дури и да не докажала, не покажала, со толкав број на жители, со таква демографска структура, со тоа каде припаѓа географски, со тоа што од една страна правиме наместо општини што ќе ги развиваме и припојуваме во кон веќе развиени, уште па плус и Главен град, не им даваме простор да дишат на таквите општини во однос на Градот Скопје, испаѓа дека на овој начин само се постигнува одредена цел што ќе покаже времето дека била погрешна.

Еве толку почитуван претседателе, повторно ќе завршам, ако ништо друго, вистина било дека повторувањето е мајка на знаењето. Повеќе пати ќе повториме, ако ништо друго да ги научиме општините, ако ништо друго барем аргументите што опозицијата цело врем ги кажува, барем да допрат до граѓаните ако не може кај вас и кај парламентарното мнозинство.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Караџоски.

Господине Дојчиновски  баравте реплика, имате три минути повелете.

КИРО ДОЈЧИНОВСКИ:

Сметам дека оваа тема на некој начин ќе добие поголемо значење во расправата кога ќе зборуваме за Градот Скпје. Иако и досега на 4-5 пати е веќе предмет на расправа и ми се чини е завршена расправата.

Во овој момент повторно се враќме на неа. Нормално, овој пат од пратеник од позицијата, амандман на пратеник  од позицијата, што мислам дека г-динот Караџоски не сфати во целина. Госпоѓата Поповска во ниту еден момент не го стави на преден план проблемот на двојазичноста на Скопје, со Предлогот за припојвуање на Сарај. Таа бараше некои други аргументи што за мене се исто така неприфатливи. Меѓутоа, г. Караџоски сакаше да каже дека и тие имаат амандман ист како нашиот барајки решени за двојазично Скопје. Тоа не го кажа Лилјана Поповскаи. Лилјана Поповска бараше некои други решенија зошто не би требало да биде предмет на припојвуање.

Второ прашање, јас незнам дали можам да барам аспирација меѓу тезите што некгоаш ги слушавме од вашата партија за преселба на народите кога овде го

употребуваме терминот од утре Сарај ќе биде во Скопеј. Преселба на територии нема. Тие ќе бидат пак таму каде што се ќе бидат поврзани со Скопје.

Кажете ми сега нешто друго, што е тоа што не е својствено за Сарај да биде во Скопје и што е тоа што не е интересно да Скопеј биде со Сарај. Каде завршува границата на Сарај и Скопје? Уште повеќе ако знаеме дека само пред 2 години во Ѓорче Петров и Сарај заеднички, на свечен начин отворивме мост за врски меѓу Сарај и Скопје на реката Вардар.

Затоа ми се чини дека се она што таму некни го зборувавме, туристичките објекти, рекреативните езера, можеби и одредени странски концесии за тој регион во целина да добие една нова содржина, не можеме да го издвоиме како што се некои други приградски населби во Скопје. Според тоа ми се чини дека некои работи погрешно ги врзувате.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Караџоски, една минута.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван колега, за една минута јас не можам да одговорам на она што овде ме прашавте. Можам само една работа да ви кажам. Значи, ако не сте знаеле, еве да ви кажам јас сум по професија адвокат и овде сум пратеник. Најмалку од вас очекував да бидете вие адвокат на госпоѓа Лилјана Поповска. Значи, ако таа имала забелешки на она што јас кажав, ќе си кажеше самата. Не треба вие да ја браните.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете гоподине Оровчанец.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Ќе се надоврзам на оваа дискусија за општината Сарај, односно амандманот за општината Сарај со една единствена цел. Мислам дека после две недели расправање по амандманите воопшто кои го засегаат практично Законот за територијална организација станува дефинитивно јасно, очигледно, транспарентно на случајот на овој амандман за општината Сарај, практично за што се работи во Македонија.

Прво, сакам да нагласам дека општината Сарај со предлог законот што го имавме во претходната фаза, значи ова е втора фаза беше општина која што беше споена со Кондово и опстојуваше како самостојна општина, меѓутоа не како функционална единица, или општина која би припаѓала на градот Скопје и би влегла во градот Скопје. И тогаш воопшто не се дискутираше и немаше никакви ниту полемики, ниту дилеми овде, ниту пак се сеќавам дека некој го поставил прашањето воопшто за приклучување на општина Сарај барем во тој момент или во таа фаза како општина во самиот град Скопје. Потоа бевме сведоци на еден т.н. владин компромис во 40 дневен маратон, затоа што маратонот е од 40 км, овде беше 40 дневен во кој што се градеше компромис на коалиционите партнери и каде што бевме присутни на една пресија, континуирана пресија на ДУИ, конкретно пресија и од страна на нивниот лидер Ахмети кој што кажа неколку работи што не треба да ги заборавиме и јас би ги дефинирал како насилнички изјави кои што вршат притисок врз јавноста. Една од тие изјави е дека е тоа гаранција за мирот, што само по себе дава ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Оровчанец, ве молам за амандманите.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Токму за овој амандман зборувам. Што дава сугестија дека ако не се прифати ќе биде не мирно, туку ќе биде нешто друго. Во тој период околу прашањето на Сарај и градот Скопје практично воопшто не се поставуваше размислувањето за општина Сарај да влезе во градот Скопје, туку се размислуваше и единствено така беше презентирано да се најде начин на двојазичност на Скопје. И сега откако сите овие елементи ги склопивме за овие две недели низ оваа амандманска расправа, ние имаме дефинитивно јасна намера на еден од партнерите во власта. Тоа е од една страна поголема територија плус главен град двојазичен што веќе е последна фаза во припремата за понатамошна федерализација.

Што е суштината? Суштината е практично еден лош политички договор кој што политички договор внесува практично насилство кое што го гледаме преку испитувањата на Институтот за социолошки и политички науки во кои што за скоро 80% од граѓаните на

Македонија земено на репрезентативен примерок практично оваа територијална организација е неприфатлива. Во таа неприфатливост јас сметам дека и општината Сарај со нејзиното влегување во градот Скопје е еден од елементите во мозаикот кој што треба практично да го дооформи јавното мислење.

Имам прашање, дали воопшто околу спојувањето на општина Сарај како таква во градска општина, дали воопшто е консултиран еден експерт, воопшто, било кој, како и за целиот закон каде што експертите беа прогласени за квази експерти, не научници итн, затоа што не одговараше на политичкиот дил. Резултат практично би било спојување на една крајно рурална средина со еден мегаполис. Тоа се две работи кои како сакате да ги спојувате, се неспоиви.  Меѓутоа, еве нашата централна власт успева се, изгледа пие некој пијалок континуирано, па се е можно. Би требало целиот закон да се бариза на некоја проценета ситуација затоа што слушавме дека законот бил мудар. Воопшто мислам дека нема никаква проценка, а тоа најмногу се гледа во лошата проценка на оваа состојба на општина Сарај со која што не им се остава самостојноста на оној начин како и другите општини, туку како општина сака да се прегрупира сосема нелогично токму нелогичноста е во тоа што со тоа се сака да се постигне исклучиво двојазичност и ништо друго. Можам да кажам дека една лоша централна власт како оваа може да направи само лош закон за територијалната организација и дека по системот на споени садови колку лошо ќе функционира локалната власт, ќе функционира исто онака лошо како што сега функционира централната власт. Врз база на сето тоа што можам да го забележам, јас би заклучил дека на вакво насилство народот треба да одговори мирно и со молив и на референдум да се спротивстави на вакво насилство од страна на власта.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Оровчанец, ќе останам без коментар.

Има збор господинот Блаже Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОвСКИ:

Со овој закон оние кои што го конципирале решението ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине, зошто почнувате: со овој закон. Кажете со овој амандман.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Со овој амандман кој е поднесен на законот кој што е доставен до ова Собрание од стрна на Владата на Република Македонија преку Министерството за локална самоуправа, а зад кој закон застанаа владеачките партии СДСМ, ДУИ и ЛДП, навистина се покажа дека сите овие учесници во предлагањето и во оставањето на ваква неопходна потреба за поднесување на овој амандман се покажале навистина како добри математичари. Имено, факт е дека опстојувањето на општина Сарај како дел од Скопје, или надвор од Скопје, не било воопшто ставено под знак на прашање заради постоењето на определени реални состојби, реални критериуми, туку единствено заради етничката структура на оваа општина. Согласно предложениот закон општина Сарај има вкупно население со бројност од 35408 жители, исклучително добра бројка која што во себеси содржи 91,53% Албанци, или 32408 Албанци. Значи, исклучително добра бројка која што е неопходно потребна за да се направи процентуална математика во која што треба да се постигне цензусот, или процентот од 20%. Исто онака како што министерот милуваше да каже за општина Долнени на пример кога се разговараше дека Советот на првата наредна седница ќе им овозможи на Бошњаците во таа општина да имаат право да го користат својот мајчин јазик, така овој пат се девалвира волјата на Советот на град Скопје кој што треба да одлучува за тоа прашање и намерно се става општина Сарај во Скопје само и само за да има некаква гаранција која што е утврдена со закон за употребата на албанскиот јазик не во Скопје, туку во главниот град на Република Македонија. Целта, мотивите, причините за толкавата важност на двојазичноста на Скопје што се даде од страна на предлагачите навистина не можат да се образложат на друг начин и затоа општина Сарај е ставена во Скопје единствена како потреба главниот град на Република Македонија да биде двојазичен, што иманентно само на федерални држави, како што е Белгија, Швајцарија, Канада итн. Исто така, некои податоци кои што се наведени како аргументи, или причини зошто Сарај се припојувал кон Скопје, воопшто не се компаративно споредени со податоци кои што се однесуваат на останатите општини кои што не се спојуваат со градот Скопје, затоа што тие не соодвествуваат со математиката која што ја правеле предлагачите на законот и оние кои што доведоа да мораме да

поднесеме еден ваков амандман кој што дирекно ќе значи надминување на оваа навистина неприродна состојба. Инаку, градот Скопје навистина нема потреба од дополнителни рурални општини кои што имаат навистина сосема специфични потреби и сите оние аргументи кои што се кажуваа и досега, кои што еве ги кажуваме постојано и веќе станаа банални, затоа што се повторуваат повеќе пати дека има капацитет, дека бројката на жители од 35 илјади навистина му дава за право да може самостојно, целосно самостојно да одлучува за локалните потреби општината преку своите избрани претставници, градоначалник, членови на советот, дека тие можат на референдум да ги искажуваат своите ставови по однос на реализацијата на нивните барања за реализација на проекти од локално значење итн, сето она што е наведено како ингеренции во законот за локална самоуправа, не значи ништо друго освен ставање на рака, на поделба на ингеренциите на градот Скопје и на општината Сарај за реализација на овие активности и истовремено утврдување на етничкиот пристап во решавањето и утврдувањето на границите на градот Скопје единствено како граници кои што ќе значат обезбедување на двојазичност на главниот град на Република Македонија, кој што, еве слушаме и од Албанската академија на науки и уметности дека бил историски центар на Косово. Меѓутоа, независно од тоа, сметам дека доволно е кажано, не сакам да должам многу. Општина Сарај се става во Скопје не заради потребите на нивните граѓани, не заради албанците што така подобро ќе живеат, подобро ќе ги остваруваат своите комунални потреби, туку затоа што на овој начин симболично и реално веројатно имаат некаква цел во иднина да покажат дека Република Македонија може да се види како федерална држава и да биде во контекст на решавањето на Косовското прашање подготвена за некои други регионални решенија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор господинот Слободан Даневски.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Ова е ново за вас. Да не заспиете, така да интервенирате почесто, сега да ве ставиме во функција.

Овој амандман што е поднесен од една наша колешка е општина Сарај да биде посебна општина, да биде надвор од Скопје, да биде посебно издвоена, бидејќи еве, со укажувањето на претседателот дека зборувавме повеќе пати во контекст на ова прашање и исцрпени се скоро сите аргументи за и против, некои работи мора да ги апострофираме, да ги кажеме. Станува збор за општина која ќе брои некаде 35 илјади 408 жители што значи поаѓајќи од оние репери и критериуми што ги дава Министерството за локална самоуправа ги исполнуваат сите услови, предуслови да биде самостојна општина, како што и беше.

Сега се наметнува она второто прашање, сите тука се повикуваме кон патот кон Европа, кон демократизација, кон остварување на човекови права, почитување на некои европски стандарди. Но, ние мислам дека не ги почитуваме европските стандарди, не ја почитуваме Повелбата на членот 5, бидејќи имавме коментари и толкувања разно разни, ако доаѓа од позиција еднострано се гледа Повелбата на членот 5, ако доаѓа од опозиција, друго се чита. Би било добро јас да ја прочитам Европската повелба членот 5, за да не правиме забуни, за да биде јасно на целата јавност. Во Европската повелба во членот 5 стои вака: границите на територијата на која се простира надлежноста на локалните власти не смеат да се менуваат без претходно консултирање на локалните заедници што се во прашање, а доколку е тоа можно по пат на референдум кога е тоа предвидено со статут.

Мислам дека ние не ги почитуваме овие стандарди, не почитуваме она што значи влегување кон патот на Европа. Европа не се залага само за носење на закони, туку почитување на европски стандарди, почитување на институциите. Но, ние како сакаме од позиција на власт, или опозиција, Уставот го толкуваме како во супер маркет. Кога ни одговара, ќе влеземе, ќе си купиме, а ако ни одговара ќе платиме, или нема да платиме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Даневски, ве молам сега супер маркетот спојте го со амандманот.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Амандманот претседателе, е таман на место. Сарај не е во Албанија, Сарај е во Македонија. Не зборуваме за Сараево, зборуваме за Сарај. Ова што мене ми пречи и мислам дека треба да побуди внимание на граѓаните во градот Скопје е тоа дека по механички пат ние сакаме да направиме Скопје да биде двојазично. Претседателе, дали се сложувате?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Тоа е веќе ваш аргумент, политички, повелете дискутирајте.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Вие дали го делите ова мислење или не го делите?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дискутирајте понатаму.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Претседателе и јас имам право да коментирам еднаш во десет дена, дозволено е.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас ќе го кажам мојот став кога ќе дојде време.

Повелете.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Значи, исклучиво ви кажав дека како пратеник Слободан Даневски е против Скопје да биде двојазично. Мене никогаш не ми сметал албанскиот јазик, но на ваков начин по механички пат да се направи Скопје да биде двојазично, априори сум против. Ова што загрижува, а тоа е граѓаните на градот Скопје не реагираат, туку како да им е се едно исто. Потоа ќе се жалат, па што ни направивте, па ова, па она, арно ама денеска ќе оди курбан и Скопје и Скопје ќе оди двојазично. И мене не ме загрижува тоа што ќе оди Скопје двојазично, договорена е шемата, Скопје оди двојазично.

Сега постои уште еден многу посложен и многу поголем проблем. Зошто се инсистира. Колегите албанци знаат дека Скопје ќе биде двојазично. Тоа е договорено, извршен е притисок. Прво, направени се уцени за Струга и Кичево, а се фокусираат на

градот Скопје. Постои уште една поголема опасност. Постои опасност со приклучување на општина Сарај спрема градот Скопје и општина Кондово. Знаеме дека таму не се контролира градбата, знаеме дека таму не се плаќаат комуналии и се гради. Да не ни се случи за две, три години да дојдат 150 илјади нови жители, механички прилив па да имаме поголем број на население во општина Сарај и Кондово. Затоа што знаеме како се гради интензивно во Буковиќ и знаеме како работат нашите началници не само во оваа власт, туку и во претходната власт и претходната и претходната, знаеме и по какви критериуми и по какви услови им даваат моментално место на живеење на оние кои се дојдени од Косово, или од Албанија, не знам. Така што механички правиме прилив, механички го зголемуваме бројот на населението. Против ова сум јас господине претседателе, против овој механички прилив што сакаме да прекројуваме, а не она што е природно. Никој не може да им оспори она што е во Струга. Во Струга толку мултиетнички се исполнува двојазичност. А ние сега да правиме пазар, да го даваме Скопје, градот Скопје да го даваме за да се остане по било која цена на власт, мислам никој нема да ни прости. Идните генерации ќе не стават за ѕид. Еден ден ќе дојде некоја нова власт која ќе не осуди сите нас тука како предавници. Како што ни се случува сега денеска во Парламентот мнозинството да дигне два прста и ќе работиме до 12,00 и до сабајле и недела и сабота. Тогаш ќе дојдат некои здрави сили македонски, ќе дигнат два прста и сите нас ќе не осудат.

Сите ќе одговараат според она што го направиле. Ова не е закана. Историјата повторува грешки.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За амандманот господине Даневски.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

За амандманот господине претседателе, ова е историски момент. Скопје оди двојазично. Мислам дека денеска ја пишуваме историјата за ова што механички сакаме да го направиме Скопје никој нема да ни опрости. Овој амандман е во контекс на она да остане општина Сарај како и до сега, ако е функционална, а верувам дека е функционална. Ако сме издвојувале средства преку неразвиени општини, донации, КАРДС програми и не

знам кои, јас сум тука  и можам да ви повторам и многу пати сме дискутирале дека сме ги третирале општини кои се албански и кои се македонски, дека многу малку се издвојуваат средства за албанските општини и целото внимание цело време го фокусиравме таму. И, секогаш викаме нека  биде само мир и нема да има  проблем. Мир ќе видиме дали ќе има.

Ако го погледнеме источниот дел од каде што доаѓам јас како пратеник гледаме дека тоа се руинирани, уништени села.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Даневски последен пат ве опоменувам, за амандманот да дискутирате.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

За амандманот дискутирам претседателе.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не, дискутирате за источниот дел на Македонија, за левиот брег на реката Вардар, ве молам за амандманот да дискутирате.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Ова е многу битно претседателе, многу суштински поврзано. Ние во источниот дел на Македонија немаме еден пат. Свети Николе нема вода. Знаете вие дека денеска Свети Николе со цистерни добива вода. Еве, Свети Николе нема вода. Луѓето велат, вие пратениците сте виновни. Јас велам Владата е виновна и Парламентот. Ние донесовме заклучок, а Свети Николе на плус 40 степени добива една цистерна за 15 илјади луѓе.

ЉУП6О ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Даневски.

Инаку што се однесува до граѓаните на Скопје, јас мислам дека тие се многу попаметни и помудри од нас овде. Таа забелешка што ја дадовте за заспаноста на граѓаните на Скопје.

Господинот Андан Јашари има реплика. Повелете, две минути.

АДНАН ЈАШАРИ:

Благодарам господине претседател,

Го почитувам колегата Даневски и мислам дека и тој треба да ме почитува и да го прифати моето размислување што ќе го кажам сега. Господине Даневски од вас, но не само од вас, се цитира членот 5 од Европската повелба за локална самоуправа. Целосно се согласувам е така како што вие рековте и така како што го прочитавте тоа, така пишува во членот 5. Но, и покрај тоа, ќе ве поканам да го прочитате членот 3 од Законот за територијална поделба кој што е во сила во Република Македонија, а во кој се вели: “Основањето на новата општина, измената на подрачјето и седиштето се врши врз основа на овој закон”. Значи, врз основа на закон

Понатаму во членот 19 алинеја 2 од овој закон за локална самоуправа донесен во 2002 година се вели: “Основањето на новите општини како и измените на седиштето на општините се врши исто така со закон”. Во членот 2 од овој Предлог-закон се вели: Основањето на новите општини било преку спојувањето, било преку поделба или измената на името и седиштето на општината се врши со претходна консултација на граѓаните. И, сега се поставува дилемата зошто е вака. Тоа што вие го читате е вклучено во членот 2 од предлогот кој е во сила. Зошто го велам ова. Бидејќи од ова Собрание е ратификувана таа Конвенција. Кога една меѓународна конвенција се ратификува во Собранието таа е составен дел на правниот систем. Но и покрај тоа во правдата има принципи и начела. Едно правило вели лек специјалис, ги деригира специјалните закони, со два збора да ви објаснам што значи ова. Сите прашања кои се регулирани со специјални акти и тие прашања се спроведуваат во одредбите на тој закон. Евентуално, доколку нема специјални закони тогаш се спроведуваат генералните закони. Во конкретниов случај прашањето на територијалната организација во Република Македонија е регулирана со акт, специјален закон, тоа е законот кој е на сила, а од тука треба да се спроведат и одредбите на овој закон.

Во иднина почитуван колега во овој закон е вклучен членот 5 од Европската конвенција. Доколку успеав да ви објаснам, мислам дека ја постигнав целта. Затоа ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господин Даневски една минута.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Не ми објаснивте многу, зборувавме на иста референца и се разбираме добро и двајцата зборувавме дека во сила се сигурно и законот и повелбата, но и во двете работи стои дека е нужна консултација. Значи, консултација на граѓаните. Дали ние направивме услови да ги прашаме граѓаните на градот Скопје дали тие сакаат да живеат со граѓаните од општина Сарај. Ние не направивме референдум, не ги прашавме граѓаните на градот Скопје дали сакаат или не.

А, за другото апсолутно се согласуваме дека е на сила и законот и повелбата, тука нема спор. И на крајот користам прилика да ви честитам. Вие во вашите намери добри со задна намера, предни, задни успеавте. Ние македонците сме губитници. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, господине Гештаковски барате збор или реплика.

Повелете три минути.

КИРЕ ГЕШТАКОВСКИ:

Благодарам господине претседателе.

Сакам да реплицирам само во делот на мојот колега каде што се задржа околу повикот на граѓаните на Скопје, ова не е прв пат, не само од негова страна туку и од други пратеници и други граѓани ги повикуваат граѓаните на Скопје и на останатите градови на Република Македонија.

Со повикот на граѓаните ги нарекуваат дека спијат граѓаните, посебно граѓаните на Скопје, дека во папучи гледаат телевизија, дека не се заинтересирани за овој историски закон и тн. Сакам да го потсетам колегата Даневски дека грѓаните на Скопје не ја поддржуваат другата пштина бидејќи знаат ги имаат видено и неговите лидери и статутарниот лидер на ВМРО-ДПМНЕ кој на сите митинзи повиквуа на демонстрации и насилно рушење на власта. Тие имаат сфатено дека тука не е борбата за подобрување на законот за децентрализација и територијална организација, туку единствена цел голата борба за власт. Спомнуваат некои сценарија, спомнуваат хеликоптери и дека никој нема да се спаси, се со цел насилно доаѓање на власт.

А, граѓаните на Скопје и граѓаните на останатите градови во Република Македонија многу убаво знаат дека на тој начин ако ги доведат на власт првиот ден со две раце ќе потпишат било со ДУИ, било со ДПА закон не за двојазично туку за петјазично Скопје или ќе донесат пет пати полошо законско решение од ова што е предложено од оваа Влада. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Даневски една минута.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Господине Гештаковски во ниедна намера не сум имал намера да ги потценувам граѓаните на Скопје. Што се однесува до Слободан Даневки, Слободан Даневски е либерал во Либерална партија, научете тоа.

За другото, јас сум сведок кога се носеше законот односно измените на Уставот, Рамковниот историски договор, кој многу го цените вашите лидери ги искршија двата мерцедеса пред Собранието, се качија во кабинетот на покојниот претседател, и тоа вашите лидери на прво место со дел новинари, се качија направија ршун во Собранието. Знаете што се случи? Да се случеше сега ова ќе се пукаше не со бомби, атомска бомба ќе се фрлеше на граѓаните на град Скопје.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Процедурално господинот Есад Рахиќ. (Реакција на пратениците во салата).

Точно е, се кажа една невистина.

ЕСАД РАХИЌ:

Јас се извинувам јас би го повикал мојот колега и пријател Слободан Даневски да не дава паушални изјави бидејќи тоа што се случуваше пред Собранието на Република Македонија не беше организирано од лидерите на СДСМ, туку беше организирано од една група која што сакаше насилно да ја преземе власта и да воведе воена диктатура и воен удар во Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Рамадани, имате збор.

Впрочем сите ја знаеме вистината и не е ништо смешно господине Даневски, така да нема што да се возбудуваме. Се познаваме сите многу добро.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги, почитуван министре, ќе направам обид малку нивото на дебатата да го издигнам на малку поакадемско ниво со самиот факт дека сме ние тука одговорни и ги претставуваме граѓаните на Македонија.

Тоа што сакам да го кажам лично и тоа што ме поттикна е амандманот поднесен од потпретседателката на Собранието за која има посебна почит независно од тоа дека можеби ставовите ни се спротивставени околу одредено прашање. Затоа би сакал внимателно да се ислушаме и да дебатираме така како што ни прилега.

Ние треба да разбереме почитувани колеги дека овој амандман кој е поднесен му се противиме до таа мера до која што еве на пример држи тоа што ќе го кажам јас дека Скопје ќе биде многу поубаво, многу поинтересно и со Сарај и со Матка. Значи, држат аргументите дека и комуникациската врска, но и движењето на граѓаните од Скопје кон Сарај, кон Матка секогаш течело. Да не го заборавиме традиционалниот празник, како што е на пример 2 Мај.

Овие аргументи верувам дека се посилни од оние кои што размислуваат поинаку. Понатаму, треба да разбереме и нешто друго, дефиницијата за некој патриотизам кои што некои колеги сакаат тука да ја презентираат, сега донекаде е изменета во ова време. Денес не е голем патриот и човек оној кој што го сака многу својот народ доколку тој се затвори, се изолира во рамките само на неговиот народ. Интеграционите процеси нас не обврзуваат да го измениме и нашето разбирање за тоа што значи патриотизам. И, тоа е поврзано со овој амандман со двојазичноста на Скопје. Тоа е главната поента.

Јас за себе повеќе ги почитувам оние кои денес ги афирмираат интеграционите процеси и јас ги поздравувам некои нови колеги, посебно во групата на СДСМ, има тука многу имиња, имиња на млади Иван, Игор, Славица, Весна, извинете што не можам да спомнам повеќе имиња. Јас сега се ставам во оние старомодните, но ги почитувам младите кои што ни нудат моменти за кои кажуваме дека се добри за тоа што претставуваат интеграционите процеси. И, самото припојување на Сарај кон Скопје претставува еден

дел на интеграционен процес затоа што е добро кога жител од Сарај може да дојде да направи некои работи во Скопје и понекогаш да може да каже здраво и добар ден на албански, без никаков проблем. Меѓутоа, доколку како чувствителна работа го гледаме јазикот, тогаш проблемот е дека во оваа многу чувствителна работа, сме се препуштиле на една ваква чувствителна работа и сме си дозволиле оваа работа да ја третираме по улици, по протести дури и да не водат луѓе кои што на крајот на краиштата не се докажале со некој голем авторитет во нашето политичко секојдневие.

Јас ќе бидам толерантен еве и за македонскиот јазик, мојот дел од оваа дискусија, ќе почнам да продолжам на македонски за да можам да комуницирам уште подобро, уште подирекно, и на крајот на краиштата и со моите емоции со вас.

Зошто ви го велам ова? Затоа што ако ги оставиме работите кои се многу чувствителни во рацете или во омот или во малоумните да ни ја водат работата, тогаш ќе заглавиме, затоа што и од наша страна условно кажано албанска, ни кажуваат, па чекајте бре вие господа пратеници, албанци, овие вашиве колеги македонци цело време ви зборуваат против албанскиот јазик, не сакаат да се зборува и да се пишува ни како втор јазик, а вие ги признавате како нација, им го признавате јазикот, им го респектирате јазикот. Државата Албанија исто така организираше ниво, високо ниво на министер за надворешни раоти, дојде министер за надворешни работи да даде чест и да се одбележи 60 години Илинден, т.е. АСНОМ.

Мислам дека овие потези мораме ние да ги гледаме, а ние сега односно дел од македонското политичко миљење ќе оди по патот на тие што одат кон тоа некако да се вратат на власт, но на ефтин начин, односно играјќи со меѓуетничките односи. Пример ви дава, ве молам, кој е најпроблематичниот човек што го почна проблемот со името на Република Македонија. Тодор Петров, претседател на Семакедонски конгрес, кога се кандидира како пратеник добива 870 гласови.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Рамадани, ве молам да се држите до амандманот.

Должен сум јас да бидам еднаков спрема сите. Јас би сакал да го дослушам вашиот говор, меѓутоа се извинувам, држете се до амандманот.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Се извинувам, но мислам дека ќе влијае и во јавноста.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ќе имаме општ претрес господине Рамадани, држете се до амандманот.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Амандманот почнува, па тоа што значи интегративност, тоа значи спојување на општина Сарај со градот Скопје.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Во ред, само Тодор Петров.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Значи не е за спомнување, не е за спомнување, а се оди по него и тоа одат и партии и луѓе кои имаат одговорност. Јас ви кажав уште еднаш партија која има 30, 20 пратеници поодговорна е од тие што сакаат на еден начин, на популистички начин да ги наведат луѓето и да создадат проблеми како што за малку и ги имавме. За малку и ќе ги имавме и така почнуваат тие лоши работи.

Затоа, мислам дека треба да го расправаме ова. Сите тие амандмани што се против тоа Сарај и Кондово да бидат во Скопје, го имаат истиот именител, а тоа е дали да се зборува и пишува како втор официјален јазик овде во Македонија. Ве молам, за овие работи кога ќе почнеш да зборуваш со други луѓи кои сепак имаат една политичка култура, имаат интелектуалност во нив и кога се расправаат на интелектуално ниво тогаш тешко е, дури - немојте да ме разберете погрешно но кога би бил јас македонец и да му кажам на другиот ти не смееш да го зборуваш својот јазик затоа што мојот јазик е прв, а твојот не може да биде ни втор, верувајте ми, како човек би поцрвенел. Или сум некаде на втори кат или сепак од тоа што сум видел по овој свет, со тоа што ми овозможило Собранието и луѓето што ме гласале не можам да бидам на ниво со тебе, Даневски. Верувајте на тоа ниво секогаш ќе бидеш подолу. Јас не сакам со такви тези да се расправам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се прифаќа реагирањето, но ве молам, зборувајте за амандманот.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Да, но и тој зборуваше за амандманот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејќи рековте дека не сте исто, продолжете да зборувате за амандманот.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Добро, како и да е, треба да го чуваме нивото, треба да расправаме и се разбира ќе расправаме по амандманот и за други вакви амандмани, и за други амандмани. Меѓутоа, бидете внимателни во тоа што значи взаемно почитување на јазикот на другиот, во тоа треба да бидеме крајно внимателни, затоа што тогаш и ќе бидеме контраадикторни, и ќе бидеме луѓе кои не можеме, немаме ширина во себе да го слушнеме, да го почитуваме и јазикот на другиот, односно на тој со кој живееме во овој град, во овој случај во Скопје, а албанскиот јазик во овој случај е само втор. Да речеме, нема барање во Тетово каде се во мнозинство албанците, би било максимално барањето, може да се бара таму прв да биде албанскиот јазик, втор македонскиот јазик. Имаме и такви ситуации.

Затоа, во овој случај се обратив и на македонски јазик, со тоа што и понатаму ќе го користам правото да ви се обратам на мојот мајчин јазик, но мислев дека на овој начин ќе придонесам максимално да размислиме сите за едно подобро размислување за состојбата што правиме и што ризикуваме, до каде ризикуваме, ако поентата е враќање по секоја цена на власт, тогаш мислам дека теренот меѓуетнички односи е најрискантен. Тука е теренот најрискантен, ризичен е, а во исто време добиваме тешки аперкати и од меѓународната заедница, каде што мислам дека не ни е работата баш да бидеме во спротивност на тоа што го декларираме секој ден дека сакаме да бидеме членка на НАТО и ЕУ и тука молам за малку повеќе размислување.

Фалиминдери.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Рамадани.

Сега прв за реплика се јави господинот Блаже Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Слушнавме многу демагогија, а не слушнавме зошто по секоја цена да биде двојазично Скопје. Не слушнавме кој игра со меѓуетничките односи. Не се ли тоа оние кои прифаќаат се што претставува реализација на некакви сеалбански цели. Не се вжештуваат ли меѓунационалните односи со цртањето на вакви граници? Ги уверивте ли скопјани, кичевчани или стружани во исправноста на ова што се нуди? Ги убедивте ли граѓаните дека не се цртаат граници од 1914, 1941 година или кои претставуваат цртање на некаква идна Илирида или дека се цртаат граници на вистинска децентрализирана Македонија. Дали ги убедивте граѓаните дека границите не се цртани врз етнички принцип? И зарем мислите дека со овој предлог не се повредуваат правата на македонците, како и на другите помали етнички заедници.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Рамадани, една минута.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Продолжувам господине претседателе на македонски, не мора да ги ставате слушалките.

Господине Стојановски, обидете се вие и твоите колеги, настапувајте барем слично како што јас настапувам, обидете се во догледно време барем по некој збор и вие да кажете на албански во овој Парламент, тогаш ќе видите како ќе ги убедиме овие граѓани во Скопје да живеат и работат заедно. Инаку, друга алтернатива или секоја друга алтернатива верувај ми дека е погубна, погубна..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави госпоѓа Силвана Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитуван господине Рамадени, не се согласувам со вашето тврдење дека сите амандмани кои ги достави Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ по однос на прашањето

за опстојувње на општина Сарај, Кондово и другите општини дека го имаат заедничкиот именител дали да се зборува на албански јазик. Ние како држава треба да го почиуваме тоа што претставува наш заеднички договор, јасно дефиниран во Уставот, меѓутоа и јасно дефиниран во толку споменуваниот Охридски договор, во кој јасно стои дека нема територијални решенија за етнички прашања.

Повторно ќе кажам дека не сум против тоа албанците службено да го употребуваат албанскиот јазик секаде каде што како население ги има повеќе од 20%. Тоа е нормална работа и во Сарај и во Кондово и навистина тие ништо не губат со предлозите кои ги доставивме да бидат посебни општини, туку добиваат во смисла на тоа што претставува и обврска од Охридскиот договор и заедничка обврска како држава да спроведеме еден сериозен процес на децентрализација. Самиот Рамковен договор претставува договор за спроведување на вистинска децентрализација и доближување на услугите до граѓаните. Со ова решение Сарај да биде во градот Скопје го отежнуваме остварувањето на услугите на граѓаните од општините Сарај и Кондово и на тој начин само го оптоваруваме градот Скопје и не добиваме ништо во прилог на јакнење на довербата меѓу граѓаните од македонската и албанската етничка заедница, заради тоа што никој не ги праша граѓаните на Скопје дали се согласуваат со ваквото решение  една рурална општина како што е Сарај да се припои кон градот Скопје, кој е оптоварен со свои големи проблеми и згора на тоа треба проблемите на една рурална општина, како што е општината Сарај, да бидат решавани во оваа огромна општина која сега ја создавате. Нема да ќарат граѓаните со ваквото решение и тоа е нашето тврдење, тоа е нашиот став а не упорно како што вие велите дека зборуваме  против албанскиот јазик. Не сме против да биде двојазично дотолку навистина процентот на албанското население во градот Скопје е над процент. Во секоја општина во градот каде албанците се над 20% ќе го зборуваат мајчиниот јазик, односно го употребуваат и не е вред да се квалификува така поднесувањето на амандманите од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Рамадани една минута.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Морам да ви кажам браво госпоѓо Бонева, еве, успеав со мојата дискусија на еден начин вие пораките до граѓаните да ги дадете и преку говорницава, реплицирајќи ми мене дека вие немате ништо против албанскиот јазик да се упторебува како втор јазик, нека го слушнат ова, значи ова е добро и сега значи не мора по улици и тротоари да се протестира. Пораката е многу јасна и од твоја страна и од моја страна. Ајде нека биде вака.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Даневски, имате реплика.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Со господинот Рамадани се познаваме долги години. (Реакции и смеење). Во оваа прилика сакав да му кажам на господинот Рамадани, како што тој многу години од говорница се бори за правата на албанците, дојдовме во позиција ние во македонскиот Парламент, македонците да не можеме да зборуваме. Од такви кои се смеат и сега во оваа прилика, од такви не ја бидува Македонија. Не ја бидува, бидете сигурни. Ако треба да се наведуваме за нивото со господинот Рамадани можам да му кажам многу работи и за неговиот лидер и за неговото кокетирање, бидејќи знам на кое ниво дојде во Парламенто, на кое ниво ќе излезе.

Во однос на чесните намери, да не продаваме само празна демагогија, со една празна реторика, бидејќи многу убаво зборува Рамадани, дури поубаво зборува македонски од многу македонци тука. Но дајте да ги гледаме проблемите вака. Дали се сеќавате некогаш некој македонец да запалил албанско знаме. Еве запалено е македонското знаме пред АРМ за време на АСНОМ, за време на празникот во Гостивар. Зошто вие не реагиравте? Зошто вие упатувате на тротоари да одиме. Никој не ви спори дека сте толку колку што сте дека се присутни, дека процентот е толкав. Никој не може да ви спори дека сте автохтони, сето тоа постои. Но зошто кога зборуваме за македонците, некои колеги пратеници се срамат да продискутираат за македонците, за македонштината. Ние живееме во Република Македонија, ние сме македонци и јас не се срамам што сум македонец. А тоа што вие и претседателот на Собрание одобрува и

клима со главата дека сме втора категорија, тоа е така. Ние сме втора категорија граѓани македонци. Проблемот е тоа што ние македонците не се разбираме. Тоа е проблемот на нас македонците што направивме за гола власт македонските во сопствената држава да бидат втора категорија граѓани. Тоа е главната поента на што се разнебитува македонштината, тоа ги боли граѓаните. А на вас секоја чест ќе ви чукаат раце ќе се додворувате, важно вашето трпение, вашето единство си оди и не е битно дали доаѓа од Рамадани, Сали, Алити или незнам кој, Руфет или било кој, вие сте сите исти. Вие имате стратегија, вие имате цел. Проблемот е кај македонците, која е нашата македонска цел. Разнебитување на македонштината, разнебитување на Македонија. Нема никој да ни прости.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Даневски, ме спомнавте мене, јас ќе го искористам моето копирајт и ќе одмолчам 5 секунди.

Повелете господине Ќахил, имате три минути реплика.

АДНАН ЌАХИЛ:

Би сакал да му реплицирам на господинот пратеник Рамадани и да направам една паралела, па ќе парафразирам за тоа што самиот рече дека многу граѓани албанци ги прашуваат пратениците албанци што правите вие тука, Македонија е призната држава од страна на Албанија, се признаа сите елементи и атрибути на државност, а тие не сакаат да го признаат јазикот. Не сакам да зборувам за тие работи, но сакам да направам една паралела ако е тоа така. Турција како држава прва ја призна Македонија, Турција како држава Македонија ја помага многу повеќе а и пошироко. Турција како држава без задни намери ги помага сите граѓани во Република Македонија и има навистина чесни и добри намери за помош на сите. Турција во последно време едноставно му препорачува на НАТО, а имате можност тоа да го видие на ВЕБ страницата, дека треба да се обраќаат на Македонија под уставното име, а не под ФИРОМ како другите држави.

И покрај тоа што Турциј како држава дава се од себе за помош на сите граѓани во Република Македонија и пошироко, ние турците во Македонија сме трета категорија на луѓе што не можеме да го користиме својот јазик.

И на крајот ќе го кажам следното. Навистина не парафразирам и не правам лице, но би сакал да се обратам на албански јазик тука во Собранието, го знам албанскиот јазик, но проблемот е што јас не можам да проговорам на мојот мајчин јазик, на турски јазик, тоа ми го забрануваат процентите и очигледно дека во последно време со предлогот на овој закон процентите имаат најважна улога. Според мене, не би требало процентите да играат најважна улога, да бидат она што вие рековте и добро ги искажавте своите емоции, да биде најважен граѓанскиот концепт, комуникацијата да биде најважна. Сите тие што зборуваат треба и мора да зборуваат на својот мајчин јазик а економскиот елемент да биде најважен за користење на својот јазик.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеници, 1 пратеник гласал за амандманот, нема воздржани и 57 пратеници гласале против. Во салата се присутни 62 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Амандманот на член 10 под б) за додавање нова точка 63-а по точката 63, поднесен од пратеникот Лилјана Поповска, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеници, 1 гласал за амандманот, нема воздржани и 57 пратеници гласале против. Во салата се присутни 62 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Амандманот на член 10 под в) за бришење на точка 77 поднесен од пратеникот Лилјана Поповска го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, еден гласал за, нема воздржани, 58 пратеници гласале против.

Во салата се присутни 62 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Амандманот на член 12 за додавање нова точка 58-а по точката 58, поднесен од пратеникот Лилјана Поповска го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, 2 гласале за амандманот, нема воздржани, 57 гласале против.

Во салата се присутни 62 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот на член 12 под в) за бришење на точката 77 поднесен од пратеникот Лилјана Поповска го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 62 пратеника.

Двајца гласале за, нема воздржан, 60 против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усови амандманот.

Почитувани пратеници,

Следните амандмани не се споени со другите амандмани и по нив ќе водиме претрес. Наредени се според списокот за претрес по амандманите.

Отварам претрес по амандманот на член 12 точка 17 поднесен од пратеникот Лилјана Поповска.

Тоа е 123 амандман од предлогот.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за локална самоуправа

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Почитуван претседателе,

Би сакал да укажам дека предлагачот на овој амандман Лилјана Поповска предлага понатамошно опстојување на општината Центар Жупа, односно ги набројува населените места по амандманот на член 10 точка б) по точката 67 да се додаде точка 67-а .

Јас укажав дека овој амандман бидејќи не ги содржи целокупнот број населени места во општината Центар Жупа не се прифаќа, додека амандманот за опстојување на Центар Жупа, кој е нареден под реден број 148, кој во основа ја има истата намера како и пратеникот Лилјана Поповска во расправата ќе биде прифатен.

Од овие причини, целта на пратеникот и понатаму врз основа на критериумите и досегашното залагање да опстане општина Центар Жупа Владата го уважува таквото мислење и на Лилјана Поповска и на пратениците Ќенан Хасипи, Сарач Муминовиќ и Мустафа, а бидејќи е комплетен тој амандман,амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Молам дали некој бара збор.

Повелете госпоѓа Поповска.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Почитуван претседателе, почитуван господин министер, почитувани колеги и пратеници.

Со овој амандман се предвидува издвојување на Центар Жупа од Дебар и се овозможува нејзино самостојно функционирање. Тоа се предлага заради тоа сегашната Центар Жупа претставува географска и економска целина, која покажа добри резулатит во изминатиот период.

Дополнително граѓаните од оваа општина на референдум се произнесоа дека сакаат самостојно да се организираат.

Јас треба да кажам дека овој амандман е дел од пакетот три амандмани, кои што на еден необичен начин беа издвоени и третирани од ова Собрание.

Имам голема забелешка до вас господине претседателе, затоа што првиот од групата амандмани беше под реден број 118 и тој на еден многу необичен начин беше споен со амандман предложен од колегата Оровчанец под реден број 40. Сега слушам

овој амандман под реден број 123 ќе биде прифатен на друг начин во склоп на амандмани предложени од друга група пратеници.

Мене навистина ме чуди господине претседателе што е целта? Зошто кога веќе зборуваме групирано да се третираат и да се дискутираат амандманите, зошто во мојот случај еве на два пати веќе и со името на општината Маврово и Ростуше, а и сега со постоењето на општината Центар Жупа е направена иста ваква работа. Наместо да се групираат моите амандмани со амандманите на колегите кои што се исти повторно се издвојуваат и на необичен начин ќе бидат третирани поединечно, за да не можат моите да се прифатат, а да бидат прифатени на некои други колеги.

Колега, мене ми е драго што тие амандмани ќе бидат прифатени. Тоа го сметам за свој успех и за успех на граѓаните од тие општини, и општината Маврово - Ростуше и Општината Центар Жупа кои што ќе го добијат оние за што се залагале и за што ми се обратиле лично, јас едноставно сум им ветила и тоа го правам затоа што сум оценила дека имаат право.

Навистина не е во ред се во ова што е ваква направено, меѓутоа во секој случај благодарност на Владата што наоѓа разбирање да го прифати амандманот за Центар Жупа па ќе аплаудираме понатаму кога ќе биде офецијално прифатено од другата група пратеници.

Бидејќи очигледно е дека и беспредметно да се гласа сепарантно јас овој амандаман ќе го подвлечам сметајќи дека сум го постигнала она што сум го сакала и дека е прифатен.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

И јас сум радосен со вас, ако тоа нешто ви значи.

Повелете господин министер.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Госпоѓо Поповска, навистина неможам да ве разберам. Укажувам дека во вашиот амандман две населени места не постојат во општината Центар Жупа. Негледам никаков проблем кога Владата врз основа на аргументите независно на кој пратеник, амандманите се слични, ама вашиот амандман има одредени недостатоци кои ќе

предизвикаат одредена непримена или одредни населени места да ги оставите во друга општина. Тоа е само она на што јас укажувам, ако не бев јас. Вие укажувате на нешто што неможам да го разберам. Најозбилно неможам да го разберам. Дали и од кој пратеник е, и кој амандман се прифаќа или не се прифаќа за мене ништо не е битно.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине министер немаше забелешка за вас, имаше забелешка на претседателот на Собранието, ќе се објасниме зошто е ваков системот.

Отварам претрес по амандманот на член 12 точка 18 и на точка 49 поднесен од пратеникот Цветанка Гашовска.

Го молам претставникто на Владата да се произнесе.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Дали некој друг бара збор.

Господине Касипи по овој амандман ли барате збор?

КЕНАН ХАСИПИ:

Не, по претходинот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повлечен е тој амандман.

Повелете господине Коце Трајановски имате збор.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Претседател сега се обидуваме да пратиме по кој редослед одат амандманите, според овој новиот што ни го дадовте значи стигнавме до римско 11, со Сарај завршивме. Потоа беше амандманот на колешката Поповска.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Да. Вие не бевте тука. Јас жалам што вие напуштате, а јас прочитав дека преминуваме на амандманите кој што не се споени, и идеме по листа на редниот број.

Редниот број на госпоѓа Поповска беше 123, а сега бидејќи сме ги поминале вторите и четвртите споени, сега сме 127 каде што е амандманот на Цветанка Гашовска.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Значи ше ги поминеме сите што не беа во сценариото.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Молам дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандман и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 60 пратеници.

Тројца гласале за амандманот еден воздржан и 56 против амандманот.

Молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници)

Во салата беа присутни 62 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандаманот.

Отварам претрес по амандманот на член 12 за додавање нова точка 33-а по точката 33 и на точка 49 поднесен од пратениците Ристана Лалчевска , Драго Шајновски, Илија Китановски и Никола Груевски

Го молам претставникто на Владата да се произнесе.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор.?

Има збор господинот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Би сакал да кажам што значи овој амандман и да го повикам парламентарната мнозинство да го подржи овој амандман.

Се работи за амандман кој што предвидува во член 10 под в) по точката 52-а да се додаде нова точка 52-а која ќе гласи: “Општина Косел со седиште во Косел”.

Вториот амандман во член 12 под точката 33 а се додава нова точка 33-а која гласи: Општина Косел со селата: Вапила, Завој, Косел, Куратица, Ливоиште, Опеница, Плаќе, Расино, Речица, Свиништа, Сирула и Скребатно”.

Соодветно на тоа од општина Охрид се бришат овие населени места, да не ги читам.

Значи целта е општина Косел, која досега од 1996 година останува како самостојна единица на локална самоуправа, самостојна едница. Со предлогот на Законот што ни е даден во втора фаза општината Косел со населените места од оваа општина се припоени кон општина Охрид, а со амандманот ние предлагаме општината Косел да си остане и понатаму самостојна основа, едница на локална самоуправа.

Јас не би ги повторувал аргументите што одат во прилог на нашиот амандман, бидејќи тие се кажани многу често од пратеницити од опозицијата бидејќи настојуваме сите едници на локална самоуправа т.с.,сите општини што се досега да останат и понатаму.

На крајот уште еднаш би апелирал до парламентарното мнозинство да го прифати овој амандман и општина Косел да биде и понатаму посебна општина во Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Молам дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 65 пратеници од кои двајца два,нема воздржан и 63 против.

Констатирам дека Собранието не го усови амандманот.

Отварам претрес по амандманот на член 12 точка 55 поднесен од пратеникот Лилјана Поповска.

Го молам претставникто на Владата да се произнесе.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Овој амандман на пратеникот Лилјана Поповска е составеен дел на Извештајот на ЗПК, која го поднесе овој амандман и е прифатен и е составен дел фактички овој амандман е беспредметен и не би требало да се води расправа и до предлагачот апелирам да го повлече амандманот, бидејќи целосно е усвоен и е составен дел на законот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

Дали некој друг бара збор.

Има збор госпоѓа Лилјана Поповска.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине претседателе јас секако ќе го повлечам амандманот, затоа што ова е амандман со кој што се исправа една техничка грешка.  Имено селото Конче беше ставено во општина Радовиш, а селото Конче е центар на повторно воспоставената општина Конче.

Тоа е една исправка на техничка грешка и добро е ЗПК тоа  го увидела.

Амандманот го повлекувам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е повлечен.

Отварам претрес по амандманот на член 12 за додавање нова точка 66-а по точката 66 поднесен  од пратеникот Лилјана Поповска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

И овој Амандман се однесува на општината Центар Жупа.

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Дали некој друг бара збор,.

Има збор господинот Аднан Кахил.

АДНАН КАХИЛ:

Се работи за амандман кој што сакам да го подржам но очигледно по објаснувањето на господинот министер дека Центар Жупа ќе опстане како општина надвор од границите на Дебар, и јас тоа би го поздравил очигледно чекор напред, но би преговорил за една друга димензија што неколку дена се води расправа во врска со децентрализацијата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам зборувајте за амандманот.

АДНАН КАХИЛ:

Јас почнав една реченица, не ме оставивте да ја довршам, во врска со тоа е, реагират.

Немате ист третман за сите, другите зборуваат по седум реченици, а мене ме прекинувате.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Друга димензија сте, затоа ве предупредив, Зборувајте за амандманот Ве молам.

АДНАН КАХИЛ:

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓа Поповска барате збор?

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Амандманот го повлекувам бидејќи тој е дел од пакетот амандмани за Центар Жупа, па со оглед на тоа дека ќе бидат прифатени амандманите на моите колеги, мојот вака сепаратен не врши работа, така што го повлекувам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е повелчен.

Отварам претрес по амандманот на член 12  под в) точка 73 по точка 1 поднесен од пратеникот Коце Трајановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Господине претседателе амандманот поднесен од пратеникот Коце Трајановски се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Дали некој бара збор?

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Можам да кажам само благодарам за прифатениот амандман и во името на пратеничката група ВМРО-ДПМНЕ, барам пауза од половина час.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Пауза од петнаесет минути, Ве молам.

(пауза од 17,15 часот).

(по паузата)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжуваме со работа.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 16, поднесен од пратениците Љупчо Балковски, Никола Груевски, Михајло Ѓеорѓиевски, Жарко Караџоски, Марија Којзеклиска, Ефтим Манев, Ѓорѓи Оровчанец, Ристо Пејовски, Коце Трајановски, Слободан Чашуле и Сашко Ќедев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министрерот за локална самоуправа Александар Гештаковски.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Господине претседателе,

Предлагачите, група пратеници предлагаат со овој амандман да се брише членот 16, кој во основа ја регулира територијалната организација на општината Кичево, и постојните општини согласно законот за територијална организација кој е во сила. Фактички, Владата во предлогот на закон предлага понатамошно опстојување на сите општини, тоа е општината Кичево, општината Зајас, општината Осломеј, општината

Вранешница и општината Другово, кои согласно критериумите не ги исполнуваат одреден дел на општини, голем дел на критериумите. Затоа, предлогот на Владата е до 2008 година да продолжат да функционираат врз основа на најновите надлежности, врз основа на новите функции и да се види како ќе се остварува во тој дел на општини процесот на деценртрализација и задоволување на потребите на граѓаните.

Овој предлог на Владата, кој е утврден во предлогот на закон и кој е доставен до пратениците или решението за Кичево беше поздравено од претставниците на локалната самоуправа и граѓаните на Кичево во првиот дел, за да следниот ден или по некоку дена истите тие од само на нив познати причини, да го променат ставот.

Од тие причини и бидејќи опстојуваат и понатамошното функционирање на општините во Кичево, овој амандман односно бришење на членот 16, не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Повелете г-ѓо Лалчевска имате збор.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Благодарам, г-дине претседателе,

Јас сум еден од предлагачите на овој амандман со кој се бара бришење на член 16 и со кој се определува онаа временска рамка за Кичево и општините во регионот околу Кичево. Тие остануваат да опстојуваат до 2008 година и во таа година ќе станат составен дел на Кичево.

Прво, мислам дека во преодни и завршни одредби, според мое убедување, правно не може да стои ваква одредба, бидејќи тука обично стојат одредбите од кога ќе почне да важи целиот закон и кои од нормите од стариот закон ќе опстојуваат до почетокот на новиот закон. Така што, ваква временска рамка ставање во преодни и завршни одредби, според мене, правно е неможна.

Друго што би сакала да кажам е тоа што мислам дека Владата со цел да ги смири тензиите кои нараснаа, ја предложи оваа временска рамка за Кичево. Министерот дава објаснување дека меѓувреме до 2008 година ќе видиме ќе профункционираат овие

општини со новата децентрализација. Ако е тоа така, тогаш зошто не ставаме временска рамка за сите 123 општини, па да видиме како тие ќе профункционираат со новата децентрализација, како новите надлежности ќе бидат имплементирани во општините и колку тие ќе бидат спремни понатаму да функционираат во постојните граници. Зошто сега само Кичево го привилегираме со ваква временска рамка. Јас мислам дека оправдувањето не држи, дека да видиме како тие ќе профункционираат со децентрализацијата, затоа што ако беше основната причина да се види како ќе профункционира децентрализацијата во постојните општини верувам дека Владата ќе останеше на досегашната територијална организација, ќе одевме со пакетот на децентрализација, ќе видевме кои општини можат и колку можат да опстојуваат во постојните граници. Оние што не можат, нормално, ќе беа и самите ќе побараа да бидат прилучени кон други општини и навистина ќе добиевме една територијална организација, реална, значи според можностите на општините. Вака, ние добивме територијална организација и скроена од некоку луѓе според етнички и според политички принципи, без почитување на некои реални принципи, кои би требало да се почитуваат при правењето и кроењето на општинските граници.

Од тие причини сметам дека овој член не е потребен да стои во Предлог законот. Кичево и општините во Атарот на Кичево да си останат во постојните граници. Сите тие без исклучок можат да функционираат не само до 2008 година, туку моногу повеќе. Може да функционираат затоа што ги исполнуваат и демографските и економските и сите други принципи кои треба да се почитуваат а и критериуми, при кроење на општинските граници. За мене лижно една ваква одредба, при едни нараснати тензии на некој начин значи како одлагање на казната за 4 години. Многу е жално да се држат во неизвесност граѓаните од сите овие општини дали за 4 години нешто ќе се промени па ќе успеат да си ги спасат општините. Од причини што ценам дека оваа одредба е предложена само за смирување на тензиите во овој регион не е потребно да постои и навистина треба парламентарното мнозинство да цени дека вака сепаратно не можеме да ги смириме растечките тензии, кои ги предизвика овој предлог закон.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

Би било коректно да се откажете од дискусии, затоа што навистина сега чекав доста.

Повелете г-ѓо Бонева, а потоа е г-дин Трајановски.

Ве молам во иднина нема да толерирам комоција.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитуван г-дине претседателе, господине министре, колеги пратеници,

Со амандманот кој што група на пратеници го доставивме, сакаме да го искажеме нашето несогласување со решението кое што го нуди Владата за општина Кичево, односно со членот 16 кој што се зборува за тоа дека општината Кичево се остава да живее и да се развива како самостојна општина до локалните избори во 2008 година, од кога ќе станат составен дел на општина Кичево и општините Зајас, Осломеј, Вранешница и Другово.

Навистина, незнам кое е образложението на Владата за ставањето на една ваква одредба, која е целта ако не само гушење, би кажала, во моментов на револтот на граѓаните, заради едно вакво решение. Навистина, незнам зошто е тоа парцијално решение во овој закон. Ако се сакаше навистина да се види како ќе функционираат општините, немаше да биде овде условено и јасно кажано дека општина Кичево после 2008 година, после локалните избори нема да биде во сегашните граници. До колку беше кажано дека треба да се види по 2008 година дали ќе функционираат како што треба општините околу општина Кичево и врз основа на нивниот развој да се утврдеше дали тие треба да влезат во општина Кичево или не, навистина ќе го разберев овој амандман, односно овој член. Меѓутоа, од една страна се одбива барањето на опозицијата да се даде еден преоден период од некоку години, за да може да се види како можат општините, постојните општини во досегашните граници да опстојуваат, дали ќе можат да ги извршуваат надлежностите кои што се пренесуваат од централната власт. Сега, наметсо ова имаме само едно парицијално решение односно јас би кажала поместување

на времето на извршување на казната, како што ја сфаќаат мноштвото од граѓаните на општина Кичево, на општина Другово, на општина Вранешница, кои што јасно со референдум се искажаа против ваквото механичко припојување на нивните општини кон општина Кичево.

Овде е симптоматично тоа што општините Зајас и Осломеј немаа референдум. Единствено македонските општини односно општините со доминантно македонско население, како што се Другово и Вранешница, тргнувајќи од сопствениот развој, од можностите за вистинско остварување на процесот на децентрализација на власта, тргнувајќи од сопствениот интерес за подобар развој на сопствените општини тие одржаа референдум и јасно кажаа дека и општина Другово и општина Вранешница сакаат да опстојат како самостојни општини и да не бидат прилучувани кон општина Кичево. И, граѓаните на општина Кичево јасно го заземаа овој став, меѓутоа, јас ќе се осврнам на тоа што сака да постигне власта односно владеачката коалиција во овој нивен политички договор, можам да кажам дека е тоа само политички договор, кој што не произлегува од ништо друго, туку само од барање на некои идни територијални решенија за одредени етнички прашања. Бидејќи, сите критериуми кои што самата власт ги постави, дали демографскиот, дали економскиот, овде сите овие општини ги исполнуваат, покажаа во своето настојување дека навистина доживеаја процвет од 1996 година, до денес, дека навистина можат да опстојат како самостојни општини. Исто така, општина Зајас која што има над 11600 жители и општина Осломеј над 10400 жители, и општина Кичево во постојните граници, да не зборуваме, дури и за општина Вранешница која што е најмала и општина Другово по бројот на жители, меѓутоа не и по територија. Значи, сите овие општини покажаа во периодот station наназад дека можат успешно да се развиваат, самостојно да опстојуваат и сега единствено нешто што требаше овде да го разговараме, тоа беше процесот на децентрализација. Колкав обем од надлежностите ќе можеа овие општини да ги понесат на својот грб. Што е тоа што може да овозможи нивен поинтензивен развој, биејќи овие општини благодарение на тоа што не се заедно со општина Кичево, навистина во овој период им беше овозможено да добијат многу проекти кои значеа

развој, поинтензивен развој на овие општини, отколку на самата општина Кичево. Да, г-дине за амандманот зборувам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-ѓо Бонева, ова е вашиот сега говор или расправа, може да се употреби во 2008 година. Сега, тие општини си остануваат. Во 2008 година може овој говор ако се спојуваат да биде употребен. Ве молам, сега дискутирајте за амандманот.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Г-дине претседателе, вие ни давате овде предлог на закон, кој што со членот 16 кажувате дека општина Кичево во 2008 година нема да биде во сегашните граници. Јас со апсолутно право зборувам за овој проблем кој што го наметнувате и кој што треба да се реализира во 2008 година. Вие не оставате простор за избор на граѓаните. Не оставате простор да се види дали ќе функционираат овие локални самоуправи успешно. Токму заради тоа треба комплексно да се разговара за ова прашање.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Да, но до 2008 година, како што се носат закони и се менуваат закони.

Повелете.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Ако е така, тогаш слободно можете да го повлечете односно да го избришете овој член 16 и во 2008 година да расправаме дали има потреба овие општини да се припојуваат кон општина Кичево или не. Која е логиката во моментов да расправаме за тоа дека општина Зајас, Осломеј, Вранешница и Другово треба да се припојат во 2008 година кон општина Кичево кога не знаеме каков ќе биде нивниот развој. Дали општина Зајас ќе доживее процвет, општина Осломеј, општина Вранешница, Другово, тоа можеме само да го претпоставиме. Ние ја гледаме сегашната состојба и она што е направено од 1996 година, до денес. Вие не ни дадовте воопшто одговор на сите досегашни прашања кои што се толку карактеристични, за употребата само на етничкиот критериум, кој што го вметнувате и кој е единствен критериум и за општина Струга во новите граници, кои ги предлагате со овој закон односно веќе ги усвоивте и за Скопје, за да се направи двојазично со припојувањето на општина Сарај и овде во овој случај е само одложено

прaвeњeтo нa мнoзинскo aлбaнскo нaсeлeниe вo иднaтa oпштинa Кичeвo. Дa нe зaбoрaвaмe дeкa двe oпштини, кaкo штo сe Врaнeшницa и Другoвo, кoи сo рeфeрeндум сe изјaснијa прoтив вaквoтo приклучувaњe имaaт eдвaј 5000 житeли и мнoзинскo мaкeдoнскo нaсeлeниe. Дoдeкa пaк oпштинa Зaјaс и Oслoмeј имaaт нaд 22 житeли. Прoстeтe ми штo збoрувaм сaмo oд eтнички aспeкт oднoснo oд aспeкт нa тoa кoлкaв e бројoт нa мaкeдoнскoтo и aлбaнсктo нaсeлeниe, бидeјќи нe пoстoи друг рaзумeн критeриум, кoј штo би гo oпрaвдaл вaквoтo глeдaњe нa нeштaтa, вaквoтo збoрувaњe зa oпштинa Кичeвo, кaквa трeбa дa бидe вo 2008 гoдинa, бeз вooпштo дa сe oстaви прoстoр дa сe види кaкo ќe сe рaзвивaaт oпштинитe oкoлу oпштинa Кичeвo и дaли имaaт вooпштo пoтрeбa дa сe припoјувaaт кoн oпштинa Кичeвo.

Пoвтoрнo ќe кaжaм, нaвистинa би сaкaлa oдгoвoр oд г-динoт министeр и oд кoлeгитe прaтeници нa пaрлaмeнтaрнoтo мнoзинствo, штo e причинaтa вo 2008 гoдинa oпштинитe, oпштинa Кичeвo дa дoбиe други грaници, дa сe укинe oпштинa Зaјaс, Oслoмeј, Врaнeшницa и Другoвo и дa сe припoјaт кoн oпштинa Кичeвo. Пoвтoрнo ќe кaжaм, нe глeдaм ништo другo, туку пoвтoрнo oтстaпки нa кoaлицијaтa. Ќe кaжaм истo кaкo штo вчeрa кaжaв, кoaлицијaтa oднoснo СДСМ и ЛДП вo oвaa кoaлицијa сe oднeсувaaт кaкo дa плaќaaт вoeни рeпaрaции.

Блaгoдaрaм.

ЉУПЧO ЈOРДAНOВСКИ:

Пoвeлeтe г-динe Трaјaнoвски имaтe збoр.

КOЦE ТРAЈAНOВСИ:

Блaгoдaрaм, прeтсeдaтeлe,

Јaс би сaкaл нaкрaткo дa гo кaжaм свoeтo рaзмислувaњe вo врскa сo oвoј aмaндмaн, сo oглeд нa тoa штo сум и пoтписник и пoднoситeл нa oвoј aмaндмaн. Имeнo, сo oвoј aмaндмaн бaрaмe члeнoт 16 oд Зaкoнoт зa тeритoријaлнa oргaнизaцијa дa бидe избришaн. Ќe гo прoчитaм члeнoт 16 штo дeциднo знaчи. Члeнoт 16 глaси: “Oпштинитe oд члeнoт 10 стaв 1, пoд тoчкa б), тoчкa 39, тoчкa 45, тoчкa 47 и тoчкa 59 oд oвoј зaкoн ќe функциoнирaaт дo лoкaлнитe избoри 2008 гoдинa, oд кoгa ќe стaнaт сoстaвeн дeл нa oпштинaтa oд члeнoт 10 стaв 1 пoд a), тoчкa 14. Кoнституирaњeтo нa oргaнитe и

организирањето на новоформираната општина од член 10 став 1, под точка а) точка 14 од овој закон да се спроведе согласно одредбите од оваа глава”. Што точно значи ова. Ова значи дека точка 39, точка 45, точка 47 и точка 59 практично се општините Вранешница, Другово, Зајас и Осломеј. Значи, тие ќе функционираат вака како што се, како независни општини се до 2008 година, значи пред локалните избори, а локалните избори во 2008 година, ќе бидат организирани како за една општина, општина Кичево со сите овие составни плус 4 општини.

Нашиот став како политичка партија, на ВМРО-ДПМНЕ дека треба да останат 123 општини. Вклучително по тој став, предлагаме со бришењето на овој член, овие општини да функционираат и по 2008 година. Јас правно не можам да го образложам ова што значи после одложена примена на некој закон, особено вака значаен закон за Република Македонија.

Сметам дека ќе се направи голема неправда пред се, и над се, од етнички аспект, бидејќи сметам дека заедно со Струга и Кичево и Скопје се плод на политички договор, значи решавање на етнички прашања по територијален принцип. Ако ја земеме структурата на општините ќе видиме дека за време на локалните избори 2008 година, ќе имаме една општина Кичево со 56000 жители, значи Кичево во сегашна општина со 30000 жители ќе прерасне, или ќе се зголеми бројот на жителите за 26000 жители. Значи со ова на некој начин се прави централизација, една голема општина и како што кажав и за Струга, значи овде е принципот сите околни општини да се припојат што не е ист принцип во остнатите општини ии градови во Република Македонија, значи има еден селективен пристап во ова. Селективниот пристап значи од етничкамотивација, се со цел албанската националност во Кичево за време на локалните избори 2008 година, значи согласно на табелата што ни е дадена во првата фаза, ќе има 54%, значи таа општина што ќе биде формирана од сегашните пет општини: Кичево, Вранешница, Другово, Зајас и Осломеј и тоа ќе значи градоначалник од таа националност, сите локални органи и сл. што сметам дека на некој начин е насилно решение, бидејќи на овој начин, сметам дека ќе се влошат и меѓуетничките односи и тоа ќе биде многу поразително за македонското

население, барем во овој дел. Дај боже да не биде така, меѓутоа, праксата наназад покажува сосема спротивно и поради тоа се сите овие протести на населението од Кичево, кои што навистина не сака на ваков начин да биде организирана локалната самоуправа. Сакам да потсетам дека тоа го изразија и на референдум, на кој што референдум многу јасно кажаа дека се за останување на општина Кичево во постојните граници со град Кичево, а општините Врнешница, Другово, Зајас и Осломеј да останат независни општини, независни единици на локална самоуправа. Ако го гледаме бројот на жители на општините кои се припојуват кон Кичево, или ќе се припојат за време на локалните избори 2008 година, ќе видиме дека Зајас и Осломеј ќе имаат повеќе од 10000 жители, значи еден многу силен аргумент, исто така, имаат инфраструктура, како што слушнавме и од претходните излагања, значи организиран живот и воопшто значи тие можат да опстојуваат како сами. Значи во позадината е политичкиот аспект и поради тоа сметам дека овој член 16 треба да се избрише, значи не треба да постои. Ако се повикаме на Европската повелба за локална самоуправа чии потписници сме во членот 5, повторно би спомнал, во која што се вели дека при менувањето награниците на единиците на локална самоуправа треба или мора да се консултира и локалната смоуправа, значи независно што кон Кичево се припојуваат повторно, практично неговите граници се менуваат.Значи сега ќе имаме една друга демогравска структура, ќе имаме друга територијална структура, сето тоа граѓаните на Кичево на референдум кажаа не на новиот закон за територијална поделба и согледувајќи ги сите тие несогласувања на граѓаните на Кичево сметам дека Владата требаше да го предложи за поништување овој амандман, меѓутоа, со оглед на тоа што се случи значи би апелирале до парламентарното мнозинство да најде разбирање и да го подржи овој амандман, бидејќи, 2008 година, навистина брзо ќе дојде, 4 години не се многу и практично тоа ќе биде едно одложено замирање на оваа општина. Дури, незнам 2008 година, каква ќе биде структурата на населението. Кој ќе им гарантира на овие луѓе дека таму навистина ќе можат да живеат во овие услови што сега живеат и во тие односи во кои што сега живеат. Значи повторно ќе спомнам треба еден временски момент да се оствари, но не вака пред свршен чин. Да кажеме од 2008 година, ќе бидете вака организирани. Туку напротив, до

2008 година, можат да се прават разговори, трибини, сондирање, да се подготвува населението, да се прави таа доверба меѓуетничка меѓу населението и да се види зависно од тоа како ќе се развива, па тек тогаш кога ќе дојде 2008 година, Парламентот повторно ќе го има на Република Македонија, ќе може да се предложи измени и дополнувања на овој закон со кој што ќе може да се корегира сето ова, а вака, мислам дека крајно не е добро на ваков начин да се менуваат границите на една општина која што навистина покажа дека може да опстојува самостојно. Сметам дека доколку за Струга веќе заврши и Кичево, значи членот 16 нема да се прифати. Мислам дека ќе биде голема неправда прво према граѓаните на Кичево и воопшто према Република Македонија и затоа апелирам уште еднаш да се прифати овој амандман. Тоа ќе значи дека 2008 година, кога ќе дојде за локалните избори ќе бидат од сегашните пет општини во Кичево и сметам дека доколку во овие 4 години навистина созреат условите ќе повторам да се предложи некое законско решение тоа да се направи. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Караџоски повелете.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги,

Дозволете да го дадам своето видување по однос на овој амандман. Значи со амандманот се предлага бришење на член 16. Член 16 за да ни биде појасно кажува значи општините од членот 10 став 1 под б) точка 39 и 45 , точка 47 и точка 59, станува збор за општините Зајас, Осломеј, Другово и Врнешница. Овој закон ќе функционира до локалните избори 2008 година, а после тоа ќе се припојат на општината Кичево. Сега, ако нешто можеби е најапсирдно во овој закон, ако нешто е најнелогично во овој закн, тоа е токму членот 16. Ќе кажам и зошто. Основната цел на ова за кое што 10 дена трошиме овде и за кое што постои една обврска дека мора и според Рамковниот договор, како што некој тука вели и според сите оние обврски што ги превзема Владата и тн. и овде што ние дебатираме за време на годишните одмори е да се насади територијална реорганизација на Република Македонија согласно овој нов предлог. Сега да се прави територијална реорганизација и за сите општини да постои решение, како што во сите овие денови

имавме можност да го видиме, а за само еден дел е делот на општина Кичево со овие четири или да неможе да се најде решение и да се носи една правна норма со одложен услов речено правнички, тоа дефакто претставува неспособност на предлагачот да го реши проблемот. Инаку проблемот фактички, ако добро се чита нормата, Владата веќе го решила. Тоа дефакто претставува општина Кичево, заедно со сите овие општини, но со одложен услов после четири години. И сега, во што е нелогичноста. За сите општини до сега што поминаа претставникот на Владата изнајде аргументи да каже дека скоро во сите , со исклучок на оние амандмани што ги прифати, оние што сега ги предлагаат како Влада, значи изнајде да најде објаснување дека сите тие согласон критериумите по кои што Владата се водела, ќе го положат тестот на она што Владата го предложила со овој закон. Овдека признава дека доколку овие четири општини се спојат сега во овој момент во 2004 година, заедно со општина Кичево тие немаат шанса да имаат разни, јас така го сваќам. Значи треба да му дадеме четири години одложен услов. Во тие четири години, тие да се припремат да умрат. Тоа вие почитуван претседателе како еден пациент кој оди на лекар. Јас не сум стручњак во таа област, меѓутоа од тоа што гледам, да оди на лекар и да констатира дека е болен од рак и да му каже на тој пациент болни сте од рак, но ќе умрете после четири години. Состојбата со овој предлог со член 16 за овие општини е таква. Ако за Владата одлагањето од четири години, како што сега го слушнавме почитуваниот министер е аргумент дека сега тие четири општини не ги исполнувалекритериумите да влезат во општина Кичево, но после четири години ќе ги исполнувале.

Почитуван претседателе, почитувани колеги, јас би сакал нешто да прашам. Дали некој овде од Владата е видовите човек да знае, да предвидува дека за четири години овие четири општини ќе имаат перспектива, сега за сега ја немаат. Јас незнам зошто и претставникот на Владата не го кажа тоа отворено. Мислам дека јавноста го знае и сите го знаеме, да не се вадиме со критериуми, да не зборуваме не ги исполнуваме критериумите, а после четири годиниќе ги исполниме, или сега сме зелени, но после четири години ќе узрееме. Мислам треба да се каже јасно и гласно, тоа е почитувани пратеници, почитувани граѓани, тоа е затоа што треба да се удоволи на одредена

политичка партија на одредена политичја структура овде во Република Македонија, за да не дојде до некаков распад на некаква коалиција. Тоа не е итерес на граѓаните. Тоа апсолутно не значи дека со овој член 16 се штитат општина Зајас, Осломеј, Другово и општина Вранешница. Ова е само одлагање на нивната смрт. Припојување кон општина Кичево, со одредена цел. А целта е иста и идентична како и во Струга. И сегса повторно нелогичноста еве ја каде е. Јас ќе ве молам да не ми дофрлате, ако сакате реплицирајте ми. Мислам не е во ред. Моите ставови не мора да значат..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има секој право да реплицира . Повелете.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Значи истата состојба е во Струга, но таму образложението е сосема обратно, таму може уште поголеми по територија и по жители и територија од овие кои што сега не се здрели да се спојат со Кичево, таму се припојуваат. Значи аргументите се тотално спротивни, поточно не држат вода.

Сега, носиме закон од утре, одкако ќе се изгласа ќе кажеме дека сме го направиле, со закон, територијално сме организирале во рамките на оваа карта овде што ни се нуди но самото тоа не е корисно решение. Конечното решение, значи целосната примена на законот ќе настане после четири години. Сега после четири години можеме да имаме уште незнам колку измени на овој закон. После четири години ако се примени овој принцип на овој начин како што е членот 16, или пак ако се прифати наредниот амандман за Струга, каде што се нуди исто вакво решение значи дефакто дека Владата, односно прдлагачот е спремен да прави отстапки, секогаш кога некој ќе го притисне одредениот преговарач. Од тука почитуван претседателе излегоа во јавноста и оние натписи со 3:0, оние натиписи каде што г-динот Црвенковски даваше сугестии на Владта или патуваше, прашајте ја Владата за што тоа го направила . Од тука излегоа нејасните ставови на одредени политичари кои што требаа да кажат јасен став. Од тука излегоа преговорите, одтука произлегоа сите оние проблеми кои што денеска ние ги имаме овде, кои што мора маратонски да расправаме и од тука произлегоа протести од граѓаните.

Од тука почитуван министре  излезе и таков став кога во општина Кичево се слушнале еднаш излегол градоначалникт еднаш го подржал а еднаш не го подржал, затоа што навистина човек тешко може да ве разбере кога предлагате  во пет минути шест решенија кога информацијата се пласира преку одредени средства за информирање, кои што може да ги толкува кој како сака. И тука добро се прочита одредбата, многу е јасна позицијата. Ништо овие општини не добија. Овие општини го изгубија својот став. Фактички го изгубија. Во овие четири години кога знаат дека во одреден период ќе бидат припоени кон некој си друг. Која е нивната мотивација кој е нивниот стимулг да градат развој во тие општини, кој е нивниот стимулг да одат кон побрз економски развој и кон се она за кое што овде се декларираме дека со децентрализација сакаме да го постигнеме.Нема да го има тој стимулг. Едноставно си се припремаат постојано да го проживеат овој период што го имаат и да бидат спремни да припаднат кон Кичево каде што според мене неможе исто. А за да го задоволат оној апетит или онаа желба на одредени фактори овдека кои што се повеќе, поголеми фактори одколку сите реални фактори Треба да ве потсетам дека меѓународната кризна група излезе со свои ставови каде што токму се осврнува на овој член 16 каде што кажува, а тоа што го зборуваме ние овде, некој веројатно не сака ни да слушне дека не се прават вакви договори. Ваквите договори се штетни. Ако се решава решете го, како што сте ги решиле сите општини, ако ја имате таа храборст како предлагачот да правите отстапки за едни места а за други не. Зато се јавуваат незадоволства.

Значи, нашиот став е јасен. Ние се залагаме да опстојат оние општини кои што и до сега беа. Тука можеби има аргументи многу да се дискутира во насока на тоа зошто е таков ставот дали некој реферирал со таков став, дали допрва ќе реферира, меѓутоа, во конкретниов случај подобро е решението да биде чисто. Поточно се знае што од денес, а не после четири години. А најдобро решение за кое и ние се залагаме како пратеници е да нема ваква одредба, значи да не преминува некоја друга општина туку да си остане таму каде што е. Иако предлагачот мислел дека со вакво решение состојбата кај тие општини ќе се смири, дека тие така лесно ќе го прифатат, јас мора почитувани колеги, почитуван министре, верувам дека министерот тоа го знае и до нас како пратеници се

доставуваат писма, извештаи каде што јасно се потенцира овие општини, или општината Кичево не го сака тоа. Тоа го кажа на референдум. Не го сака ни одложниот услов. Сака да остане така како што е сега. И Кичево и сите други. За другите неможам да гарантирам затоа што има некој што ја наметнува својата волја на другите, но за општината Кичево е сигурно. Таму е волјата таква. Предлагачот на овој закон апсолутно не ја следел волјата на граѓаните, туку си се водел според својот терк и барал некое решение во конкретниот член 16 со кој што ќе се направи некоја преодна форма, го амортизира просто да речеме ударот за четири години да се стабилизира состојбата, затоа што се страхувало, или предлагачот односно Владата страхувала , доколку она што и е цел на Владата Кичево да биде заедно со овие општини со кои што демографската структура потполно ќе се поремети, со кој што во Кичевоќе стане доминантно албанското население наспроти сегашната состојба и што е основната цел со која што ќе се дојде до една територија која можеме да ја сврстуваме во разни комбинаторики.

Јасна е состојбата која е целта. Заради тоа што предлагачот односно Владата стравуваше дека можеби со двоен удар Струга и Кичево ќе имаме тешки последици, можеби законот нема ни да помине, можеби и кај парламентарното мнозинство е индиферентно на нив, меѓутоа, кај нив ќе предизвикале револт тој закон да не помине затоа што сепак три удари се многу. Заради тоа се најде една ваква тотално нелогична одредба во овој закон.

Да се зборува и до утре, јас сум убеден дека тешко некого ќе убедиме, меѓутоа, уште еднаш сакам да потенцирам, членот 16 нема потреба да постои, членот 16 е апсурден во секој поглед, членот 16 кажува нешто што ќе се случува во иднина, а ние не знаеме што ќе се случи денес, членот 16 наметнува воља на некого или воља на тројјца или петмина врз воља на 50 иљади жители. Членот 16 прави распределба онаква каква што некој сака по 4 години.

Затоа, не е поентата како што некој сака да свати, па овие општини со овој член 16 останале, опстоеле, па тоа е некој голем успех на Владата затоа што се поставува прашањето зошто успех на Владата, тие општини и сега постојат. Или победивте во

преговорите, не го дадовме Кичево сега, ама го даваме по 4 години, капитулација, капитулација да сега, да по 4 години. Одложната смрт е многу потешка од првата.

Затоа велам Владата  која се декларира како храбра во рамките на она што вели Рамковен договор за којслушнавм еи од излагањето на премиерот дека апсолутно ќе го спроведел до крај како Влада, требаше  машки да настапи, па нека го нарправи зошто 2008, нека го направи сега да опстојат на тоа што го мислат и тоа што го сакаат. Таа е целта.

Друго да ви кажам почитувани колеги кој ви гарантира, кој ни гарантира нам како пратеници, кој им гарантира на тие граѓани во Кичево дека по два месеци откако ќе помине целата гунгула  овде со дебати, онаму пред Собрание, по улиците и овие протести што сега ги има. Кој ни гарантира дека по три месеци или по еден месец или по 15 дена, кој ни гарантира дека Владата нема да излезе со предлог во кој ќе каже Предлог за измена на овој закон во која ќе каже дека членот 16 се менува и гласи или бројката 2008 се брише и се става 2004 година.

Кој може тоа да го гарантира? Никој. Заради тоа што една ваква одредба може да се  толкува како превентивно гаснење на оган, но жарот тлее. Е, кога ќе запре тоа тлеење, можеме да го направиме она што ни е основна цел. Зарем зад политичките договори за кои овде, а ќе го потврдам тоа што го зборувам, дали се сеќавате сите вие почитувани колеги каков беше ставот на ДУИ дека Кичево и Струга е завршена работа, нема што да преговараме, не можеме да се враќаме назад на нешто што сме дефинирале, која е гаранцијата што е договорено со овој член 16 се прави само едно принудно решение или фатаморгана за сите нас и за граѓаните на Репбулика Македонија.

Која е гаранцијата дека утре можеби пратениците на ДУИ ќе излезат со предлог за измена на законот на член 16 и да се доведеме во онаа позиција, јас сум убеден дека тоа ќе се случи. Не сум сигурен дека така лесно попуштил преговарачот од страната на албанскиот фактор. А уште помалку сум сигурен дека некој прославува победа од другата страна.

Затоа почитувани колеги ако имате слух да го слушнете и ставот на граѓаните, мислењето на сите оние што овде со писма, со дописи ни се обраќаат, мислењето на

оние кои живеат во тие општини и на крајот на краиштата и интересот на Репбулика Македонија во целина, а особено на македонскиот народ. Тогаш овој член, поточно овој амандман што се предлага треба да се прифати и не би требало да постои дилема.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Кој има реплика нека се пријави.

(На пратеникот Фазли Велиу му даде збор мислејки дека е реплика, но тој е пријавен за дискусија).

Повелете госпоѓо Станковска.

СЛАВИЦА СТАНКОВСКА:

Благодарам претседателе.

Јас ќе реплицирам на некои изнесени ставови на колегата.

Прво,би сакала да ми објасни, навистина не ми е јасно, како граѓанин на Репбулика Македонија кој согласно Уставот на Репбулика Македонија сеедно без разлика на етничката припадност можат да предизвикаат смрт на една општина, а според видувањето на колегата единствено се виновни штоприпаѓаат на друга етничка заедница односно на албанската.

Ако е така колега, тогаш би сакал да ми објасните што претставуваат 25% припадници на албанска етничка заедница за Репбулика Македонија? По ваша логика што мислите како се чувствуваат припадниците на другите етнички заедници кои живеат во општини кои претставуваат малцински заедници додека Македонците претставуваат мнозинство во истите општини.

Ова ваша фрустрација е толку голема што воопшто не се обидувате да ја скриете омразата кон припадниците на етничката заедница на албанците.

Јас навистина како припадник на Македонците се срамам од оваа јавно изразена омраза и би било многу почесно при вашите декларативни изложувања дека не сте против албанскиот јазик,не сте против албанците, би било чесно да кажете дека не ве сакаме, не сакаме да ви го слушнеме вашиот јазик, а не да се обидувате да барате аргументи кои очигледно не можете да ги најдете.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Караџоски една минута контра реплика.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитувана колешке, морам да се изразам вака, репликата немаше тотална врска со она што јас го зборував. Ниту некаде споманв за албанци ниту спомнав за демографската структура на тие општини, јас кажав тие општини ќе изумрат со самото тоа што ќе се припојат. Ако не ви е јасно, јас незнам како да ви објаснам. Кога 4 општини ќе влезат во состав на друга општина, дали постои таа општина? Јас тоа гонареков со изумирање. Тоа е факт. Тоа е толкујасно што незнам што треба да ви се објасни.

Сето ова што гокажавте дали имам фрустрации, тоа е чиста глупост и чиста измислица и воопшто за тоа не зборувам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

На ред е г-динот Шајновски, а потоа г-динот Фазли Велиу.

ДРАГО ШАЈНОВСКИ:

Со овој амандман се бара да се брише временскиот рок со кој некому нето му се ветило.

Ако го прифатите овој амандман ќе се добие нормален закон во кој ќе немаме прејудицирање дека нешто ќе мроа безусловно да се случува во 2008 година и ќе се анулираат сомневањата дека зад ова се крие нешто друго, а не децентрализацијата.

На пример, што ќе правиме ако во овој период до 2008 година сите овие општини функционираат беспрекорно. Дали и тогаш овој закон ќе биде на сила и ќе ги обединиме сите општини?

Затоа овој амандман треба да биде прифатен со што власта ќе покаже дека не се дели македонската територија меѓу албанците и македонците. Треба сите овие општини да си останат во старите граници, а за нивно евентуално обединување да се зборува во момент кога ќе се увиди дека сами не можат да функционираат, а не да се поставува некојрок тогаш. Можеби тие можат да се обединат и во 2006 година ако се види дека не функционираат, а ако се заедно би се докажало дека можат да функционираат. Многу е

нормално тие да се обединат без никакви проблеми, без никакви сомневања тоа соединување на општините да се случи.

Тоа би било чесно и без никакви сметки. Една ваква постапка би била без никакви претходни пресметки меѓу коалиционите партнери. Тоа ќе биде еден природен процес, економски, демографски. Затоа  го поставувам прашањето зошто мора со закон нешто некому да се вети денес дека ќе се случи во 2008 година. Кој го бара ова, кому му се ветува едно вакво обединување на Кичево и другите општини.

Зошто ова мора да се прави ако зад ова не се крие поделбата на државата. Зошто не се донесе закон дека овие општини ќе се обединат кога за тоа ќе има економска потреба, а не дека ќе се обединат безусловно. Зошто некому му се гарантира со закон и безуслвоно дека Кичево ќе се обедини со другите општини. Ако е се чесно, стручно направено од експерти, зошто денес ние со закон му ветуваме некому дека до 2008 година ќе бидеме вака и вака, во овие и овие граници.

Од овие прашања може да се види дека со ваков закон за Кичево и другите општини се врши предавство кое ќе го почувствуваме на сопствената кожа многу брзо пред 2008 година.

Затоа барам овој амандман да се прифати со што ќе се докаже дека не манипулирате со граѓаните на Кичево и Македонија и безочно ја искористувате нивната доверба во вас за ваши лични, од група луѓе, цели.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Фазли Велиу, имате збор.

ФАЗЛИ ВЕЛИУ:

Благодарам господине претседате,

Немав намера да говорам затоа што многу работи се јасни, меѓутоа, би сакал да кажам неколку дообјаснувања на другата страна која го поднесува амандманот и која става забелешки во однос на прашањето на Кичево со тоа што ќе се обидам да ги убедам со факти.

Не е привилегија што прашањето за Кичево се одлата за 2008 година, тоа е казна затоа што Кичево од сега заслужува да биде соединето со општините Зајас и Осломеј. Ќе

изнесам факти. За да докажам дека доколку македонската страна продолжи вака не само сега туку и по 4 години не ги исполни условите така како што сака македонската страна преку опозицијата, фактите говорат за себе. Денеска имаме 2200 албанци регистрирани внатре со пописот во Кичево, 11800 албансци во Зајас, 10057 во Осломеј, вкупно 30765 албанци. Доколку го анализираме бројот на македонската заедница во Кичевоимаме 16 илјади, 13787 во другите делови занчи има 20278, Разликата е повеќе од 10 илјади во прилог на албанците.

Се гледа можност на овој начин припадниците на заедниците да бидат еднакви доколку ја земеме Вранешница таму има 1033, а Другово има 2784 што значи вкупно 3817 и со тоа не се исполнуваат условите за да биде така како што другите посакуваат.

Некој има тенденција ние да бидеме под соодветното ниво, а другите да бидат фаворизирани и да го имаат посакуваното ниво на развој.

Што се однесува до другата страна, нашиот прелдог беше да се соединат општините со Кичево затоа што сакаме да го пворземе руралниот дел со Кичево и повторно сме оштетени затоа што Зајас останува една од најсиромашните општини во Репбулика Македонија, Осломеј има перспектива, меѓутоа, што се однесува до вработувањето и напредувањето македонската страна е привелигирана затоа што секаде таму се примени македонци, ние се радуваме дека има такво привелигирање, но сигурно во Источна Македонија и на други места можеби се во економска неповолност и состојба.

Што се однесува до тоа дека треба да се избрише членот 16, доколку се избрише, тогаш ние ќе го измениме мислењето и ќе побараме од денеска да се спроведе поврзувањето на сите овие општини со Кичево.

Ние сме се повлекле во однос на ова прашање затоа што не сакаме да предизвикаме конфликт кај населението, до сега немало случај меѓу населението да се појави подлабок конфликт, за среќа, дури и во 2001 година немаше таков случај затоа што знаеме дека таму ситуацијата е поалармантна доколку ќе се употребат други средства како што тоа го прави моментално опозицијата. Следствено на тоа ние сакаме природно да одиме и да го следиме текот на развојот на населението, индустрискиот развој, земјоделскиот развој со цел благодетите да ги почувствуваат жителите на тоа

место, а ривалитетот на сите им одговара 2008 година, меѓутоа, таму сакаме еден ривалитет во согласност со европските стандарди, ане со тоа што ќе се дискриминираат другите, туку да се оди кон еден развој со кој ќе излеземе како многу силна општина и би се споредувале со други посилни општиникако што е Гостивар и други, а не преку газење на другиот.

Таму нема никакви факти дека има омраза од страна на албанците кон македонците и за среќа во Зајас новиот субјект ја има власта што добро ја води целата работа.

Што се однесува до сето она што беше кажано тука за иднината, никој не гарантира за ни една држава, за ни еден народ во светот. Денеска во целито свет напредуваат народи кои се активни и народи кои немаат некоја заразна болест. Мислам дека народите кои живеат тука се активни, а истовремено немаат некоја заразна болест, па за тоа не треба да се секира другата страна.

Што се однесува до солидарноста во однос на можни природни непогоди, тоа е докажано дека сме биле солидарни не само тука, туку и по широко. Ние можеме да им помагаме на сите. Сакав насоката на дискусијата да биде поинаква.

Сите сакаме да одиме, од Западна Македонија да одиме кон Европа, токму треба да одиме во таа насока, и не треба да се враќаме назад и перспективата кон Европа да ја бараме преку источна Македонија или преку државите што не успеале, државите од Истокот. Според дискусиите произлегува спротивното и сите оние кои мислат дека од Истокот можат да го најдат развојот, треба да се откажат. Нашиот развој е кон Западот, кон светот.

Затоа јас сум членот 16 да постои, затоа што без тој член, и едновремено овој амандман што е предложен денеска воопшто да не се земе предвид затоа што тој е наопаку и не е воопшто во согласност со перспективата на земјата и нашата перспектива.

Додека пак, што се однесува до некои поделби што тука некој ги спомнува, тоа не треба воопшто да се размислува, да ги очекува од страната што го има потпишано Рамковиот договор како и од албанската страна, туку од оние кои не успеале. Ние, од

наша страна сме за развој на земјата, за развој на народите во оваа земја и ние сме за тоа сите работи да ги дискутираме тука, а не на улица, не преку протести, не преку уништувања што не се ниту во наш прилог, ниту во прилог на народите кои живеат тука.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Караџоски, повелете имате реплика од три минути.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Да, сакам реплика.

Господине Велиу, ако внимателно ве слушав, во вашата дискусија веќе провеја контрадикторност. Прво кажавте дека и вие не сте биле, зборувам како партија, не сте биле за едно вакво преодно решение, веднаш општина Кичево да биде со овие општини, а да после, на крајот на дискусијата да слушнеме дека сте за овој амандман да не се прифати, поточно да биде решение како што е сега предложено. Тука се гледа таа ваша контрадикторност. Тоа е едната работа.

Втората работа, во вашата дискусија зборувате дека Албанците во тие општини немале да прифатат доминација на Македонците и дека заради тоа нема развој и слични работи. Меѓутоа, не сакате да признаете една друга работа, дека токму со ваквиот предлог за каков што се залагате, меѓутоа морате да прифатите едно вакво решение поради партиски договор, нормално, не сакате да признаете дека со припојување на овие 4 општини токму албанците стануваат доминантни. Токму тоа ви е целта. Тоа што го зборувате против Македонците. Значи и во поглед на вработувањето за кое зборувавте и во поглед кој ќе биде таму градоначалник и во поглед на сето она што го нуди Законот за локална самоуправа, на овој начин, со ова припојување фактички вие фаворизирате албанската заедница, поточно она што сега што цело време го негирате за Македонците.

Тое е она за кое ние велиме овде дека е неприродно. Инаку, спомнавте бројки, цитиравте колку жители има секоја општина таму што ја кажавте и тоа не е спорно. Јас ви кажав, што им фали на тие албанци таму? Имаат општина. Никој нема никаде да ги однесе. Тие пак ќе бидат тука. Дали, ако се припојат кон Кичево нешто повеќе ќе добијат

освен на доминација за која скриено сакате да ја игнорирате но во суштина тоа ви е целта?

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Господине Фазли Велиу имате една минута за контра реплика.

Повелетле.

ФАЗЛИ ВЕЛИУ:

Јас не знам, или преводот не е во ред или пак самиот Караџоски не разбра што кажав јас. Јас реков дека ние од сега сме подготвени да се припојат општините. Меѓутоа, тоа го оставивме затоа што не сакаме да предизвикаме конфликт таму, а по инсистирање Караџоски на неговите таму да се создаде уште една Митровица.

Во однос на тоа после 4 години кој ќе се развие, нека се реши прашањето. Ние сме направиле решенија и повторно таму градоначалникот е Македонец. Повторно може да се избере Македонец. Тој Македонец таму вели дека може да се издигнат споменици и може други, а изгледа дека Караџоски воопшто не е во тек со настаните, со поранешните и со сегашните.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Блаже Стојаноски имате три минути.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Благодарам претседателе.

Оваа точка дефинитивно покажа каков е пристапот при утврдувањето на овој Предлог на закон и дека се зборува за ние и вие, а не за граѓани на Република Македонија кои треба да живеат во една децентрализирана Македонија. Се зборува за Митровици во Македонија, значи пристапот е многу сличен. Се зборува за народи, албанскиот и македонскиот кои што се иманентни само на создавање федерални едидници, а како такви тоа значи право на самоопределување и отцепување преку референдумско изјаснување. Значи, се зборува за Македонија, која што дефинитивно на овој начин се движи кон ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Стојановски не реплицирајте на контра реплика. Реплицирајте на она што е кажано. Затоа ви дадов реплика.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Во дискусијата се зборуваше за народи претседателе,

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Митровица беше спомната во контра реплика.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Значи, со ваков бинационален пристап кон утврдувањето на општинките граници, во конкретниов случај за Струга дефинитивно се разоткрива начинот на кој што се цртани општинските граници во Република Македонија.

Инаку, уцената од типот дека, ако се прифати овој амандман ние ќе го повлечеме решението за четири годишен грејс период за опстанок на општината Кичево и на останатите општини, тоа не претставува ништо друго, туку факт дека ова решение за Кичево е резултат на чисто политички пазар.

И, уште една работа сакам да кажам, а тоа е дека ова претставува единствената отстапка што ДУИ му ја направи на СДС во утврдувањето на границите, меѓутоа оваа отстапка нема да може да се повлече назад, затоа што, за да може да се изгласа измена на овој член, треба мнозинство и од претставниците пратеници Албанци, што значи дека ова решение е дифинитивно решение. И, согласно тоа да не се надеваат кичевчани дека по 4 години ќе можат да го вратат Кичево во иста ситуација во која што се наоѓаат сега заедно со останатите општини Вранештица, Другово, Осломеј и Зајас.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете имате една минута, господине Велиу.

ФАЗЛИ ВЕЛИУ:

Повторно недоразбирања. Јас сакав да кажам навистина што ќе не убеди, но господинот го спомна случајот што сум го рекол претходно. Овие сакаат да го разделат

Кичево на север - албански дел и јужен - македонски дел. Ние Кичево го имаме заедничко и овие да не се мешаат во работата на Кичево, бидејќи ние ги знаеме овие работи. Овде има пратеници од Кичево, од сите делови.

Затоа мислам дека ги боли забот и јазикот го носат таму каде што ги боли забот. Јас не сум зборувал против соживотот. Нека дојдат во Кичево, нека живеат и да видат какво е Кичево. Затоа е лошо толкувањето од страна на последниот репликант.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Оровчанец имате три минути.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Благодарам господине претседателе.

Морам некако да ги разграничам работите. Јас упорно се трудев да разберам тоа што сака да го каже и тоа што сака да го манифестира пратеникот Фазли Велиу. Меѓутоа не знам дали неговиот ток на мисли и таа какафонија на мисли што можев да ја приметам е резултат на тоа што тој го зборуваше или на лошиот превод што јас го добивав овде.

Меѓутоа, во секој случај, тоа што мене ми остави впечаток, дефинитивно, од сето тоа е затоа што таму имавме набројано елементи од народи, зарази, инфективни болести, па запад, па исток, ние сме запад, па ... мислам дека тоа е практично еден говор кој што зад себе остави само една тешка демагогија со јасна намера кон што се се стреми. На овој начин мене ми е дифинитивно јасно кои се целите, како се постигнати, меѓутоа тоа е негово право на тој начин да се искаже. Мојата забелешка конкретно е овде до СДС што го толерира ова непристојно однесување на дел од позицијата.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Фазли Велиу пред да добиете збор за контра реплика само да кажам дека заразата беше во однос на болен на рак од 4 години.

(Реакции со дофрлања од место)

Можеби преводот не е добар.

Повелете господине Фазли Велиу, имате една минута.

ФАЗЛИ ВЕЛИУ:

Благодарам господине претседателе.

По се изгледа дека беше блиску дискутантот, но за ова зборуваше господинот Караџоски за рак болеста, за 4 години, да умре пациентот по 4 години. Јас не знам каде е тој. Јас реков дека народите што се активни и немаат некоја тешка болест тие одат напред. Другите народи, навистина, остануваат назад. Ние немаме никаква тешка болест. Ние сме активни и одиме кон унапредување на нашата држава. И мислам дека ние одиме кон сите други држави. Тој нека дојде да види што се случува таму.

Што се однесува до демагогијата, нека се сврти кон минатото и нека го види минатото што јас го поминав. И, на крајот на краиштата јас ќе одговорам на еден поинаков начин, но навистина не ми дозволува тоа, тој ништо не знае од педагогијата и од човештвото.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Даневски, имате три минути.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Благодарам господине претседателе,

Јас би го искористил моето право да кажам со право дека многу јасно кажа господинот Велиу, ги симна маските, многу отворено, многу чесно. Ги кажа намерите. И не само тоа, туку прати јасни пораки. Јасни пораки прати која е интенцијата, кои се намерите, јасно кажа дека е ова чист политички договор и тоа го ценам бидејќи чесно кажа, кажа дека тие се активен народ и не се заразни немаат болести, активно ќе напредуваат. За жал, од другата страна го има македонскиот кој не е активен народ, тоа сигурно така произлегува како контрареакција. Кажа многу работи дека, ако не ни ги удовилите овие работи ние ќе го искористиме второто сценарио, ќе бараме, што значи нема да има гласање, јасно прати порака и сигурно дека ова што не сака некој да го чуе а тоа не сакаат да го чујат македонците, јасно е пратена пораката. Пораката е јасна дека се оди кон федерализација на Македонија. Дали тоа некој сега сака да го слушне или после 4 години или 2 години, 2 месеци, тоа може да се правиме сега ние глуви.

Многу отворена дискусија на господинот Велиу, многу чесно ги кажа намерите, прати јасни пораки. И сега, што некој тука во Парламентот не сака да чуе, ќе каже времето.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Ѓорчев, повелете.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Почитуван господине претседателе, почитуван господин министре, почитувани дами и господа пратеници,

Во мојата дискусија ќе се обидам да образложам зошто се залагам и го поддржувам овој амандман, 128-ми по ред, каде што стои дека треба да се брише член 16 од законот за територијална поделба на единиците на локална самоуправа и да дадам објаснување зошто сметам дека тоа е исправно.

Имено, ова е единствениот член каде што се даваат, односно се става условна клаузула, една временска дистанца, после која што по автоматизам само времето е оној фактор кој што во 2008 година, по истекувањето на тој рок општината Кичево ќе биде општина во која што ќе влезат општините Зајас, Осломеј, Другово и Вранештица, со седиште во Кичево и со 72 села, кои што наеднаш би рекол од села во ридско-планинските делови на Кичевската котлина, потоа во средишниот дел на Кичевската котлина и уште седумте села околу Кичево, значи 79 села заедно ќе станат дел од урбаниот центар, односно градот Кичево.

Мислам дека за самата структура на законот, бришењето на овој амандман е од полза, однсно усвојувањето на овој амандман на член 16 е од полза, затоа што неодржлива е вербата и бесмислена надежта дека ако остане овој член ние ќе имаме квалитетен закон. Ниту еден закон не е непогрешлив, ниту еден закон не е беспрекорен и секогаш имаме формулација “измена и дополна” на било кој закон, низ парламентарна процедура, едностепен или двостепен, зависи од итноста. И, секогаш постои можност во

согласност со тоа што ќе ни го понуди времето, што ќе ни понудат околностите или други претпоставки да со измена и дополна реагираме.

Сметам дека е тоа, пак ќе кажам природен начин на решавање на проблемите во територијалната поделба, а на ваков начин, навистина, дури експлицитно се изразува политичката волја на парламентарното мнозинство и доминира еден политичко-етнички критериум што сметам дека е неодржлив за целината на целиот законски проект и воопшто за целината на, би рекол, она што значи смисла на локална самоуправа во Република Македонија.

Едноставно, сите овие податоци што сакам тука да ги изнесам сега, за општината Осломеј, 17 села, 130 км2, со просечна густина на населението од 69 жители, со број на население над 9 илјади жители, една општина која што е ридско-планинска, а се протега и во рамничарскиот дел, со огромна површина на 12 илјади хектари обработлива површина од кои што 3,5 илјади хектари се од најквалитетна земјоделска површина. Потоа општината Зајас над 10 илјади жители, со 13 села, со исто огромна површина од 14 илјади хектари земјоделско шумско земјиште и пасишта. Општината Вранештица со 138 км2, со 13 села и со општината Другово, најголемата општина со 391 км2 и 29 села.

Едноставно начинот на живеење во овие општини, а тој начин на живеење се формирал би рекол со децении, можеби и со векови во населените места, не дозволува за толку краток временски период од граѓани кои што навикнале на еден друг, би рекол амбиентален однос, пред се кон природата да ги сместиме во една би рекол урбана средина и начин на живот во урбана средина која што бара специфични задоволувања на комунално-урбаните потреби на граѓаните во една градска средина. 4 години е премал период, 4 години е експериментален период и оттука сметам дека тоа е неодржливо.

И уште нешто сметам дека е неодржливо. Доминацијата исклучиво на етничкиот критериум, бројките колку проценти се Македонци со албанско етничко потекло, колку проценти се Македонци, колку проценти се Турци, конкретно за овој случај не држат, затоа што мислам дека овде треба да дадеме приоритет на економската димензија. Ова не го говорам залудно, затоа што најголемите заложби на Меѓународната заедница во Македонија, луѓето задолжени за локална самоуправа секогаш беа насочени на 5 општини Кичево на општините Зајас, Другово, Вранештица и Осломеј. Сите, би

рекол, анализи и претставувања на Македонија, како земја која успешно чекори кон Европската унија и воопшто кон подигање на квалитетот и живеење на граѓаните се одвиваше преку пилот проекти токму во овие општини.

Значи луѓето од ОБСЕ кои што се задолжени за локалната самоуправа, луѓето од Европската Унија кои што се задолжени за локалната самоуправа со поддршка од Амбасадата на Норвешкото кралство во Македонија, со поддршка од повеќе министерства на Владата на Република Македонија повеќе години наназад секој пат во оние организирани посети на многубројни градоначалници од Македонија во Германија, во Данска, во Норвешка, на преден план секгоаш беа тројца градоначалници од овие пет општини, или патуваа заедно градоначалниците на Осломеј, Другово и Кичево, или пак во Баварија, или пак во Норвешка, градоначалниците на Зајас, Вранешница и Кичево, но со една единствена цел, да покажеме како може на еден релативно голем простор во западниот дел на Македонија во една мешовита етничка средина во која што во најголем дел живеат заедно би рекол македонци, албанци и турци, како може да се одвива економската соработка успешно и на она што претставува пример на соработка меѓу општините во Европа. Имено, Норвешкото кралство изготви неколку проекти преку Амбасадата за изградба на млекара во Кичево, на мини кланица во Кичево и на проект за дехидрација на шумски плодови во Кичево, но со собирни пунктови и организирани би рекол временски синхронизирано организирање на откупот во сите овие четири општини, значи Вранешница, Другово, Зајас и Осломеј. Едноставно Европа не може да го разбере нашиот етнички дискурс, нашиот агол на гледање и ние преку овие пет општини до сега собиравме поени како земја која што навистина е европски определена и како земја која што граѓанскиот концепт го става пред етничкиот концепт. Затоа сметам дека, ако луѓето кои што тука се во Македонија како независна суверена и самостојна држава од европските држави и кои што толку многу напори дадоа, толку проекти направија да афирмираат една синтеза на заедничко живеење на граѓани од различни етнички ентитети во Македонија и притоа се направени проекти за економски одржлив развој на општината. Ќе кажам зошто. На сите овие пет општини, не само на општината Кичево, затоа што во Македонија најголема грешка е ако некој мисли дека големите градови ќе

дадат и се најподатливо место за вработување на младото население во Република Македонија. Напротив, во големите градови младата популација е најмногу изложена на ризик и тука најмалку може во услови кога македонскиот банкарски систем во целина е многу слаб да ги поддржува големите системи, кога ние немаме доволно средства да обезбедиме техничко технолошки развој и висок степен на капиталот кој што претставува модернизација, информатичка технологија, нови модели на технолошки процеси. Ние едноставно сме повикани да развиваме на локално ниво во малите општини кои се наша шанса, затоа што ние можеме единствено преку трудот, во Македонија имаме нешто што многу вреди во Европа, а тоа е труд, труд кој што има традиција, труд кој што има достигнат степен на знаење и умеење, труд кој што зависи од она што претставува наша компаративна предност. Во кичевско тоа го имаме во шумските плодови, го имаме во производство на месо, на крупен добиток. Тоа што Македонија го нема, Македонија годишно увезува 16 илјади тони разни производи од месо и уште 12 илјади тони пилешко месо, значи 28 илјади тони сме зависни од увоз од Србија, од Унгарија, од Полска, од Европската Унија, а тоа можеме со многу поздрава исхрана на многу поквалитетен начин да го правиме токму во овој регион каде што Европа оценила дека треба да се инвестира, дека треба да се отвараат нови работни места користејќи ги ефтините домашни ресурси, користејќи го она што ни го дала природата и овозможувајќи на еден поширок регион, вчера јас се обидов да кажам дека таа регионализација еден ден ќе мора да дојде во Македонија, на еден поширок регион кој што ќе биде афирмиран во европски контекст да можеме да развиваме би рекол и етничка хармонија покрај економската хармонија, економскиот раст, стопанскиот раст, значи, барем според мене ќе можеме она што е примарно преку капиталот, преку парите, преку поголемиот животен стандард луѓето да ги натераме едноставно да заборават на етничките проблеми, туку човект од Осломеј кој што произведува телешко месо и кој што треба тоа да го однесе во кланицата во Кичево, или пак во кланицата во Осломеј да размислува само за економскиот аспект на живеењето. И мислам дека тука сме отишле најдалеку како држава во еден континуитет на промена на политички номенклатури на власт и тој концепт тука е мошне одржлив со препораки од ОБСЕ, со препораки од ЕУ, со препораки од амбасадите во Република

Македонија. Ние тоа не треба да  го губиме од вид. На страна што уште еднаш ќе кажам дека ниеден закон  не е непогрешлив, ниеден закон не е беспрекорен. Автоматски имаме можност доколку оцениме во иднина не само за овие општини, туку и некои други во Република Македонија, можеби и во источниот дел, во јужниот дел, доколку се укаже потреба за натамошна дисперзија, или натамошно окрупнување во кое јас лично не верувам, ние секогаш ќе одиме на се помали општини, тоа ќе биде нашата перспектива и тоа е единствениот пат кон децентрализирана Европа како децентрализирана Македонија. Но, пак ќе кажам, не на политичко етнички критериуми, туку на објективни географски, економски, социјални и она што пак ќе кажам главното во Република Македонија, младата популација која што во Европа ја нема, а за среќа ние во Македонија сеуште имаме работен потенцијал кој што може на својата земја со својот труд, со ефтини кредитни линии, со мали вложувања да обезбеди нови вработувања, да обезбеди растеж и на тие општини и растеж на целата македонска економија. Едноставно ова што го говорам го поткрепувам со европски аргументи. За тоа може да се провери секој кој што сака во Парламентот да проверат во Мисијата на ОБСЕ во Македонија, во Мисијата на ЕУ, да проверат по амбасадите во Република Македонија, Германската амбасада, Норвешката амбасада и тогаш ќе се уверат дека тоа е нашата иднина. Не е нашата иднина во централизирање на сите овие пет општини во една општина, туку напротив, во децентрализирање, опстојување на општинските канцеларии, создавање на висока свест и функционалност на општинската административна управа која што ќе ги артикулира сите претприемачки иницијативи на граѓаните од тие региони, ќе ги обединува и ќе ги централизира исклучиво на екномска подлога преку економските аргументи. На таков начин погледнато мислам дека имаме шанса сето ова што го говориме тука како образложение на законскиот проект и да го одбраниме, да го одбраниме во контекс на развојот на Македонија, во контекс на нашата иднина и чекорејќи кон она што за сите нас претставува можеби во овој момент далечен сон, но десетици години од историска димензија не значат ништо. Едноставно со вакво почитување на она што сме го направиле во минатото, нашиот минат труд во политиката, во економијата, во локалната самоуправа, во односите со Меѓународната заедница ќе можеме да сметаме дека сме

постигнале навистина некој унисон во изградување на подобро македонско општество. Едноставно, апелирам дека бришењето на член 16 од законот е целисходно, тоа е оправдано, ништо не значи условна клаузула, по редот на нештата времињата се менуваат, а ја имаме формулацијата измени и дополнувања на Законот. Едноставно, ако пристапиме кон овој амандман на начин за кој што говорев, а тоа е европската димензија, можеби ќе се убедиме дека сите треба да го поддржиме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор господинот Слободан Даневски.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Господине претседателе, дами и господа пратеници, господине министре, сигурно дека и јас го поддржувам овој амандман за измена на членот 16, односно за бришење, на тоа дека  општината Кичево и другите општини Зајас, Осломеј, Вранешница и Другово ќе функционираат до 2008 година. Се поставува природно прашање зошто се прави сега исклучок само за општина Кичево, зошто тоа не е направено со општина Струга и се наметнува природно прашање за недоверба. Зошто се прави сега исклучок и зошто би функционирале до 2008 година, а потоа ќе ги укинеме. Ако бараме аргумент за повеќе, или аргумент против и ако еве, сите политички партии во Парламентот се сложивме дека треба да се донесе законот за децентрализација, ако имаме став дека треба да се пренесат ингеренциите на пониско ниво на локалната самоуправа да можат општините да функционираат подобро и ред други работи, сигурно дека ова што е дадено како предлог од пет општини да ги окрупниш, фактички стои дека ова е класика од централизирање. Не е децентрализација. Децентрализација во суштина значи разградување, множење. Ние во дадениот случај даваме дека ќе правиме окрупнување на општината. И сега пак се наметнува прашањето, зошто, бидејќи ги исполнуваат условите за двојазичност. Кичево има услови, мултиетничко и ред други работи што ги говорите. Зошто сега ја правиме општината мамутска, мегаломанска, зошто на општината  и додаваме нови општини. Дали е изговорот дека не можат да функционираат општините Зајас, Осломеј, Вранешница, Другово. Не држи, затоа што пред некое време тука слушнавме дека добро функционираат, дека имаат развој, дека дел од пратениците кажуваат дека тие се толку

развиени општини што не можат да се споредуваат со источниот дел на Македонија, што во потполност се сложувам. Но, сигурно дека не се сложувам од типот на квалификации дека на Запад се оди преку Албанија, преку Албанија ќе одиме во Западна Европа, тоа не држи, или пак другата теза дека преку Источна Македонија, преку Бугарија ќе се оди, ниту тоа не држи. Европа се знае природно каде е. Европа е на Запад, ама нагоре, ако ги гледаме работите како што стојат. Во делот на она што стои како забелешка, мислам дека и вечерва еве за пошироката македонска јавност да знаат дека и општина Крушево станува двојазична, иако општина Крушево нема албанци. Мислам дека правиме исклучоци непотребни. Иако ќе интервенирате господине претседателе...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас навистина ќе интервенирам, затоа што зборуваме за амандманот каде што членот 16 се брише. Крушево овде воопшто не се спомнува.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Крушево станува двојазично, господине претседателе.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам, бидете сериозни господине Даневски.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Од ова ако е нешто посериозно, не знам господине претседателе.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам, зборувајте за амандманот.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Зборувам за амандманот дека членот 16 треба да се избрише и овие општини почнувајќи од општина Кичево, општина Зајас, Осломеј, Вранешница и Другово треба да си останат во административните граници. Ние влегуваме во една година каде што не чекаат многу недоречености. Ние одиме со пакетот на закони за децентрализација. Имаме пролонгирање на локалните избори. На прагот ни се Олимписките игри, имаме избор на претседател на САД и влегуваме во 2005 година која носи неизвесност за решавање на статусот на Косово. Ова ќе ви го кажам зошто сакам да го потенцирам. Ова сакам да го елаборирам од тие причини, затоа што ние правиме сега непотребно

проблеми, затоа што влегуваме во многу критичен временски период каде што Македонија ќе зависи од меѓународниот фактор. И сега, наместо да направиме една стабилност да се изразговара за да се надминат сите меѓуетнички тензии, ние намерно или ненамерно, или по нечија директива влегуваме да направиме меѓуетнички конфликт што нема потреба. Еве, ги почитуваме сите укажувања на пратениците албанци и кажуваат дека во општина Кичево соживотот е на едно високо ниво, дека нема никакви проблеми, дека и во време на кризата во 2001 година дека се живеело нормално, дека немало никакви тензии, дека немало нарушување на јавниот ред и мир, дека немало некои пречекорувања. Зошто сега ние оставаме отворено прашање за да ги дигаме тензиите на некое непотребно ниво. Ова го зборувам затоа што Македонија влегува во една година каде што ја чекаат многу недоречености. Ова не е случајно, затоа што информациите зборуваат, уште денеска се јавуваат од Струга дека нема да го почитуваат законот и дел од Скопје. Намерно сега правиме проблеми. Нема потреба. Идејата на сите нас тука во Парламентот да седнеме и да ги надминеме сите овие ситуации кои се вон институционални. Ние како Парламент, како институција сите носиме одговорност. И треба да се седне да се избалансираат работите. Сме правеле компромис во минатите години. Не може да правиме компромис на еден субјект, не може секогаш да бидеме ние македонците тие што ќе бидеме колатерална штета. Може да зборуваме за толеранција, можеме да зборуваме за соживот. Треба да ги сфатат работите и албанците и македонците. Имавме едно многу лошо искуство, имавме искуство од 2001 година каде што и ден денеска останува анализата за војната кој ја предизвика војната и кој ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Даневски, повторно се оддалечувате од темата на амандманот. Ве молам за амандманот. По втор пат ве опоменувам.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Да ви кажам една работа. Јас го користам моето легитимно право, ние сме исти, вие и јас сме избрани пратеници. Сега да ви објаснам една работа. Вие не можете да ми го ускратувате правото, кога господинот Велиу зборуваше за активен народ и пасивен

народ, кога зборуваше за Источна Македонија дека е бедна. Вие зошто тогаш не интервениравте?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Даневски има многу голема разлика помеѓу вас и мене. Јас сум прв пат во Парламентот, а вие сте четири мандати во Парламентот.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Па затоа треба да научите нешто.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

И одговорноста четири години требавте да ја носите. И ве молам, завршете ја дискусијата, инаку ќе ве прекинам.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Вие можете да ме прекинете во секое време. Вие не може да ми кажувате јас што да мислам. При секое мое настапување и на господинот Блаже Стојаноски не прекинувате.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Затоа што сте надвор од точката. Ве молам зборувајте за амандманот.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Па многу други се надвор од државата, па вие не ги прекинувате, надвор се од државата, а не од точката, надвор се од збиднувањата, од реалноста, па вие не ги прекинувате.

ЉУП6О ЈОРДАНОВСКИ:

Вие бевте секако во рамките на збиднувањата овие четири мандата што бевте во Парламентот.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Господине претседателе, ова го зборував најдобронамерно.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам продолжете со дискусијата.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Дискусијата е добронамерна, затоа што Парламентот и вие и јас и сите пратеници носиме одговорност. Ако сме се договориле дека ќе ги решаваме работите во Парламентот, во институциите, немојте да даваме повод улицата да ги решава проблемите. За тоа зборуваме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Во потполност се согласувам, но кога ќе дојде општа расправа по текстот, кажете ја таа порака. Сега имаме амандман. Вие на секој амандман истото го зборувате.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Јас зборував за Македонија. Ако не треба, еве, ако викате вие дека не треба да зборувам за Македонија, еве, се повлекувам, не зборувам за Македонија.

ЉУПЧО ЈОДАНОВСКИ:

Има збор Александар Гештаковски.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Господине претседателе би сакал да исправам одредени дезинформации на господинот Даневски и должност ми е како претставник на Владата. Господине Даневски, немојте да го труете народот со пароли од типот, Крушево го направија двојазично, готово е со Македонија, ние сме неспособни македонците, ја губиме државата. Баш напротив, мислам дека должност на секој македонец, а особено македонец пратеник, како и албанец за кој зборувавте е да го негува духот на својот народ. А вие го правите тоа обратно во најголемата чест на овој законодавен Парламент. Македонија опстојува со векови и ќе опстои со векови, ја одржувало мудроста и духот на народот. Кажувате конкретно, го направија Крушево двојазично. Господине Даневски, Крушево е од територијалната организација од 1996 година, ниту е додадено, ниту е одземено. Ако сметате, можеби така сметате дека со оваа територијална организација требаше да се одземат одредени села, да се извлечат, да се однесат во Житоше, да се гетоизираат и да се намали тој процент од 21%, а оваа Влада и оваа политика тоа  не го мисли дека е иднината на Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господинот Слободан Даневски контра реплика една минута.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Господине министер, кога станува збор за Крушево, мислам дека има недоречености во пописот. Таму се јавува разлика од 3%.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Господине Даневски, продолжувате. Знаете и пратеник кој не верува во сопствените институции на државата е уште полошо. Пописот во Република Македонија под меѓународен надзор на Еуростат е објавен и тие се податоците кои се објавени за Крушево, како и за сите други градови и села. Ако изразуваме недоверба, тоа е прашање на секој оној што зборува. Тие се официјалните податоци. Има решение и на тоа. Господинот Ѓорчев добро зборуваше. Овој Парламент носи закони, менува закони. Вие припаѓате и на политичка партија, таму беше и вашиот претставник претседател на Пописната комисија, побарајте нов попис на Крушево, тоа е дозволено. Овој Парламент донесе Закон за попис.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор господинот Блаже Стојаноски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Почитувани пратеници, навистина се двоумев како да ја почнам мојата дискусија за овој амандман кој што се однесува на член каков што до сега нема видено ниту еден закон. Член кој што прејудицира работи после четири години, член што кажува за визионерството на Владата, за видовитоста на Владата.

Владата вели, ние врз основа на критериумите ги направивме границите на општините. Заради тие критериуми мора да се почитуваат спецификите на одделни општини и на тој начин се направени решенијата на општиските граници. Зборуваме за Кичево. Покрај Кичево зборуваме за уште четири општини. Несреќата на Кичево е тоа што е мултиетничка средина, што таму живеат и македонци, и албанци, и турци, веројатно и роми. Меѓутоа, таа несреќа или среќа, зависно кој како ја толкува, мислам

дека на овој начин со ваков предлог, со вакво политизирање на ситуацијата се сведува на еден поттикнувачки елемент за нарушување на животот на луѓето во овој регион. Факт е дека политичарите, политиката и политичките партии, посебно оние што ја носат одговорноста за иднината на државата, кои ја имаат извршната власт во свои раце, треба да водат сметка за стабилноста на државата, за поттикнување на животот на луѓето, подобрување на тој живот, за зголемување на меѓусебната доверба на пртипадниците на различни етникуми,за создавање на една вистинска децентрализација која ќе значи реализација на вистинските барања на граѓаните.

Но што се случува? Во овој Предлог-закон Владата преку Министерството за локална самоуправа вели: Ние се раководевме од критериуми за определувањето на границите на Кичево. Ние велиме дека тие критериуми се испочитувани, односно општината Кичево ги исполнува сите критериуми во овој момент да опстои како општина. Општината Вранешница ги исполнува сите критериуми да опстои како општина. Општината Другово исто така ги исполнува сите критериуми да опстои како општина. Тоа важи и за општината Зајас, и таа општина ги исполнува критериумите, и општината Осломеј ги исполнува критериумите. Затоа што во овој Предлог-закон имаме решение во кое сите овие општини остануваат такви какви што беа во досегашните граници. Каде е логиката? Кои критериуми ги земавте предвид за да тврдите дека по четири години овие општини неможат да опстојат, што е она што ве натера да го напишете тој член 16, кој апсолутно не е усогласен со останатите членови на законот?

Зборувате за некакви надлежности кои можат или неможат да ги остваруваат локалните власти во Зајас или во Осломеј, Вранешница или Ддугово. А зборувате дека Кичево е неспособно само да опстои како град. Се повикувате на некаква територијална организација до 1996 година. Уште еднаш ќе ве потсетам, зборувате за територијална организација која беше правена во еден друг систем. Во тој систем немавте закон за финансирање на локалната самоуправа, немавте надлежности на локалната самоурава од таков обем кои претставуваат голем степен на самостојност во одлучувањето на раководните лица во тие органи. Немавте началник на полиција кој диреткно го поставува Советот на општината, немавте директори на основни училишта кој директно ги

поставува градоначалникот на таа општина, немавте началници за урбанизам кои директно се поставуваат од градоначалникот на таа општина. Имавте политички центар, политичка партија која можеше врз идеолошка основа да врши контрола и во секој момент да ги промени тие лица ако работат онака како што не треба. Сега што правите? Зошто овој етнички критериум не го гледате низ една друга призма, а тоа е дека албанците сакаат да имаат свој градоначалник албанец и дека мнозинството на советници во Кичево потребно е да биде од албанска националност. Тоа е целта.

Јас би се согласил со она што беше претходно речено од господинот Велиу дека треба соживот, има заедничко живеење треба доверба. Ако треба доверба, тогаш довербата се гледа ако сега ДУИ како свои кадри поставува во Кичево лица македонци, дали има еден македонец поставен на некое витално место за функционирање на некоја институција во градот. Зборуваме за демагогија, едно се зборува тука во Парламентот, а друго се прави на теренот. Прашајте ги кичевчани, видете колку македонци од страна на ДУИ се  поставени на раководни места. Ако е сега така кога имаме централизирана власт, како ќе биде кога ќе имаме децентрализирана власт, кога сите овие закони кои се предмет на донесување пред овој Парламент ќе бидат донесени и ќе почнат да се реализираат вистинските ингеренции на општинските органи во општина Кичево, или Струга во 2008 година, или сега во 2004 година. Значи, зборуваме за етничка доминација а не за мултиетничко живеење кое се заснова на меѓусебна доверба на македонците и албанците и на тој начин се создава еден вештачки спој на селски со градски средини, на средини како градската средина Кичево и денес е составена од македонци и од албанци. Која е потребата да се зголемува бројот на албанците? Навистина се чудам како може пратеник во ова Собрание да излегува со аргумент со цртање на општински граници и да зборува вака. 11.800 албанци во Зајас, 10.057 во Осломеј, со се Кичево вкупно 30.767. 16.000 македонци во Кичево, 3.770 македонци во соседните општини, 20.770 македонци во сегашниот и оној предлог што треба да биде во 2008 година. Во Вранешница 1.033 македонци, во Другово 2.774, што значи 3.817 вкупно македонци во овие села. Искажувањето од типот 10.000 албанци разлика во однос на македонците што живеат во оваа општина - баш фудбалски натпревар токму така! Зборувате за бројки, зборувате за

еден приcип кој е заснован на чисто етнички критериуми кои единствено значат освојување на локалната власт од страна на една етничка заедница. Која е довербата, каде е тука довербата на една етничка заедница, албанската етничка заедница кон македонската етничка заедница? Каде се наоѓаат оние етнички заедници кои се под 20%? Каде е тука турската заедница, каде се тука ромите, или каде се србите во одредени општини во Република Македонија?

Зборувате за критериуми. Ќе ви ги кажам уште еднаш критериумите.Велите дека општините сте ги формирале со тоа што тие да не се помали по правило од 5.000 жители, а бројот на населението во општинскиот центар требало да изнесува најмалку 2.000 жители. Дали општина Зајас не го исполнува овој критериум? Дали општина Зајас овој критериум нема да го исполнува во 2008 година? Дали општина Осломеј нема да го исполнува овој критериум или не го исполнува сега?

Зборувате за друг критериум. Зборувате дека економската одржливост треба да се заснова на постоење на доволен број стопански субјекти кои би генерирале доволно средства за успешен материјален и социјален развој. Во текот на оваа расправа доставивте, од страна на Владата, амандмани кои се однесуваат на опстојување на општината Лозово, општината Зрновци, на општината Зелеников. Сето она што ние го зборуваме во овој претрес од десетина дена во овој Парламент. Тогаш велевте дека нема аргументи тие да опстојат, сега доставувате амандмани со кои има аргументи тие да постојат. Значи, зависи дали вие имате волја некоја општина да опстои или не. Не се работи за постоење критериуми за опстојување на општината Зајас сега или по 4 години, или за општината Осломеј сега или по 4 години. Се работи за чисто политички договори кои навистина ќе ги нарушат меѓуетничките односи и тоа веќе почнува да се случува. Имате многу примери и овој правец што е засемен не оди во друга насока освен кон нарушување на еден нормален процес на стабилизација на Република Македонија после воениот конфлик од 2001 година. Значи директно сте одговорни за менувањето на лентата што се случува. Имате критериум каде што велите дека треба да постојат објекти од општествен стгандард и служби од областа на здравството, образованието, социјалните грижи и културата. Градоначалникот на општина Кичево, по 4 години, ќе биде

тој кој што треба да одлучува за сите ингеренции кои ги има општината Кичево заедно со сегашните општини Зајас, Осломеј, Другово и Вранешница. Мислите ли, ако не постојат овие здравствени амбуланти или образовни институции во Вранешница или Другово, тогаш веднаш ќе се направат или пак ако е македонец, тоа ќе значи дека нема да функционира здравствената заштита во оние амбуланти кои сега постојат во Зајас или Осломеј. Значи етничкиот пристап во однос на почитувањето на овие критериуми апсолутно нема врска, се работи за нешто сосема друго.

Имате инфраструктурна опременост. Ако општините Зајас и Осломеј дојдат во Кичево, тогаш тие имаат повеќе изградени системо за комунално опслужување на општинскиот центар? И со тоа ќе се обезбеди навистина поефикасно организирање на овие населби и поголема достапност на услугите до граѓаните како што велите, или пак тоа ќе значи навистина една дерогација на принципот на оние жители кои живеат на таа терирорија самостојно преку свои избрани претставници, да можат да решаваат за овие работи.

Сега можно е, покрај овие критериуми да сте воделе сметка дека природните географски услови да овозможуваат гравитирање и комуникациско поврзување на населените места со центарот. До сега многу потешко им беше на жителите на општина Зајас да комуницираат со општинскиот центар Зајас, а сега ќе им биде многу полесно да комуницираат со општинскиот центар Кичево, или жителите на општина Осломеј исто така многу полесно до сега не им беше да комуницираат со општинскиот центар Осломеј, туку полесно ќе им биде да комуницираат со општинскиот центар Кичево. Меѓутоа, сигурно сте го почитувале овој критериум.

Почитување на определени специфики на територијалната организација сврзани со определени историски, културни и еколошки карактеристики на населените места, претходно достигнат степен во развојот на комуналниот систем. Од овој критериум веројатно го имате земено само оној историскиот на кој се повикува Албанската академија на науките и уметностите а кој што претставува реализација на политичките цели на ДУИ.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Стојановски мислам дека малку ја претеравте или не малку, туку малку повеќе. Зборувајте за амандманот а немојте да мешате било какви размислувања од страна, дали се внатрешни или надворешни, не е достоинствено, ве молам.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Според вас претседателе?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не е достоинствено, ве молам. Зборувајте за амандманот. Импликациите оставете си ги за расправата по текстот, таму можете да најдете и за Кичево, и за Скопје, а сега зборувајте и за амандманот и немојте да одите во широчина онака како што вие мислите дека треба да одите, бидејќи другите не мислат така, а јас најмалку мислам дека тоа е така. Ве молам, продолжете.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

А што е важно што мислите вие, претседтеле? За вас е единствено важно да го почитувате деловникот, а според делвоникот јас имам право да зборувам, затоа што зад мене стојат гласачи, јас сум пратеник тука во овој Парламент.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Зборувајте, но ве молам внимавајте какви зборови користите и кого именувате овде.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Воопшто никого не навредив, само кажувам факт. Ако фактите на некого не му одговараат тоа е друго прашање.

Овие критериуми за кои зборував и за кои Владате вели дека во овој момент ги почиуваат и Кичево и Зајас и Осломеј и Вранешница и Другово, знае дека по 4 години нема да постојат,односно дека кај овие критериуми во 2008 година нема да можат да се применат за опстојување на овие општини, туку за нивно спојување во една општина која ќе биде навистина многу успешна согласно големината што ја има, согласно мешањето на рурално со урбано население, согласно промената на етничката структура и согласно

сите оние параметри кои се прифатени за да дојдеме до поднесување на  еден ваков амандман за бришење на членот 16.

Да не должам многу, доволно кажав. Сметам дека ова директно значи удар врз соживотот во општина Кичево, ова значи создавање на една клима на несигурност на еден период од 4 години, кој што може да биде и скратен. Ова значки дефинитивно не менување, на создавање на општински граници на општина Кичево заедно со сите овие општини, заради квалификуваното мнозинство кое треба да биде и од страна на албанската етничка заедниц и со ова навистина станува очигледен фактот дека не само Кичево туку и Република Македонија се става во заложништво на ваквите политички договарања. Се руши унитарноста на Македонија дефинитивно и она што се прокламира како такво низ примерот на Кичево и низ примерот на Струга, веќе станува многу очигледно.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Амандманмот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеници, 11 пратеници гласале за амандманот, нема воздржани, 55 пратеници гласале против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам  претрес по амандманот на член 16 за додавање нов став 2 по ставот 1 и за менување на ставот 2, поднесен од пратениците Цветле Јаневска и Нелко Стојаноски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за локална самоуправа.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Господине претседателе, и по овој амандман се водеше расправа во врска со претходните амандмани, од тие причини овој амандман не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Знам дека се водеше расправа.

Повелете госпоѓо Јаневска имате збор.

ЦВЕТЛЕ ЈАНЕВСКА:

Кога го образлагав амандманот 1, кога го искажував мојот став за опстојување на сите 6 општини во Струга и струшко, го искористив моментот и го образложив овој аманман. Тогаш ветив дека кога ќе дојде на ред, во интерес на времето,останувам на ветувањето дека нема повторно да им одземам време на пратениците, а упатувам една сугестија да го прифатат овој амандман како една можност за искажување на природните, географските и демографските реалности и политичкото милје во Струга. Доколку не се изгласа, да ја искажам и последната надеж дека Владата до крајот на расправата ќе најде доблест и ќе смогне сили да ни го предложи како свој амандман.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеници.

7 гласале за, 2 воздржани, 56 против.

Констатирам дека Собрнието не го усвои амандманот.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани на член 10 под б) за додавање на нова точка 47-а по точката 47; на член 10 под б) за додавање нова точка 47-б по точката 47-а; на член 10 под б) точка 50 на член 10 под б) за додавање нова точка 54-а по точката 54 на член 12 за додавање нова точка 26-а по точката 26 и на точка 50, на член 12 за додавање нова точка 26-б по точката 26-а и на точка 34, на член 12 точка 30; на член 12 за додавање нова точка 40-а по точката 40 и на точка 59, член 12 точка 72 и на точка 75 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Тие амандмани ви се поделени.

Амандманите на член 10 под б) за додавање нова точка 46-а по точката 46 и на член 12 за додавање нова точка 25-а по точката 25 и на точката 23 и 38 поднесени од пратеникот Рафет Муминовиќ, реден број 145 и 152 од списокот се суштински поврзани.

Предлагам по овие амандмани да водиме единствен претрес, а гласањето да го извршиме за секој поодделно.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеници, сите 57 гласале за, нема воздржани нема против.

Службите нека го утврдат бројот на присутните.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата)

Во салата се присутни 72 пратеника.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Отворам претрес по амандманите на член 10 под б) за додавање нова точка 46-а по точката 46 и на член 12 за додавање нова точка 25-а по точката 25 и на точките 23 и 38 поднесени од пратеникот Рафет Муминовиќ од списокот редните броеви 145 и 152.

Го молам претставникто на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за локална самоуправа Александар Гештаковски.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Амандманите не се прифаќаат.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманите не се прифаќаат.

Повелете господине Муминовиќ

РАФЕТ МУМИНОВИЌ:

Неприфаќањето од претставникот на Владата на Република Македонија зборува сосема нешто друго. Тезата за мултиетничко општество за мене и за нашата партија паѓа во вода, затоа што фактички на некои етнички заедници им е делено, а на нас ништо зборува дека на Владата не и дошло до мултиетничкото општество и не и дошло до сите граѓани да бидат рамноправно третирани. Затоа лично сметам, мислам дека е безпредметно и смешно што воопшто го поднесов амандманот, затоа што, веројатно не

познавајќи ги приликите во политиката, имав голема доверба во својата коалиција, имав голема доверба во широката коалиција и до малтене денешниот ден ме убедуваа и уверуваа дека ние како етничка зедница односно како Бошњаци нема да дозволат ни едните ни другите да останеме без општина која ќе може да ги користи сите права што ги дава Уставот, Законот и Рамковниот договор.

Лично сум навистина разочаран и останува уште едноставно да им се извинам на членовите, на симпатизерите од мојата партија и тоа што јас и високи функционери ми ветуваа, ми обеќаваа дека сигурно нема да останеме како етничка заедница без своја општина во која ќе можеме да го зборуваме мајчинот јазик, јас навистина уште еднаш јавно им се извинувам, а колегите ако сметаат дека сум во право да ме поддржат во мојот амандман.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор господинот Есад Рахиќ, а потоа нека се подготви пратникот Кенан Хасипи.

ЕСАД РАХИЌ:

Почитуван претседателе, драги колеги, претставници на Владата,

Ќе се обидам во неколку реченици да кажам, да бидам краток во интерес на времето.

Апсолутно го поддржувам амандманот на господинот пратеник Муминовиќ и сметам дека овде станува збор за двојни принципи и за различно толкување на зборот “демократија”. Што би рекол еден мој пријател малку познат филозов, а голем демократ и хуманиста, господинот Владо Димов - демократија е растеглива категорија и нас секогаш ни е полна уста кога зборуваме за демократија, меѓутоа во лични интереси.

Овој пат зборувајќи за принципи ги повикувам сите оние колеги пратеници кои што во претходните два месеци не повикуваа да покажеме политичка храброст во носењето на законот за територијална организација во Република Македонија да покажат малку од таа политичка храброст која што ние ја покажавме денеска, особено оние млади сили што ги спомна господинот Исмет Рамадани и да помогнат со гласање за овој амандман и единствениот дел од заедниците или од народите во Република Македонија добие право,

бошњачкиот идентитет да добие право да ги искажува своите права во една општина на свој јазик.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Кенан Хасипи, имате збор, а нека се подготви пратеникот Аднан Ќахил.

КЕНАН ХАСИПИ:

Јас користам прилика сосема накратко да и се обратам на колегите пратеници во Собранието на Република Македонија, и на опозицијата и на позицијата и да ги потсетам дека согласно уставните амандмани од 2001 година за прв пат во преамбулата во Уставниот на Република Македонија  е вметната и Бошњачката заедница како дел од бошњачкиот народ. Оваа преамбула сме должни да ја преточиме и во оваа територијална организација на Република Македонија.

Јас сум убеден дека нема ништо да изгуби ниедна етничка заедница доколку во оваа ситуација во Република Македонија обезбедиме една општина во која што и Бошњачката заедница ќе биде во процент изнад 20% со што не само што ќе се користат со својот мајчин јазик, туку и дефакто и дејуре ќе се потврдиме дека сме за мултиетничка Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Аднан Ќахил, а нека се подготви Исмет Рамадани.

АДНАН ЌАХИЛ:

Ви благодарам претседателе,

Почитувани претседателе, почитуван министер,

Со ова одбивање на овој амандман на господинот Рафет Муминовиќ, кој патем речено сосема го подржувам покажавте дека имате критериум за да немате критериум. Досега се изнаслушав на разни образложенија во врска со заради тоа го правиме ова, заради тоа го правиме она, но очигледно немате аргументи зошто го одбивате ова.

Кога се зборуваше за општина Долнени јас не зборував во овој контекс бидејќи е една целина во однос општина затоа што пак ќе повторам, во предлогот што го

предложивте во општинската карта за територијалната поделба очигледно дека процентите играле и играат најважна улога.

Несомнено се наметнува впечатокот дека во состав на општината заедно со Долнени и Житоше процентот на турците спаѓа на 18,94%, а ако Долнени останеше без Житоше ќе беше 22,27%. Очигледно дека на овој начин со еден удар, како што вели народот, се убиват две муви. Тоа не смее да се дозволи. Не смеаат да се стават на пиедестал потребите на едни, а потребите на други едноставно да се занемарат. Не смее Владата,  а и другите релевантни претставници да бидат многу аналитични, до точка и запирка да ги гледаат сите аспекти на предлозите, а кога ќе дојде за одредени заедници очигледно во даден момент, за Македонија зборувам, ја немаат таа сила која би требало да ја имаат да диктираат со сила и очигледно дека во Македонија силата е најважен фактор. Зборувам сила, силата на зборот, силата на цифрите, силата на аргументите од определен тип и дека сите тие факти идат во прилог само на одредени заедници, а другите заедници се ставаат адакта. Никако нема да се сложам дека едноставно имаме мултиетничност, тоа нема, не се покажува. Врпочем, кога ќе дојде главната расправа јас ќе го кажам тоа што треба да се каже но несомнено, пак, се наметнува идеата дека во смисла на мултиетничност едноставно се прави еднобиетисно во државата.

Пак ќе повторам, и за тоа немам ништо против, но треба јасно да се каже дека се прави тоа и едноставно нема потреба да дискутираме, нема потреба да поднесуваме амандмани, нема потреба да зборуваме за системи кои ќе не носат во Европа, без разлика дали ќе иде тоа преку Запад, или преку Исток. Времето ќе покаже дали ќе идат преку Запад или преку Исток, Времето е најважен судија во ваквите процеси или погрешни, или правилни проценки во однос на политиката и правото на определување. Во оваа ситуација со неприфаќање на посебна општина Житоше како што е амандманот и спојување со Долнени губат две заедници, турската и бошњачката заедница, а кој добива незнам времето ќе покаже. Факт е дека овие две заедници во контекс на сето ова што се случува во овој дел се прави на тој начин едноставно за да може да профитираат некои. Јас само ќе цитирам, до Собранието стигна од Матосите, тоа се невладини организации од Турската заедница во Македонија и сосема накусо ќе прочитам, вели

вака: “поради тоа и вие господине претседателе на Собранието и пратениците сте должни да ги почитувате Уствот и законите”. Покрај другите работи што јас во главната расправа ги кажав, јас се обидувам да ги почитувам Уставот и законите, но и не сум во позиција тоа да го направам. Тие луѓе кои добија мандат од народот треба да го направат тоа. Тие луѓе што добија мандат од народот, што ветуваа на 15 септември поголема демократија, права и обврски за сите граѓани без разлика на која заедница припаѓаат треба да го направат тоа. Јас едноставно би апелирал, би ги молел пратениците да го поддржат овој амандман, да покажат сенс, осет, дека и другите заедници имаат рамноправен третман како заедници, како идентитети покрај правата и обврските што ги имаат граѓаните во Република Македонија. Неприфаќањето на овој амандман неприкосновено покажува дека се движиме кон еден правец, едно време кажав дека тоа е еден тивок апархејт и овој тивок апархејт ќе продолжува и продолжува во однос на другите помали заедници во Република Македонија.

Пошироко ќе елаборирам кога ќе дојде на ред општата расправа, бидејќи јас се држам до правилата да дискутираме по амандманите, а амандманите велат дека треба да се прифати амандманот Житоше да остане посебна општина за да профитираат двете заедници, затоа што со неприфаќањето процентот на едната и другата заедница во рамки на оваа општина паѓа испод тој процент и врз основа на придобивките кои би требало, а се изнаслушавме во минатото дека врз основа на тие проценти тој толку добива, овој колку добива и веројатно со пренесените ингеренции во рамки на финасирањето, во рамки на ваква децентрализација сигурно тие проценти ќе играат најважна улога. Не би требало ние да бидеме глуви, неми и едноставно да разбереме дека и во овој Парламент постојат пратеници од другите заедници, без разлика дали тие се по број помалку и не можат да ја покажат таа сила и динамика како што можат другите поголеми заедници да прикажат. Но, ние аплициравме во Европската унија, само ќе покажам една паралела со оваа, во таа идна Европска унија и германскиот и англискиот јазик е рамноправен со малтешкиот јазик, кој во однос на германскиот, сигурно не е ни 1%, во примили се рачуна, но не им смета на европјаните тој јазик и тој народ да го сметаат за рамноправен на себеси.

Токму во тој правец ако идеме, а сум убеден дека идеме, според она што дискутираме дека е таа идеолошка матрица што впрочем бо минатото беше на тој начин формулирано би требало овој амандман да биде прифатен, да не биде овој амандман во контекст на целиот закон за територијална поделба основа за еден егзодус на Турците и други заедници во Република Македонија како што беше во 50-тите години. Во тој период поради една идеолошка матрица на определена категорија на луѓе да не се престигне сега и очигледно ако ова не се прифати дека и тогашните методи се пресликуваат сега, само очигледно дека актерите се други.

На крај би апелирал до пратениците да имаат сенс, да го прифатат овој амандман, прифаќајќи го овој амандман прифаќаат граѓански концепт во Република Македонија. Во спротивно, тој граѓански концепт паѓа во вода и европска Македонија мислам дека на овој начин иднина.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор министерот за локална самоуправа.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Господине претседателе,

Одредени пратеници кажуваат свои размислувања и би требало за да продолжат по своите размислвуања да ги имаат и фактите кои стојат и кои ви се доставени за граѓанскиот тип и типот на граѓанска општина и почитување на правата на припадниците на заедниците.

Општината Долнени кој е предложена со Предлогот на законот броjи 13.568 граѓани во која има 36% македонци, 26% албанци, 19,14% турци и 17,54% бошњаци. Уште една мултиетничка, мултикултурна општина во која сигурно припадниците на сите овие граѓани припадници на разни етнички заедници го наоѓаат својот живот во остварување на локалната самоуправа при решавање на прашањата од локално значење од секојдневниот живот.

Сигурно амандманот кој го предлага почитуваниот пратеник нуди една друга организација на овој дел во која би влегле населените места: Житоше, Кошино, Лажани, Белушино, Борино, Јакленово и Сажле, која би броела 4.800 граѓани во која македонци би

биле 7,65% или 373 граѓани, албанците би биле над 40%, турците би падналe во делот од 19,14% на 14,36% и бошњаците би биле 36,83%.

Предложената општина Долнени врз основа на уставните решенија, врз основа на амандманот В и решенијата за остварување на првата на употреба на јазикот на припадниците уверен сум, сигурен сум врз основа на националниот состав и составот на делот на органите особено на Советот на сите овие припадници би биле покрај македонскиот јазик и кој во основа е службен јазик и на албанскиот и на припадниците на бошњаците и на делот на другите би бил службен јазик.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Есад Рахиќ повелете, една минута контрареплика.

ЕСАД РАХИЌ:

Почитуван министре, искрено ве почитувам и ве  ценам, бидејќи долго време ве знам и ве почитувам како чесен човек и ќе се обидам со една реченица да ви кажам дека она што го зборувавте во првото зборување на амандманите за Житоше што ги има поднесено колегите од ВМРО-ДПМНЕ, дека со одлука на Советот ќе се направи да биде општина каде единствено може да се зборува на бошњачки јазик. Тоа не е исто. Има еден вид кој што вели со редна реченица исто, ама не е исто, од прилика ја кажува вистината. Сметам дека вака како што вие кажувате не е одраз на волјата на дел на бошњаците што живеат на териториите на тие општини.

Благодрам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Аднан Ќахил имате една минута контра реплика.

АДНАН ЌАХИЛ:

Очигледно е дека и таа моја теза, г-динот минситер ја потврди дека кога има потреба е аналитичен до крај во смисла на цитирање и цитирање на голи цифри и кажување на аргументи кои во даден момент важат, а во даден момент неважат. А, тоа вели, мултиетичноста во Долнени и во Житоше е одраз на реалноста и дека со решение во Советот на општината може да се користи јазикот на заедниците. Ако е тоа така, зошто предлогот во Скопје, никој од предлогот не помина, дека мораше да биде на друг начин

решено, а за другите на овој начин. Значи, имаме за иста проблематика двојни стандарди и двојни аршини.

Ве молам, во иднина ак имате е ден аршин за едните, имајте и за другите. И, немојте да ме убедувате со тие важни критериуми и цифри дека мултиетничноста и заедничкото живеење е добро. Јас сум сигурен дека е добро, но она што го имаме на терен и она што вие го предлагате не ја отсликува реалноста во смисла на мултиетничко живеење.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господинот Исмет Рамадани има збор.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Благодарам претседателе, почитувани колеги, почитуван министер,

Партијата за Демократски просперитет и јас како претставник на оваа партија во принцип уште од почетокот сме рекле дека ќе го поддржуваме концептот на територијалната организација дека ќе дојдат до израз на разни начини сите национални заедници, со својата култура, јазик и традиција. Бидејќи, овде има добра шанса и предлогот на колегата Рафет Муминовиќ на еден начин го одразува тоа што го рече и колегата Ќенан малку претходно и преамбулата на Уставот и самиот Устав, мислам дека ние треба да се надминеме себе си, без оглед со аргументите ки ги дава министеротр. Кој исто така го почитувам. Но, овде и покрај тоа треба да го имаме предвид фактот и аргументот дека станува збор за еден амандман со едно барање на претседателот на е дна партија, каде се организирани политички бошњаците и плус е дел на коалицијата. Сега, ние не можеме, мислам ние другите да речеме толку повеќе зборови од интересот на бошњаците во оваа насока. Јас можам да го поддржувам и многу други колеги и покрај тоа главниот претставник на бошњаците сигурно има направено една сондажа, ги консултирал и најдобро ја познава и психологијата, идентитетот, тој идентитет што го идентификува бошњачката култура, јазикот на бошњаците итн. доколку е така, ние треба во овој случај да се надминеме себеси. Но, на крајот на краиштата и одлуката нека биде заедно и со наша политичка одлука, па уште еднаш ќе нагласам да се прифати уште еден амандман со гласовите на пратениците, а не само од страна на министерот. Сега, да

видиме ние како пратеници и како колеги колку имаме резон и доблест и длабочина политичка да создадеме можности оваа општина Житоше да функционира со овој состав кој го има и со оваа шанса, за да ја негува културата и јазикот на бошњаците во Житоше. Јас мислам дека треба да го поддржиме овој амандман. Ви благодарам г-дине претседателе.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас веќе седам 4 саати овде, објавувам пауза од 15 минути, бидејќи сум изморен.

Пауза од 15 минути, малку да се одморам.

( По паузата)

Продолжуваме со расправата.

Збор има пратеникот Коце Трајановски, а потоа нека се подготви Блаже Стојановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Би сакал како координатор во име на пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ да кажам дека ќе ги прифатиме овие амандмани, поднесени од г-динот Рафет Муминовиќ од некоклу причини. Една од причините е тоа што се софпаѓа со нашиот став дека треба да останат 123 општини како што се сега. Значи, Житоше и досега е општина како посебна единица на локална единица во Република Македонија.

Второ, гледајќи од етнички аспект со припојувањето на Житоше кон Долнени, значи две етнички заендици бошњачката и турската станувaат под 20%, така што случбениот јазик во долнени која е над 20% на турската и во Житоше е 35 на бошњачката. Во постојните општини веќе имаат службен јазик, турскиот и бошњачкиот, сега на овој начин се губи тоа, така што сметам дека на овој начин во Република Македонија ние ќе одиме чекор кон бинационална држава на некој начин, а другите етнички заедници ќе бидат повеќе запоставени. Затоа, во името на пратеничката група ќе го поддржиме овој амандман.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Збор има г-динот Блаже Стојановски, а потоа нека се подготви пратеникот Михајло Ѓеорѓиевски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Благодсрам, претседателе,

Еве, дојде ред да поразговараме малку и со реална поддршка на други пратеници, затоа што се разговараше за слични амандмани кои што беа предложени од наша страна тогаш сеуште некој се надеваше дека ќе може нешто да се измени, што е како краен резултат она што го слушаме во дискусиите на колегите пратеници.

Меѓутоа, фактот што во досегашната расправа за овој амандман се јавија сите оние кои што претставуваат претставници на малцинските етнички заедници односо претставниците на бошњаците, турците, дефинитивно значи дека при определувањето на општината Долнени односно при одлуката за неприфаќање на овој амандман од страна на Владата е прифатен друг пристап односно бинационалниот пристап. Зошто го зборувам ова? Затоа што, факт е дека бошњаците имаат единствена шанса. Само во општина Житоше можат да го користат својот јазик. Укинвуањето на таа можност и неприфаќањето на оваа опција од страна на Владата, дефинитивно значи дека мултиетничноста како принцип или употребата, правото на употреба на јазикот на етничките заедници, независно дали тие се над 20% на ниво на држава или над 20% на ниво на општина, не е доследно прифатен. Ова, истовремено, дефакто, искажува една друга работа која што се однесува на основните принципи кои што се тангираат во Рамковниот договор. Имено, мултиетничноста, децентрализираната унитарна Република Македонија е целта на овој Рамковен договор. Со фактот што малцинските етнички заедници во овој случај бошњаците и турците се онеспособуваат, се оневозможуваат да го користат својот јазик, дефинитивно значи дека некоја етничка заедница има ексклузивно право да се бори за употребата на своојт јазик па и во главниот град на државата, а онаму каде што има реално присуство и бројност на други помали етнички заедници, дефакто, се става точка и се вели дека таму тој принцип не важи. Затоа, фактот кој што се однесува на почитувањето на другите аргументи или критериуми,

стандарди кои што би требало да бидат почитувани при определувањето на општините, се гледа дека воопшто не е почитуван затоа што за стандарди не може да се зборува кога за една општина кога е во прашање албанската етничка заедница, стандардот на употреба на јазикот на етничката заедница важи, а кога е во прашање стандардот за употреба на јазикот на бошњачката заедница за која се работи за друга општина не важи. Од друга страна Долнени односно општина Долнени, малку наназад да се вратиме ќе се види дека постојано беше дел од општина Прилеп. Во 1996 година стана посебна општина Долнени, истовремено кога и општина Житоше стана посебна општина односно се одвои од општината Крушево, во чии што рамки беше до 1996 година. Сега, се врши спојување на Долнени, која што цело врме била насочена и комуникациски. . .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Зборуваме за Житоше г-дине Стојановски,

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Не, претседателе, зборуваме за Долнени, општина Долнени.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не, овде пишува општина Житоше во амандманот.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Да, затоа што  општина Житоше е дел од општина Долнени согласно предлогот на Владата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Да, но вие зборувате за Житоше, а не за Долнени и неговиот историјат.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Долнени се вика општината во која што влегуваат сегашната општина Долени и општина Житоше. Добро, ме разбира министерот и знае што сакам да кажам. Општина Долнени е сегашна општина Житоше и сегашна општина Долнени. Како да ја нарекувам општина Житоше? Значи, предлогот е со овој амандман досегашната општина Житоше да може во една функционална смисла со населени места, кои што се поврзани со пат на инфраструктура и кои што навистина се насочени во секаква смисла, во една меѓусебна комуникација  и во реализација на нивните секојдневни потреби за живеењето генерално,

не само за патното поврзување, туку и за енергетското поврзување и за поврзувањето кое што ќе значи реализирање на проекти кои што ќе можат да имаат ефекти и за овие населени места, кои што во моментов не ти паѓаат на сегашната општина Житоше ќе значи навистина подобри можности за еден поквалитетен живот на жителите на оваа општина.

Факт е дека постојано кога зборуваме за вакви аргументи тоа не важи, затоа што одговорот кој што се дава од страна на Владата е колку има Долнени сега жители, колкав процент има на Македонци, на албанци, на турци, на бошњаци, колкав процент општината Долнени имала општината до сега, до денес и дека со тоа драстично незнам колку се менувала или не таа национална структура, дека општината Житоше со овој предлог треба да има толкав процент македонци, албанци, турци и бошњаци и на тој начин дефинитивно граѓаните на овие општини се сведени на етнички групи. Впрочем, не можете вештачки во села каде што живеат во села, и албанци, и македонци и турци, како што е примерот со Дебреште со Лажани, да ги третирате како бројка луѓето кои години наназад живеат заедно и немале никакви меѓусебни проблеми.

Затоа, она што е реалност, а зборуваме за реалност, тоа е дека реално и досега во општина Житоше имаше над 20% бошњаци. Тоа значи дека употребата на овој јазик не е нешто што претставува специјално право што сега се дава со овој закон, туку право кое што доколку се примени овој закон кој што е сега донесен за локална самоуправа на територијалната организација која што си е сега важечка, а која што сега со овој закон ја менуваме, тогаш апсолутно немаше потреба да зборуваме дека бошњачката заедница нема право на употреба на својот јазик. Со ова, фактички се укинува едно прво кое што го има етничка заедница, која што е помала на ниво од 20% и со тоа се покажува дека мултиетничкиот пристап односно рамковниот договор за кој што многу често Владата се повикува, директно се нарушува односно основните негови принципи, а тоа е мултиетничкиот карактер на Република Македонија. Исто така, и почитувањето на правата на секој граѓанин и правото на изразување на својот културен идентитет на секој граѓанин, припадник на етничките заедници. Значи, ако е тоа прашање решено со Уставот и со други закони на државно ниво, сега за бошњаците тоа прашање не може да се реши

на локално ниво, затоа што тие не претставуваат на државно ниво мнозинска етничка заедница над 20% односно нивниот хендикеп е што не се албанци. Секако, заради пристапот кој што е применет во конципирањето на границите, на општинските граници со овој закон.

Повикувањето на тоа дека општинските совети се тие кои што можат да донесат одлука за употреба на јазикот, ако го прифаќате како принцип, јас навистина ќе бидам среќен тој принцип, за кој што зборуваме, ако се работи веќе само за употреба на јазикот да го примените и во Струга, и во Кичево итн., на тој начин да се анулираат оние ситуации во кои што етничкиот принцип кој што е применет во овој закон, а кој што директно се одразува врз општина Житоше односно врз бошњачката етничка заедница која што на овој начин го губи правото на употреба на својот јазик, дефакто, ќе биде изразен единствено преку правото на употреба на јазикот на албанците, а не и преку доминацијата во локалните власти. Меѓутоа, јасно е дека главниот проблем е како да се оствари една етничка сруктура која што може во иднина да значи активен народ или активна етничка заедница. Некој народ го вика затоа што како што кажав и во една моја претходна реплика, ако беше целта вистинска децентрализација, немаше да зборуваме за два народи кои што се иманентни на федерални држави, туку, за македонски народ и припадници на етничките заедници, но да не навлегувам во тие прашања. Меѓутоа фактот дека не се прифаќа овој амандман, кој што претставува доказ дека реалната цел мултиетничко функционирање на општините врз мултиетничка основа, дефинитивно ги руши сите аргументи кои што беа досега кажани, во поглед на тоа дека со ова некој се залага за децентрализација во Република Македонија и за подобрување на животот и за создавање на подобри услови за меѓусебен соживот на етничките заедници.

Уште еден аргумент кој што сакам да го кажам, а тоа е дека општина Житоше, уште еднаш ќе повторам,имавме прилика да разговараме на оваа тема, треба да оди во населеното место Долнени каде што нема директна комуниакција. Директната комуникација на жителите на сегашната општина Житоше оди токму преку овие места, кои што се предлагаат да влезат во општина Житоше. Значи, се зголемува и бројноста на населението, која што беше проблематична еден период, затоа што требаше да биде

поголема, откоклу што сега има општина Житоше, што значи тој аспект се задоволува. Се задоволува аспектот дека спојувате две селски општини, што значи дека од две селски општини останува од една која што сега ја предлагате, на овој начин остануваат две селски општини, кои што имаат слични проблеми и ништо не спречува понатаму да соработуваат и да градат заеднички врски, како и да изнаоѓаат начини за меѓусебна соработка.

Затоа, она што го велите дека тенденцијата на окрупнување на општините треба да биде иманентна во наредниот период и треба да и дадете шанса на таа тенденција, затоа што ако се покаже во текот на функционирањето на општината Долнени и на општината Житоше дека нивното функционирање е толку меѓузависно што треба да се направи некоја соработка од институционален или вонинституционален вид, тогаш оставете жителите на овие две општини сами да одлучат дали е неопходно да се врши спојување на овие две општини, а меѓу време да се остварат и овие можности, или потреби за изразување на националниот идентитет на бошњаците во Република Македонија и на турската етничка заедница, која што со Врапчиште знаеме како помина. И, третманот кој што го има во однос на овој закон, навистина не заслужува дека претставува аргумент за мултиетнички пристап при конципирањето на општинските граници кои што ги имаме со овој предлог.

Од овие причини сметам дека не можете да го толкувате духот на Рамковниот договор како бинационална Република Македонија , затоа што на овој начин, со прифаќање на овој амандман дефинитивно ќе докажете дека имате барем малку намера да ја зачувата унитарна, децентрализирана и мултиетничка Македонија, која што е ,легитимирана согласно Рамковниот договор. Или Рамковниор договор е само како покритие и аргументација за донесување н аовој закон и за решавање на некои регионални прашања кои што треба да се решат во идниот период во овој регион. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Георгиевски.

МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Јас овој амандман ќе го подржам поради три причини. Прво, поради економски, политички и практичн причини. Јас имам работено во гимназијата во Крушево како професор и имам одено по тие места по Житоше, Долнени, да видам како живеат и зошто учениците доцнат кога доаѓаат на час. Тие обично си одат во петок а доаѓаат во понеделник и често задоцнуваат поради одалеченоста и тешкото искачување од Житоше до Крушево. Тоа исто сега се однесува и на луѓето кои што ќе сакаат да си остваруваат своие права своите општински потреби. Тие за една обична потврда ќе треба да се искачуваат на 1200 метра надморска височина, што за услови како Што е Житоше и Долнени е многу напорно. Таму сите немаат коли имаат магарина и коњи и повеќе се оди пеш. Затоа практичниот дел се задоволува со тоа што Житоше ќе си остане посебна општина. Тоа е практичниот дел.

Вториот дел, економскиот, тој е економска целина полето им е заедно, производството им е заедно и тие си живет во една економска заедница и на некој начин тоа ги поврзува. Зошто сега да го нарушуваме нивниот економски заеднички живот, да ги поврзуваме со некои далечни места. Двете работи се многу битни, а третиот дел, политичкиот дел е уште поважен. Сите други места си имаат свој центар како што се србите во Сандево, во центар Жупа турците, и Бошњаците се заедница кои што немаат своја општина каде што има доминантно население со свој бошњачки јазик. Тоа е моментот тоа да се исправи како Житоше како место каде што доминира  бошњачкиот јазик, ќе си добие своја општина и од политички аспект кој што за сега се во коалиција  со својот партнер за Македонија. И друг еден политички момент. Крушево станува двојазично. Македонскиот и албанскиот јазик ќе бидат во употреба. Тоа значи дека во Крушево не постои ниту еден албанец, се внесува двојазично албанскиот јазик. Тоа е чисто нелогично и непотребно. Да е влашкиот јазик има логика, има власи во голем број, меѓутоа, албанскиот со напишани улици на албански и на македонски мислам дека тоа не е добро, особено кога се знае дека Крушево како зачеток на Македонската држава, како родно место на Крушевската Република и Македонската државност би било непристојно,

некоректно и неубаво да стои двојазично. Ако имаше албанци, тогаш немаше да правиме проблеми. Меѓутоа, без еден албанец за тоа светот дури ќе ни сае смее. Од друга страна и нетактично и навредливо. Ако имаше албанци, нека имаше и албански јазик. Меѓутоа овде нема. Неможеме да правиме нешто вештачко, што не е природно.

Мислам дека совеста кај нас ќе проработи со тоа што Крушево ќе си биде македонско јазично, Долнени и Житоше ќе бидат општинат кои што ќе си живеат заедно и Бошњаците ќе си ги остварат своите права, својот јазик и со тоа ќе се направи една добра и политичка и економска и практична работа за граѓаните во овие места како за Крушево, така за Долнени и Житоше.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Гештаковски.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Г-дине Георгиевски имате многу погрешна претстава со вашето искажување. Ниту Житуше се наоѓа во Крушево, а со вашите завршни зборови Жотоше и Долнени по предлогот на Владата се предлагаат да бидат заедно.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете една минута контра реплика г-дине Георгиевски.

МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ:

Јас зборувам Житоше да остане како општина, со тоа што Крушево нема да биде двојазично. Затоа што со Житоше и Долнени, Крушево станува двојазично. Ако остане Житоше како општина, Крушево е само македонско. Тоа сите го знаат, само не сакаат да признаат.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Уште еднаш министерот за локална самоуправа да дообјасни.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Г-дине Георгиевски сите го знаат, но изгледа вие не го знаете а за тоа, треба да читате. Житоше во предлогот на Владата нема никаква врска со Крушево. Житоше и Долнени се организирани заедно. Како да објаснам поинаку незнам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Рафет имате реплика.

РАФЕТ МУМИНОВИЌ:

Пред се, да му се заблагодарам на претходниот дискутант за убавите зборови за бошњаците. На крајот излезе дека албанците немале право во Крушево. Ако некој нас не подржува , нека дискутира само за Бошњеацитe. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Хасипи имате збор.

КЕНАН ХАСИПИ:

Благодарам г-дине претседателе,

Бидејќи не ми дадовте шанса за реплика, сега ќе го користам правото за збор.

Во едне од накнадните настапи  министерот даде дополниелно објаснување и предвидуваше дека во наредната општина Житоше, во службена употреба ќе биде и бошњачкиот и турскиот јазик.

Законот за локална самоуправа е изгласан пред цели две ипол години и дава право на советот на општината да изгласа службена употреба на јазик на заедница која што е под 20%.

Нека ми наведе г-динот министер еден пример на единица на локална самоуправа, каде во период од овие две ипол години со одлука на совет е изгласана службена употреба на јазик на заедница која што е под 20%, јас ќе му дадам за право.

Второ,што е она што во меѓувреме ќе се измени, па наредните избори ќе се смени пристапот на полтичките партии и ќе имаат поголем сенс за ова прашање. Јас го уверувам министерот дека службената употреба на јазикот на заедницата, која што ќе биде под 20% во одредена единица на локална самоуправа, ќе биде излгасана со одлука на совет, како предуслов за предизбороно коалицирање. Не сме толку наивни г-дине министре да поверуваме на вакви ветувања. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманите.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата ќе пристапиме кон гласање.

Амандманот на член 10 под б) за додавање нова точка 46-а, по точката 46, поднесен од пратеникот Рафет Муминовиќ го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 67 пратеника, за амандманот гласале 17, седум воздржани, 43 против.

Констатирам дека Собрнаието не го усвои амандманот.

Амандманот на член 12 за додавање нова точка 25-а, по точката 25 и на точките 23, 38 поднесен од пратеникот Рафет Муминувиќ го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 67 пратеника, 17 гласале за амандманот , четири воздржани, 46 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Амандманите на член 10 под б) за додавање нова точка 46-а, по точката 46 и член 12 за додавање нова точка 25-а, по точката 25 и на точките 23 и 38, поднесени од пратеникот Рафит Муминовиќ точки 146 и 152 од списокот се суштински поврзани.

Предлагам по овие амандмани да водиме единствен претрес, а гласањето да го извршиме за секој од нив оделно.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 68 пратеника, 67 гласале за, нема воздржан, еден против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Отворам претрес по амандманите на член 10 под б) за додавање нова точка 46 -а, по точката 46 и на член 12 за додавање нова точка 25-а по точката 25 и на точките 23 и 38, поднесени од пратеникот Рафет Муминовиќ од списокот редните броеви 146 и 152.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Гештаковски.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Амандманите не се прифаќаат.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амадманите.

Амандманот на член 10 под б) за додавање нова точка 46-а, по точката 46, поднесен од пратеникот Рафет Муминовиќ го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 69 пратеника, 17 за, двајца воздржани, 50 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Амандманот на член 12 за додавање нова точка 25-а, по точката 25 и на точките 23 и 38 поднесен од пратеникот Рафет Муминовиќ го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 70 пратеника, 17 гласале за, 4 воздржани, и 49 против.

Констатирам дека амандманите не се прифатени.

Амандманите на член 10 под б) за додавање нова точка 56-а, по точката 56 на член 12 за додавање нова точка 45-а, по точката 45, поднесено од пратениците Кенан Хасипи, Гајуп Сарач, Рафет Муминувиќ и Невзет Мустафа, точки 147 и 154 од списокот се суштински поврзани.

Предлагам по овие амандмани да водиме единствен претрес, а гласањето да го извршиме за секој од нив оделно.

Предлогот го ставам на гласање и повикувам да гласаме.

Гласале 67 пратеника, 66 гласале за, нема воздржани, еден против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Отворам претрес по амандманите на член 10 под б) за додавање нова точка 56 -а, по точката 56 и на член 12 за додавање нова точка 45-а, по точката 45, поднесена од пратеникот Кенан Хасипи, Гајуп Сарач, Рафет Муминовиќ и Невзат Мустафа.

Од списокот редните броеви 147 и 154 .

Го молам претставникот на Владата да се произнеење.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Амандманите не се прифаќаат.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Збор има г-динот Кенан Хасипи.

ЌЕНАН ХАСИПИ:

Благодарам г-дине претседателе, дами и г-да пратеници,

Изгледа кога се нема аргументи многу кратко се одговара амандманот не се прифаќа. Иако личон очекував пошироко образложение од министерот. Овој амандман се однесува на општина Неготино-Полошко која општина со владиниот предлог за територијална организација се припојува на општината Врапчиште со седиште на општината Врапчиште.

Амандманот има за цел општината Неготино-Полошко да ја задржи во постојните граници со седиште на општианта во село Неготино, со што се отвара простор и општианта Врапчиште да остане во сегашните граници.

Бројни се причините поради кои го поднесов овој амандман, но јас во интерес на времето би ги наброил следните.

Прво, потребата и новата територијална организација на Република Македонија да го отсликува мултиетничкиот и мултикултурниот карактер на Македонското општество, што е и духот на Рамковниот договор од Охрид.

Впрочем, во Република Македонија со векови наназад етно културните различитости кои егзистирале се усогласувале и преплетувале, што резултирал со еден специфичен модел на интер етничка и интер културна комуникација која овозможи во Република Македонија, баре м согласно пописот од 1994 година, да постојат припадници на 26 национални етнички заедници од кои македонската и албанската заедница се побројни во однос на турската, ромската, влашката, бошњачката, српската и другирте помали етнички заеници.

Второ, фактот што и двете општинипо бројот на жители т.е. по демографската големина се далеку над предвидениот минимум во критериумите за новата територијална организација. Општината Неготино Полошко во сегашните граници брои 16815 жители, а општина Врапчиште 8586 жители.

Трето, фактот што и двете општини и Неготино Полошко и општина Врапчиште, нема да ми замери г. претседател, бидејки после ова нема да барам збор, двете општини се поврзани, затоа еднаш користам прилика да се јавам на говорница.

Се карактеризираат со висока економска одржливост базирани на реални економски состојби, стопански капацитети, изградени инфраструктурни објекти и објекти од општествениот стандард, служби од областа на управата, здравството, образованието, културата и слично, што дава реални претпоставки дека и во двете општини локалната власт може да обезбеди висок степен на економија, ефикасна и блиска до граѓанинот админситрација, како и сопствеи извори на финансирање со кои ќе можат ефикасно да ги извршуваат функциите утврдени во член 22 од Законот за локална самоуправа.

Кај мене има еден допис од раководството на локалната самоуправа на Неготино, потпишан од градоначалникот Раиф Камбери, претседавачот Вехаб Иљази, секретарот Јусуф Мунири, координатор на ДПА Мухамед Челебиу, координатор на ДУИ Кадир Амети и координатор на ПДП Љумзим Хамиди. Со ставовите и заклучоците од вонредната седница на Советот на општина Неготино Полошко.

Во интерес на времето, за да не ви одземам внимание, нема да се обрнам на овие ставови и заклучоци, меѓутоа, врз основа на овие ставови и заклучоци произлезе одлука за референдум на општина Неготино на кој референдум одзивот бил околу 85% и од одзваните гласачи 97,5% гласале општината да остане во постојните граници, т.е. таа општина да не се приклучи кон општината Врапчиште.

Само да набројам во општината Неготино постојат три централни основни училишта, постои средно училиште, супер модерен културен дом, сточен пазар, асфалтирани улици, улично осветлување, амбуланта од А тип, општинска зграда со 15 канцеларии и две сали за состаноци, една мала една голема сала, реков дека има 16900 жители, стоански капацитети кои можат да продуцираат средства за самостојно финансирање на општината без помош на централната власт.

Општината Врапчиште располага со голем број мали и средни претпријатија во кои се вработени неколку стотини луѓе меѓу кои позначајни се Дино-Трејд за стакло и пластични материјали, Фатина за мебел, Селзилер и Ѓул ентериер за мебел, Конут за производство на изолациони материјали за градежништво, Атом за производство на

производи од пластика, Камин - погон за производство на камини и други кои можат да генерираат средства за успешен развој на општината.

Општината Врапчиште располага со административна зграда, со просторни капацитети да ги задоволи сите потреби на општината.

Во областа на здравството општината располага со Здравствена станица од А тип, со стоматолошка служба и капацитети за консултативно специјалистички служби.

Во сферата на образованието располага со современо училиште со капацитет од над илјада ученици, како и подрачни училита во населените места.

Од инфраструктурата комплетно асфалтирана патната мрежа, располага со водоводна мрежа за сите населени места, новоформирано комунално претпријатие, фекална канализација за општинскиот центар, комплетно улично осветлување за сите населени места, дигитална пошта, културен дом и други објекти од општествен стандард .

Четврто, обете општини по морфолошките карактеристики на просторот гравитираат кон Гостивар како градски општински центар, а по својата место положба овозможуваат максимално комуникациско поврзување со околните населени места.

Обете единици на локална самоуправа по своите етнокултурни карактеристики, по место положбата и економската издржливост претставуваат природна географска и економска целина.

Шесто, веќе реков дека имаше референдумско изјаснување на граѓаните од Неготино Полошко во кој во висок процент граѓаните се изјасниле против припојувањето на општината Неготино Полошко кон општината Врапчиште со центар во село Врапчиште.

Иако референдумското изјаснување не е обврзувачко, сепак со останатите критериуми битно влијае врз конечната одлука за опстојвуање на општината во постојните граници. Потенцирам дека одзивот на референдумот бил 85%, а позитивно се изјасниле 97,5% од граѓаните.

Од општината Неготино во меѓувреме е испратен апел до пратениците во Собранието на РМ, претставниците на Меѓународната заедница и до невладините организации од вонредната седница на Советот одржана на 17.07.2004 година која ви е

доставена и на вас пратениците со која се изнесуваат истите ставови за опстојување на општината Неготино Полошко во постојните граници.

Осмо, најпосле почитувани пратеници дозволете ми со неколку реченици да се осврнам на етничкиот критериум кој е неизбежен и мораше да се земе во предвид при кроењето на територијалната карта на РМ дотолку повеќе што територијалната организација мора да ги земе во предвид мултиетничкиот, мултиконфесионалниот и мултикултурниот карактер на државата и да обезбеди оптимален баланс помеѓу етничките заедници. Во спротивно, ќе заглавиме во водите на биетницизмот со сите последици кои произлегуваат од нејa.

Во општината Врапчиште во постојните граици етничката структура е следна: 11,94% македонци, 51,14% припадници на албанската заедница и 36,48% припадници на турската заедница. Значи, една класична мултиетничка средина со мнозинско албанско население.

Со припојување на општина Неготино Полошко кон општина Врапчиште етничката структура драстично се менува. 83,08% албанци, 12,34% припадници на турската заедница и 4,099% припадници на македонската заедница. На овој начин само со административно прекројување на границите турската заедница од 36,48% паѓа на 12,34% со што дејуре и дефакто се губи службената употреба на турскиот јазик и писмо.

Само да ве потсетам дека во овој момент општината Врапчиште е тројазична и сите права кои произлегуваат од ова доколку процентот на една етничка заедница на единица на локална самоуправа изнесува над 20%.

Изјавите дека со одлука на Советот на општината ќе се обезбеди службена употреба на јазикот на заедницата што е под 20% во дотичната единица на локална самоуправа се прилично неубедливи од едноставна причина што се врзува за политичка волја на еден политички субејкт. За претпоставката дека ќе се добијат локалните избори тие се со краткорочен карактер и со призвук на милостиња.

Отука почитувнаи пратеници оставањето на две општини во постојните граници многу елегантно и во согалснсот со позитивните законски прописи ги решава сите овие прашања. Впрочем, обврска на оваа држава е на турците на овие простори да им

обезбеди најмалку две општини во кои автентично се употребува турскито јазик не само поради фактот што сме трета по бројнсот заедница во РМ, туку и како резултат на извонредните односи со Република Турција како принципиелен и без задни намери пријател на РМ. Впрочем Република Турција меѓу првите ја призна РМ под Уставното име.

Второ, без условно ја помагаше РМ за време на ембаргата и блокадите од Север и Југ.

Трето, вршеше и врши едуцирање на офицертскиот кадар , согласно НАТО стандардите.

Четврто, во континуитет нуди материјална и финансика помош во сите области.

Пето, непосредно пред НАТО Самитот во Истанбул, Големото народно собрание на Република Турција изгласа Резолуција на подршка на членството на Република Македонија, Република Албанија и Република Хрватска во НАТО структурите.

Шесто, инвестиции во Република Македонија  преку “Коч Колдинг”, “Золу” и најава на нови дирекни инвестиции од поголем обид. Континуирано лобирање за Република Македонија, во сите меѓународни организации и структури. Вака господо, не се враќа на проверен пријател, и вака почитувани колеги не се гради мултиетничко општество. Овде пред мене има еден документ кој што е испратен до Собранието на Република Македонија. Зачудува фактот што реакцијата на Сојузот на невладините организации на Турците на Македонија, испратиле допис на 29.07., а дистрибуирано е на пратениците дури на 7 на денешен ден, цели 8 дена било потребно, во меѓувреме да бевме поекспедитивни ова немаше да го видат пратениците. Во прашање се 42 невладини организации, кои што се собрани во еден сојуз кои што заеднички го изнесувала она што го издали и за кои веројатно почитувани колеги вие сте прочитале. Према тоа, сакам најпосле да заклучам, и покрај најдобра волја, и покрај најавата на министерот дека наредниот амандман во однос на центар Жупа ќе биде прифатен, што јас го поздравувам и му се заблагодарувам, очекував дека во Владиниот предлог на амандмани за територијална организација , покрај општините Зелениково, Зрновци и Лозово, аки искрено им честитам зошто ќе ги остваруваат правата во постојните граници, ќе се најде

место за една автентична Бошњачка  и една Турска општина во која што и дефакто и дејуре се зборува турскиот јазик.

Сакам да напоменам дека за општината Врапчиште, во период кога бев единствен пратеник на Турската демократска партија 1996 година, успеав да се изборам за оваа општина. Денес во коалиција со коалиционите партнери ја губам оваа општина. Нека ви служи на час, колеги.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Збор има г-динот Гајуп Сарач, а потоа нека се подготви пратеникот Аднан Ќахил.

ГАЈУР САРАЧ:

Благодарам господине претседателе, колеги пратеници, ценет минситер,

Со предлогот на законот за територијална организација  на локалната сампуправа во Република Македонија, се предвидува спојување на две големи општини, како што се општината  Врапчиште и општината Неготино. Јас ќе зборувам за двете одеднаш за после не одземам време.

Иако и двете општини ги исполнуваат условите за да фигурираат како што се составенисо важечкиот Закон за територијална поделба. Општината Врапчиште, при сегашните граници ги исполнува ама баш сите услови што треба да ги има една општина, со Предлог закон за територијалната оргнизација.  Општината Врапчиште има територијална географска целина, што се одвојува од соседните општини со посебни природни граници. Неговите граници почнуваат од селото Топлице, а завршуваат со селото Дебреше кои граници опфаќаат уште неколку села каде самото село Врапчиште е во центарот на овие села, и сите други села графитираат кон центарот на оваа општина.

Во општината Врапчиште живеат 8584 жители, што одговара на демографскиот критериум, каде се бара општината да биде поголема од 5 илјади жители, како што стои во новиот Предлог закон за  територијална организација. Иако има општини што имаат помал број  на жители, а се наведени како самостојни општини во новиот Предлог закон и тоа стои во образлагањето дека имаме такви скоро 13 општини. Економската одржливост, како еден од факторите за опстојување на една општина, а што предвидува и Предлог

законот за територијана организација, е својствено на општината Врапчиште, т.е. во општината делуваат голем број на производни фирми, од дрвната индустрија како и трговски друштва кои вработуваат добар дел од жителите на ова општина и од општината Гостивар. А, со делувањето на овие фирми општината Врапчиште, со неговото формирање, па се до ден денес се развива и има тенденции понатаму се повеќе да се развива. Критериумот постоење на објекти од општествен стандард и постоење на служби од обласа на управата, здравството, образованието и други.

Во општината Врапчиште, имаме неколку училишта, Здравствен дом, Управна зграда и други објекти кои се искористуваат за овие цели. Критериумот пак, инфраструктурна опременост, со самото формирање на општината Врапчиште, почна и изградбата на инфраструктурата. Во повеќе населби во општината Врапчиште, се изградени водоводи со селски мрежи во сите селски населби, се направени улични осветлувања, во повеќе населби се направени канализациони системи, реконстуктуирана е електричната енергија со поставување на трафостаници и се направени други работи во врска со инфраструктурата. За се досега што кажав општината Врапчиште, ги исполнува сите критериуми од Предлог законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија, и треба да остане како општина во сегани граници, бидејки за тоа има јаки факти и аргументи. Само колеги пратеници, треба да се направи напор и да се прифати нашиот амандман околу опстојувањето на општината Врапчиште во постојните граници. Ако не се прифати амандманот, ќе се направи огромна неправда, на жителите што живеат и работат во општина Врапчишта, а на Турците кои живеат во оваа општина ќе им се нанесе, огромна не надоместлива штета, што од 36% сегашни, ќе паднат на околу 12% со што не ќе може турскиот јазик да биде во употреба. До сега се лиферуваше идејата дека и помалку од 20% одборниците имаат право да изгласат да се употреби јазикот.

Јас доаѓам од место каде во 1996 година се одзеде турскиот јазик од употреба и не гледам добра волја ни ден денес да се врати назад. Затоа мислам дека законски се што е одредено е многу подобро.

Ако оваа општина остане во сегашните граници, Македонија како држава многу ќе добие во мултиетничноста, впрочем така треба да биде. Така и се декларираме. Во спротивно Македонија губи во мултиетничноста и во граѓансакиот концепт на државата.

Колеги пратеници, пред да се одлучите како ќе гласате поовој наш амандман, сакам добро да размислите дали во овој мозаик треба да бидат присатни сите бои или сакаме да го осиромашиме овој мозаик за неколку бои.

Мислам дека за овојамандман треба да гласате, а во обратен случај не ќе можеме со полна уста да кажеме и на нашите граѓани, а и на Меѓународната заедница дека го зајакнуваме мултиетничкото општество и граѓанската држава во Македонија. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Збор има г-динот Аднан Ќахил.

АДНАН ЌАХИЛ:

Господине претседателе, почитувани пратеници, почитуван минситер,

Ќе дозволите и јас да кажам нешто во врска со овој предлог и предлогот за Врапчиште за да не дискутираме после тоа, заедно ќе зборувам за да не го узурпирам времето би го кажал следното:

Господине Ќенан Хасипи, г-дине Гајур Сарач ве подржувам во оваа идеа поовој амандман затоа што покрај тоа што многу пати се зборува дека јас не ги претставувам Турците, но ја сги претставувам, јас сум Турчин и секогаш ќе ги претставувам и секогаш ќе се борам за идејата да живеат и турците во рамките на Република Македонија заедно во хармонија со другите заедници и ќе ги подржам сите предлози без разлика од кого и како доаѓаат.

Веќе нема да бидам досаден и да повторувам она што вие одлично го искажавте, ги кажавте сите аргументи во врска со Неготино Полошко, факти во врска со Врапчиште зошто не  треба да бидат посебни. Вие доаѓате од тој регион, со посебен респект го кажувам, вие најдобро ја знаете ситуацијата и така треба да биде.

Сега ше се осврнам на еден друг аспект што по една сижејна линија  целот време се обидувам во Парламентот да ефектуирам, а тоа е начинот на размислување, начинот на делување во самиот Парламент и во Република Македонија. А, тоа е дека

Република Македонија, во изминатите неколку дена впрочем кажа некој дека јас сум против Рамковниот договор. Дека не ги почитувам уставните права. Мислам дека дијаметрално спротивно зборуваме за една ситуација, затоа што јас често пати и сега кажувам, јас бев против Рамковниот договор и сум сеуште, но живеам врз основа на демократски принципи и ако тој рамковен договор е изгласан, јас сум должен да го почитувам тоа. Врз основа на моите дискусии може да се забележи дека тоа го правам. Но, прашањето дали другите тоа го почитуваат, кои се повикуваат на тој Рамковен договор, на уставни решенија, дали тоа го прави? Мислам дека не. Апсолутно не.

Треба длабоко да се замислат сите тие луѓе, значи од власта, од коалицијата, немојте да ми замерите господине Кенан Хасипи и Гајур Сарач ако кажам дека на 15 септември вие, заедно со овие сега на власт велевте дека ќе има поголеми демократски права и принципи. Јас од оваа говорница реков, ако тоа се оствари, јас навистина ќе ја поддржам оваа коалиција без разлика што доаѓам од ВМРО-ДПМНЕ. И, ако тие права Турците ги апсорбираат со решенијата што се предлагаат и што имаме ситуација после две години? Во однос на 1998 - 2002 година, пошто има потенцијално повеќе, да кажам условно турски општини, некој да не ми забележи, како што замераат дека демек зборуваме за турски итн општини, условно зборувам турски општини, сега апсолутно тоа не се случува.

Демократизацијата и сето ова што се прави со децентрализацијата, кроењето на општините, сигурен сум и би требало и така и се објаснува, се прави во функција на граѓаните на Република Македонија. Во сферата на образованието, во сферата на економијата, во сферата на ова, на она и за сите тие факти и фактографии што ги користиме за да тоа биде.

И пак ќе повторам, често пати Владата е многу аналитична кога треба да избутка свој предлог, дава многу добри опсежни анализи, но кога ќе дојде во таа ситуација каде нема такви аргументи, едноставно вели, како што денеска, “амандманот не се прифаќа”. Мислам дека, господине министре, должите објаснување. Ако е политички договор така, кажете политички договор е. Цивилизирани луѓе сме, ќе сватиме дека е тоа така. Јас, верувајте подготвен сум да жртвувам и колективни и граѓански права

за да се поправи ситуацијата што впрочем во минатото беше катастрофален за албанската заедница да тие имаат подобро, но ако имам светла точка во тунелот дека утре ќе дојде ред и за турската заедница, но она што вие предлагате, апсолутно не е тоа тоа.

Да ви кажам во однос на 1998 година кога бев јас министер во Влада, имаме помалку турски општини. Таа Влада беше недемократска, нереформска, а оваа е реформска, а тие во однос на Турците се во катастрофална ситуација. Не би сакал да елеборирам сега, бидејќи се работи за амандман, за она што се ветуваше да се случи со информативната дејност, со образованието, со тие факти, но тоа кога ќе дојде на расправа...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Ќахил, ве молам ...

АДНАН ЌАХИЛ:

Но, останува фактот дека една автентична општина што опстојува а често пати се враќаме на историските факти, тоа е Врапчиште, одеднаш го губи својот идентитет како општина каде што над тие, пак ќе повторам, фамозни 20%, Турците паѓаат под тие 20%. Верувајте, не е тоа парафраза дека тие проценти не се важни. За мене апсолутно не се важни. Често пати кажував примери зошто не ми се важни, зошто не би требало да бидат важни, но она што досега видов дека цело време се зборува за некои проценти кога треба да се определат или добијат или да се земат права на определена заедница ако не е за другата заедница, тие факти се ирелевантни. Не смее тоа така. Не може тоа така, луѓе.

Или, сеуште сметате, демек есапите Турците се лојални послушни граѓани на Република Македонија, ќе ги тапкаме по рамо или како еднаш своевремено рекоа едни - ај, бе, добро, вие слушајте музика, добри сте вие. Дали тоа треба да направиме. Дали треба нашата лојалност и одговорност кон државава да ја покажеме на друг начин за да ги добиеме правата? Веднаш ќе кажам дека не. За мене, демократските права се остваруваат преку демократски дијалог, токму тука во Парламентот. Ако јас на тој начин размислувам и тоа го правам, а во констелација на она што вие сте го ветиле на турската

заедница во Република Македонија, треба едноставно да примените и да ја искористите таа ситуација, да бидете влада која им даде повеќе права на Турците во однос на минатото да оставите Врапчиште да живее, Неготино да живее. Впрочем референдумите за двете општини покажаа дека тие сакаат да живеат посебно и да оставите тие заедници да инсистираат меѓусебно, едноставно разбирајќи се, како што разбирањето меѓу нив е кумулирано во минатото, а и сегашноста.

Намерно или случајно вие создавате тензии. Но, ќе ви кажам една општа максима што е во науката - случајните случки не се случуваат случајно. Очигледно дека ова не е случајно. Нешто има задни намери.

Јас ќе направам една паралела, можеби господинот претседател нема да ме прекине, со тоа ќе завршам ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ако завршите за 5 минути, добро, затоа што оставете го тоа за претрес по текстот.

АДНАН ЌАХИЛ:

Затоа се обратив да направам паралела, не дозволете ситуацијата да кулминира со иселување на Турците од Република Македонија во Република Турција. Јас не сум сведок на тие 50-ти години, но моите родители и моите роднини се сведоци. Делењето на фамилии, кои поради икс причини, поради една идеолошка матрица од комунизмот ги натера Турците да не бидат дел од НАТО пактот па да се иселат под еден притисок, психолошки, економски, било каков притисок за да после каже - па тие сами сакаа, а на тие турци им се даваше виза, печат, само во еден правец.

Дали таа матрица се повторува сега, само актерите се различни да Турците или беа асимилирани или претопени или фатат џаде за Турска, да се ослободи простор повеќе за не знам било кого. Навистина не можам да правам апроксимативни предвидувања.

Но, факт е дека ние од ден на ден ги губиме правата како турска заедница. Вчера за ова, прекчера за тоа, денеска неусвојување на амандмани, нашите општини се

намалуваат, од друга страна и таму општина Баница се спојува со Гостивар, потенцијалните општини, па да не кажам дека општина Вруток каде Турци живеат процентот паѓа, Лабуниште, Долнени да не кажам општина Чаир, кога ќе дојде и Центар се прави кроење врз основа на не знам кои видувања и сето тоа без да се има сенс и чувство за една заедница и едноставно тоа се прави, јас имам свое лично мнение и ние едноставно немаме сила, не покажуваме сила, зар вие не чувствувате од таа страна што носите закони, дека, аха, овие се таа сила, па едноставно, дај да им дадеме нешто. Не, тие не се сила, оставете, нема да им дадеме. Ова е како што повтори мојот колега Кенан Хасипи, Гајур Сарач претходно, Вие треба да имате респект спрема турската заедница, турската држава, турскиот народ кој безрезервно Македонците, македонските граѓани без разлика од која заедница доаѓаат, ги поддржуваше економски, морално, со лобирање, на секој начин, тоа се прави, а вие им враќате на овој начин. Господа, верувајте, како вам ви е лошо заради некои права и обврски што ви ветиле во Европската унија, па викаат, дај за нас попуштете, бидејќи ние сме неразвиени општини.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Аднан, ве молам да се држиме до зборот.

АДНАН ЌАХИЛ:

Во тој контекст дека, ете, ги бараме правата иако немаме право. Јас сум свесен дека некогаш немаме некои права во однос на законските и уставните решенија. Но треба да се покаже сенс, осет, дека и во оваа држава живеаат Турци, живее таа заедница, се лојални, послушни граѓани на оваа држава, граѓани кои плаќаат даноци, живееат за оваа држава и ќе живеат за оваа држава. Ние сме автохтон народ во едни историски околности кои живеат во оваа Македонија. Сме дале крв за слобода на Република Македонија. Ќе кажам еден факт и ќе завршам со ова. 1942-1945 година од 33 илјади мртви што даде Македонија за време на Втората светска војна над 7 илјади Турци дадоа крв за слобода на оваа држава. И, крвта на тие Турци е вградена, втемелена во демократијата што денеска уживаме. А, вие господо од власта, од коалицијата, вака им враќате на Турците. Сите права и обврски вклучително што и сега не прифаќате општина Врапчиште да остане автентична општина на Турците, враќате на начин што сите тие права а и обврски

им ги одземате на Турците. И во иднина не можам ништо да очекувам, ситуацијата се влошува, се влошува и се влошува, и јас не знам дали на овој начин ќе идете во Европска унија или ќе идеме во Европска унија и ќе бараме демократски принципи, а дома не си ги спроведуваме демократски принципите, правата и обврските.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Аднан.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманите.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата бидејќи ќе пристапиме кон гласање.

Уште еднаш ги повикувам пратениците да влезат во салата, ќе пристапиме кон гласање.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутниве пратеници.

(Службите го утврдуваат бројот на присутни пратеници).

Амандманот на член 10 под б) за додавање на нова точка 56-а по точката 56, поднесен од пратениците Кенан Хасипи, Гајур Сарач, Рафет Муминовиќ и Неждет Мустафа го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, 10 гласале за, 5 воздржани и 49 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Амандманот на член 12 за додавање на нова точка 45-а по точката 45, поднесен од пратениците Кенан Хасипи, Гајур Сарач, Рафет Муминовиќ и Неждет Мустафа го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеници, 9 гласале за, 6 воздржани и 50 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Амандманите на член 10 под б) за додавање на нова точка 67-а по точката 67 и на член 12 за додавање нова точка 67-а по точката 67, поднесени од пратениците Кенан

Хасипи, Гајур Сарач, Рафет Муминовиќ и Неждет Мустафа, точки 148 и 155 од списокот се суштински поврзани.

Предлагам по овие амандмани да водиме единствен претрес, а гласањето да го извршиме за секој од нив поодделно.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 61 за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Отворам претрес по амандманите на член 10 под б) за додавање нова точка 67-а по точката 67 и на член 12 за додавање нова точка 67-а по точката 67, поднесени од пратениците Кенан Хасипи, Гајур Сарач, Рафет Муминовиќ и Неждет Мустафа, од списокот редните броеви 148 и 155.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Гештаковски.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Амандманите се прифаќаат.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманите се прифатени и ставуваат составен дел од текстот на законот.

Повелете господине Аднан, процедурално.

АДНАН ЌАХИЛ:

Немам дискусија бидејќи амандманите стануваат составен дел. Би сакал да го поздравам министерот во врска со ова и Владата што го прифатија овој предлог амандманите да бидат составен дел на законот, но морам да потенцирам дека цело време се зборуваше дека треба да имаме допринос сите и позиција и опозиција во врска со децентрализацијата и предлозите што се даваат во законот.

Очигледно ваков еден предлог имаше опозицијата, се одби. Ако сакаше да се има сенс за прифатливоста, требаше ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Ќахил, ова не е процедурално.

Значи, амандманите на член 10 под б) за додавање нова точка 67-а по точката 67, амандманот поднесен од Кенан Хасипи, Гајур Сарач, Рафет Муминовиќ и Неждет Мустафа, станува составен дел од текстот.

Амандманот на член 12 за додавање нова точка 67-а по точката 67, поднесени од пратениците Кенан Хасипи, Гајур Сарач, Рафет Муминовиќ и Неждет Мустафа, станува составен дел од текстот на законот.

Следните амандмани не се споени со другите амандмани и со нив ќе се води претрес посебно според редоследот на списокот за претрес на амандманите.

Отворам претрес по амандманот на член 12 за менување на точка 13, поднесен од пратениците Кенан Хасипи, Гајур Сарач, Рафет Муминовиќ и Неждет Мустафа.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Гештаковски.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОСКИ:

Бидејќи овој амандман се однесува во дел на расправата што се водеше за општината Врапчиште, а дефакто се водеше за општина Неготино-Полошко, а кои се поврзани, претходните дискутанти ги изнесоа своите аргументи, тој амандман не беше прифатен, од тие причини и овој амандман не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Има збор господинот Кенан Хасипи, повелете.

КЕНАН ХАСИПИ:

Господине претседателе,

Кога ќе речете амандман на точка таа и таа, раздел тој и тој, населението не знае за што се работи. Затоа ве молам немојте барем вечерва да не замолчувате.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не, не ве замолчувам повелете.

КЕНАН ХАСИПИ:

Се работи за општина Врапчиште со населените места. За да населението знае за што се работи, амандманот во овој момент станува безпредметен од едноставна причина што не беше усвоен амандманот општина Неготино да остане во постојните граници. Зедов збор само да му објаснам на населението дека се работи за општина Врапчиште со населените места во нејзинот денешен состав.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Хасипи се извинувам, но јас колку што ве разбрав ви дадов збор да дискутирате, дискутиравте и за Врапчиште и за Неготино-Полошко. Вие ме замоливте, јас тоа го прифаќам.

Благодарам, ја прифаќам вашата забелешка.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ја прифаќам вашата забелешка.

Дали го повлекувате амандманот?

КЕНАН ХАСИПИ:

Не, но ставете го на гласање.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не можам бидејќи не се сите предлагачи тука.

Дали некој друг бара збор?( Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеници, 8 пратеници гласале за, 1 воздржан, 56 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 12 точка 17, поднесен од пратениците Кенан Хасипи, Гајур Сарач, Рафет Муминовиќ и Неждет Мустафа.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за локална самоуправа.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Господине претседателе и овој амандман се прифаќа под реден број 151.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандман на член 12 точка 41, поднесен од пратениците Кенан Хасипи, Гајур Сарач, Рафет Муминовиќ и Нежддет Мустафа под реден број 153.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за локална самоуправа.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Има збор господинот Кенан Хасипи.

КЕНАН ХАСИПИ:

Ако не се лажам, се работи за амандманот за Скудиње. Овој амандман во видоизменет облик беше прифатен на една од претходните расправи од колегите и јас го повлекувам амандманот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е повлечен. Бидејќи другите не се присутни, не можам тоа да го направам.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, 4 за амандманот, нема воздржани, 56 против.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 65 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Амандманите на член 10 под б) за додавање нова точка 70-а по точката 70 и на член 12 за додавање на нова точка 69-а по точката 69 и на точка 66, поднесени од пратеникот Ејуп Рустеми точки 149 и 156 од списокот се суштински поврзани.

Предлагам по овие амандмани да водиме единствен претрес, а гласањето да го извршиме за секој од нив одделно.

Предлогот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Гласале 55 пратеника, 53 за, 2 воздржани, нема против.

Во салата се присутни 64 пратеници.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Отворам претрес по амандманите на член 10 под б) за додавање нова точка 70-а по точката 70 и на член 12 за додавање нова точка 69-а по точката 69 и на точката 66, поднесени од пратеникот Ејуп Рустеми од списокот редните броеви 149 и 156.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за локална самоуправа.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Амандманите не се прифаќаат.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманите не се прифатени.

Има збор господинот Ејуп Рустеми.

ЕЈУП РУСТЕМИ:

Ви благодарам. Господине претседателе, почитуван министер, почитувани колеги пратеници. Амандманот што го поднесов се однесува на општина Џепчиште. Јас предлагам општина Џепчиште да остане како општина како што беше. Во сегашниот закон за територијална организација се предвидува оваа општина да се припои на општина Тетово. Кои се аргументите меѓу кои јас мислам дека оваа општина треба да остане како самостојна општина. Искуството на позитивното функционирање веќе 8 години велам искуство за позитивно функционирање бидејќи слободно можам да кажам дека е една од руралните општини кои што постигнале најголем успех дури во Република

Македонија  слободно можам да кажам со комплетно регулирана инфраструктура. Исто така, и со општински објект во овие последни 8 години регулирана целосно со што функционира нормално. Во врска со оваа општина кога станува збор кај објектот сакам да нагласам дека изградбата на овој објект еден мал дел е добиен од разни државни фондови, сакам да речам дека најголеми фондови се самите придонеси на граѓаните од општина Џепчиште. Што е карактеристично за оваа општина? Сакам да нагласам дека е една од општините каде што имаме солидна економска и финансиска состојба. Слободно можам да кажам дека е една од општините каде што засега постојат 239 субјекти деловни, но во овие деловни субјекти јас би ги нагласил тие дека 39 субјекти се ориентирани во производство што претставува една главна карактеристика на оваа општина. Кога станува збор за овие деловни субјекти, би рекол дека 94 субјекти каде што бројот на вработените тргнува од 4 до 25 вработени во еден деловен субјект. Оваа општина претставува  нова реалност во Република Македонија  каде што голем број од колегите ќе се согласат, верувам дека ќе се согласат и ќе го поддржат овој амандман што го поднесов бидејќи инвестициите се главно од домашните жители. Треба да се нагласи дека имаме еден нов менталитет, бидејќи инвестициите доаѓаат од домашните жители, но и од сограѓаните кои што живеат и работат надвор од државата кои што го донеле својот капитал, но и своето искуство добиено во Западна Европа. И сега со голем успех ги менаџираат, ги управуваат овие производствени претпријатија. Исто така, од значење е дека имаме и почетоци на странски инвестиции во соработка со домашниот капитал и имаме компании кои што се меѓу подобрите во Република Македонија  кои што имајќи го во предвид законот за територијална организација за кој што станува збор и законот за финансирање на локалната самоуправа. Оваа општина на ефикасен начин и рационален начин и со квалитет е може да ги реализира надлежностите предвидени со законот за локална самоуправа. Кога станува збор за овие економски капацитети, исто така треба да нагласиме дека овие капацитети се истовремено капацитети кои што поттикнуваат модернизација и развој на земјоделието бидејќи еден голем дел од населението се занимава со земјоделие. Велам дека на овие жители, на овие граѓани кои што се занимаваат со земјоделство е им се даде можност нивните продукти, производи да бидат

безбедни и да ги испорачаат во претпријатијата од областа на агробизнисот кои што постојат. Во оваа општина постојат три млекари и едно претпријатие за конзервирање на овошје и зеленчук и на други земјоделски производи. На ваков начин кога ги имаме предвид сите овие карактеристики, имајќи во предвид дека општина Џепчиште има 7.900 и нешто жители, бидејќи ги исполнува сите критериуми, јас верувам дека колегите ќе се согласат и ќе гласаат за една општина која што може да биде пример за многу други рурални општини во Република Македонија. Ќе гласаме за она за што сите се согласуваме, за една поголема економска стабилност и за среќа оваа општина ги има сите капацитети за да биде една солидна општина и една општина пример за Република Македонија. Не сакам повеќе да должам, верувам силно дека колегите ќе го поддржат овој амандман со што општина Џепчиште ќе продолжи да функционира и натаму како и до сега.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор господинот Зоран Томиќ.

ЗОРАН ТОМИЌ:

Почитуван претседателе, почитуван министер и почитувани колеги пратеници, мојата дискусија ќе биде сосема кратка. Имено, сметам дека предлагачот, мојот почитуван колега Ејуп Рустеми многу добро ја опиша состојбата во општина Џепчиште. Станува збор за редок пример во Република Македонија, станува збор за една многу успешна општина. Лично сметам дека навистина не само што ги има потребните инфраструктурни и економски потенцијали, туку не може, а да не се спомене еден факт што со колегата Ејуп заедно и со другите колеги од тетовскиот регион особено за врнежите и поплавите што ги имавме, заеднички дејствувавме таму и морам да кажам дека имавме една коректна и позитивна соработка со тамошниот Совет на локалната самоуправа и со градоначалникот. Особено морам да потенцирам дека господине претседателе и вие ја посетивте таа општина и навистина се уверивме сите заедно дека станвуа збор за една општина која што позитивно функционира, она што го кажа колегата Ејуп, туку лично мислам дека таа е една од најперспективните општини во Република Македонија. Јас мислев дека има 37, а колегата Ејуп ме исправи, сега се веќе

39 приватни стопански субјекти со еден огромен економски потенцијал и со сите оние да кажеме предности кои ги поседува оваа општина, а особено предностите, она што не стигна да каже колегата, мислам дека уште два се многу битни моменти, а тоа е блискоста со општината Тетово. И втората предност е тоа што од тука поминува и регионалниот, всушност меѓународен пат Тетово-Јажинце. Мислам дека сето тоа ни дава за право овие два амандмани во целост да ги поддржиме и јас лично ќе гласам за двата амандмани на колегата Ејуп Рустеми.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор господинот Исмет Рамадани.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Благодарам почитуван претседателе, јас сериозно немам аргументи кои се мотивите општина Џепчиште да не функционира и понатаму како општина. До колку некогаш стремиме да имаме успешни општини, дури и со речник кој може да го идеализира една општина, тогаш тоа е општина Џепчиште. И често пати од аргументите кои што сум ги слушнал и од тоа што знам општина Џепчиште функционира така како што функционираат општините во Словенија, кога земаме примери. Затоа и самото елаборирање што го направи пратеникот од тој крај, но и од тоа што на еден начин ни порача, ние не одговараме само како порака, туку и врз основа на аргументите. На крајот на краиштата сите критериуми ги исполнува и така имаме многу критериуми кои не сме ги почитувале поради специфични причини и разни карактеристики на општините. Ние во критериумите во законот за територијална организација на локалната самоуправа дека општината не треба  да има помалку од 5.000 жители. Ние имаме 13 општини кои имаат помалку од 5.000 жители. И кога ќе ги слушнеш овие аргументи и овие успеси на една општина, не можеш да бидеш индиферентен. И на крајот на краиштата, ве злоупотребувам и вас почитуван претседателе, вие сте биле брзо во  општина Џепчиште и сами сте се убедиле со аргументите дека  навистина станува збор за една многу успешна општина. Јас и покрај тоа ќе бидам  за да опстане како општина Џепчиште.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманите.

Ги молам пртениците да влезат во салата.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Амандманот на член 10 под б) за додавање нова точка 70-а по точката 70, поднесен од пратеникот Ејуп Рустеми го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеници, 5 за, воздржани нема, 52 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Амандманот на член 12 за додавање нова точка 69-а по точката 69 и на точка 66, поднесен од пратеникот Ејуп Рустеми го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, 6 за, нема воздржани, 53 против.

Во салата се присутни 62 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот на член 10 под б) за додавање нова точка 58-а по точката 58 поднесен од пратеникот Ѓорѓи Трендафилов, амандманот на член 10 под б) за додавање нова точка 59-а, по точката 59, поднесен од пратениците Ванчо Стаменков, Марија Којзеклиска, Ристана Лалчевска, Михајло Георгиевски, Никола Груевски, Сашко Кедев и Љупчо Балковски, амандманот на член 12 за додавање нова точка 47-а по точката 47 и на точката 68 поднесен од пратеникот Ѓорѓи Трендафилов и амандманот на член 12 за додавање нова точка 47-а по точката 47 и на точка 68, поднесен од пратениците Ванчо Стаменков, Марија Којзеклиска, Ристана Лалчевска, Михајло Георгиевски, Никола Груевски, Сашко Кедев и Љупчо Балковски, точките 33, 84, 85 и 116 од списокот се суштински поврзани.

Предлагам по овие амандмани да водиме единствен претрес, а гласасањето да го извршиме за секој од нив одделно.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 61 гласале за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Отворам претрес по амандманите на член 10 под б) за додавање нова точка 58-а по точката 58, поднесен од пратеникот Ѓорѓи Треднафилов, на член 10 под б) за додавање нова точка 59-а по точката 59, поднесен од пратениците Ванчо Стаменков, Марија Којзеклиска, Ристана Лалчевска, Михајло Георгиевски, Никола Груевски, Сашко Кедев и Љупчо Балковски, на член 12 за додавање нова точка 47-а по точката 47 и на токата 68, поднесен од пратеникот Ѓорѓи Трендафилов и на член 12 за додавање нова точка 47-а по точката 47, поднесен од пратениците Ванчо Стаменков, Марија Којзеклиска, Ристана Лалчевска, Михајло Георгиевски, Никола Груевски, Сашко Кедев и Љупчо Балковски, од списокот редните броеви 33,84,85 и 116.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Господине претседателе, почитувани пратеници,

Ова е амаднманот кој во име на Владата како претставник, согласно Деловникот побарав расправата да се одложи и се однесува на општината Облешево и Чешиново, која во Предлогот за донесување на закон со седиште беше во делот на Облешево.

Во текот на јавната расправа, по Прдлогот за донесување на закон, врз основа на одредени сознанија и дописи во Министерството за локална самоуправа, особено од месните заедници Бурилчево, Кучичино и Уларци кои ја изразија својата желба, кои се во сегашната општина Облешево, врз основа на комуникациските врски, врз основа на делот на комуницирање и во делот на развој, повеќе припаѓаат на делот на Чешиново и се одложи од страна на Парламентот расправата по овој амандман. Во меѓувреме имаше средба со претставниците на општината на Облешево кои укажаа дека доставените известувања врз основа на консултации на граѓаните на овие три месни заедници не ја одразуваат вистината и укажуваат свои аргументи во дело на седиштето на оваа општина. Од тие разговори јас си зедов обврска дека ќе се проверат поднесените

документи во делот на желбата на овие граѓани, и врз основа на разговорите со нив и договарањата, имавме средба со претставниците на општината Чешиново, кои ги потврдија аргументите кои беа изнесени во текот на јавната расправа.

Би сакал да укажам дека големината и на селската населба Облешево и на Чешиново се приближно исти, околу 1000 жители. Со оглед што предизвикаа интерес кај граѓаните, прдизвикаа одредена граѓанска непослушност и кај жителите на Чешиново и на Облешево, сигурно направивме посебни напори, иако иделано решение не можеме да изнајдеме во делот, тие се на ррастојание од околу 2 до 3 километри, понудивме одредени решенија во делот на рамките на законските овластувања од Законот кој го нудиме и во делот на преодните одредби, да се изнајдат заеднички решенија во оваа општина која сметаме нуди услови за поголем развој на двете досегашни општини Чешиново и Облешево, да се изнајдат одредени решенија на нивното функционирање во двете населби, со дел на пренесување на одредени надлежности, особено во комуналната сфера и средства од буџетот, до таков договор меѓу овие две заедници, односно селски населби не дојде и не бев известен.

Бидејќи аргументите кои беа изнесени во јавната расправа, останаа и понатаму доминантни во делот на седиштето, во Предлогот на закон да биде во Чешиново, со тие аргументи овие амандмани не се прифаќаат. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманите не се прифатени.

Дали некој бара збор?

Повелете господине Коце Трајановски, имате збор.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе,

Значи со оглед на тоа што е амандманот поднесен, меѓу другите и од пратеникот Ѓорѓи Трендафилов, значи и од пратеничката група ВМРО-ДПМНЕ, од пратениците кои што беа наведени, јас би сакал да кажам неколку збора да не испадне овој амандман да помине без дискусија. Иако според кажувањето на министерот не е прифатен

амандманот, мислам дека и парламентарното мнозинство нема да го прифати тоа, меѓутоа, нашата задача е да говориме и да ги кажеме нашите аргументи.

Изразувам жалење што и покрај тоа што за општината Облешево, на барање на министерот, беше одложена расправата, значи жалењето е тоа што не се прифатија амандманите и не останаа и двете општини, како што ние како пратеничка група заговаравме, значи да биде посебна и општина Облешево и општина Чешиново и со тоа мислам дека и нашата тенденција за 123 општини како критериум, како принцип го задржуваме. Инаку, индикативно е тоа што во првата фаза е предложено да биде општина Облешево, седиштето во општина Облешево, значи општината Облешево и општината Чешиново да бидат во една општина, општина Облешево со седиште во Облешево. И сега не знам поради што и поради какви се влијанија во втората фаза од Предлогот во точка 69 се вели општина Чешиново, со седиште во село Чешиново и наведени се сите села од општина Облешево.

Најверојатно се работи за големи, според мене, партиски притисоци, што вака Владата го измени својот предлог, значи покрај оставањето на крај на расправата за општината Облешево, Владата си остана на истиот став.

Само јас би сакал уште еднаш да кажам дека општината Облешево е општина со традиција, која постоела од 1955 до 1963 година, кога настанува окрупнувањето на општините во Република Македонија. Општина Облешево е понова општина од 1996 годна наваму. Таа брои 5300 жители, има осум населени места, има буџет околу 4 милиони денари. Седиштето на општината Облешево се наоѓа на магистралниот пат Штип-Кочани-Делчево-Република Бугарија, што дава предност во целокупниот развој и да биде заедничко седиште на двете општини, така да воопшто не можеме да ги разбереме аргументите поради кои седиштето е префрлено во општината Чешиново, иако реков дека ние како пратеничка група се заговаравме да бидат двете општини независни општини, впрочем и со амандманот така исто предлагавме.

Со оглед на тоа што се предлага општината Облешево да се издвои сега според новиот предлог од општината Чешиново, би сакал да кажам дека од 1996, значи од поновото постоење на општината Облешево како посебна единица на локалната

самоуправа, евидентен е развојот кој што го достигнува оваа општина. Од тој аспект, исто така, Владата би требала повеќе да размисли  општина Облешево да остане како посебна општина, во рамките на единиците на локалната самоуправа во Република Македонија.

Таму постои ветеринарна станица, противпожарен дом, културен дом, спортска сала, еден од најголемите сточни и зелени пазари во источниот дел на Република Македонија. Значи има ПТТ станица, амбуланта, основно училиште, општинска зграда, стара и нова.

Што се однесува до стопанските објекти во општината Облешево, има Рудник за опалит со околу 120 вработени, фабрика “Брегалница”, млин “Програс”, конфекција “Јанитекс”, млин “Петар”, млин “Гомил”, Авто “Белви” Автолакерски сервис, меѓународни шпедиции, бањолошки центар, Земјоделска задруга, неколку занаетчиски дуќани и сето тоа со вкупно 650 вработени, што не е мала бројка за една рурална општина.

Во однос на земјоделието, општина Облешево е на прво место во производство на ориз во Република Македонија, а на второ место по прозводство на шеќерна репка после Битола.

Затоа, да не набројувам понатаму, сметам дека општината Облешево има и економска оправданост, со постоењето на овие стопански објекти за да биде посебна општина, значи да се изводи од сегашната општина  Чешиново, меѓутоа, размислувањето на Владата е различно, протестите на граѓаните, на жителите на општина Облешево кои што непрекинато траеја десетина дена, и повеќе, не вродија со плод нивната општина да биде посебна општина и со тоа што се побара расправата да се одложи за на крај, жителите на постојната општина Облешево се понадеваа дека ќе биде уважено нивното барање за да имаат посебна општина, т.е. и понатаму да егзистира нивната општина. Тие не бараат ништо повеќе од тоа што го имаат, а сега им се ускратува тоа.

И затоа сметам дека тие граѓаните или жителите на општина Облешево се измамени во конкретниот случај.

Ние и како пратеничка група бевме повеќе подготвени тогаш да дискутираме, меѓутоа овој маневар, да го речам на Владата, очигледно остана успешен, успешен за општина Чешиново.

Затоа, уште еднаш ќе го изразам своте жалење, што оваа општина  не е посебна општина. Значи, пак држат оние аргументи дека ова е на некој начин и чекор кон централизација, значи од две општини се прави една поголема општина, се крши Европската повелба за локална самоуправа во членот 5, каде што без соглассност, или без прашање на жителите на постојната општина, се менуваат границите на оваа општина.

Од сите аспекти сметавме дека за општина Облешево, ќе се најде разбирање, меѓутоа, тоа е одлуката на Владата, парламентарното мнозинство ги слуша препораките на Владата, овои амандмани кои што ја третираат оваа општина нема да бидат усвоени и од наша страна можеме да изразиме жалење што тоа ќе биде така, со тоа што жителите на општина Облешево, па еве и на општина Чешиново на некој начин ќе бидат малку подалеку од локалната самоуправа, подалеку во смисла на тоа што сега го имаат, значи неразгледувајќи ја децентрализацијата од аспект на ингеренциите кои што од државно ниво се пренесуваат на локално ниво. Зборувам доколу останат како посебни општини, и со децентрализирање или со пренесувањето на ингеренциите на општините, граѓаните од двете општини би биле многу поблиску до локалната самопурава и во тој случај би била онаа вистинска децентрализација или она вистинско доближување на власта до граѓаните. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ

Дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амаднманите и ги повикувам пратениците да влезат, да пристапиме да гласаме, бидејќи се многу амандмани.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Во салата се присутни 59 пратеници и ги молам пратениците кои што се надвор да влезат во салата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ги молам пратениците да влезата во салата.

(Пратеници влегуваат во салата)

Ги молам службите сега да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата)

Во салата се присутни 61 пратеник.

Амандманот на член 10 под б) за додавање нова точка 58-а по точката 58, поднесен од пратеникот Ѓорѓи Трендафилов го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник.

5 гласале за амандманот, 1 воздржан и 55 против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Амандманот на член 10 под б) за додавање нова точка 59-а по точката 59, поднесен од пратениците Ванчо Стаменков, Марија Којзеклиска, Ристана Лалчевска, Михајло Георгиевски, Никола Груевски, Сашко Кедев и Љупчо Балковски го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника.

6 гласале за амандманот, воздржани нема, 56 против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Амандманот на член 12 за додавање нова точка 47-а по точката 47 и на точка 68, поднесен од пратеникот Ѓорѓи Трендафилов го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника.

6 гласале за амандманот, воздржани нема и против гласале 56.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Амандманот на член 12 за додавање нова точка 47-а по точката 47 и на точка 68 поднесен од пратениците Ванчо Стаменков, Марија Којзеклиска, Ристана Лалчевска, Михајло Георгиевски, Никола Груевски, Сашко Кедев и Љупчо Балковски го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник.

5 гласале за амандманот, воздржани нема, 56 против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Почитувани пратеници, утре во 10,оо часот продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Ја затворам денешната седница.

(Седницата прекина со работа во 22,20 часот)